**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**

ISSN-1857-9779

# Б И Л Т Е Н

**НА**

**УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**

**ВО СКОПЈЕ**

**Број 1179**

**Скопје, 1 ноември 2018 година**

**Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

Ул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје

**ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА**

**Уредник на издавачката дејност на УКИМ:**

**проф. д-р Никола ЈАНКУЛОВСКИ, ректор**

**Уредник на Билтенот: Томислав БАШЕВСКИ**

**Лектор: Весна Илиевска - Цветановска**

Бр. ___________

_5.8. 2013_

Скопје

**Предмет: Материјали за Билтенот за објавување на веб-страницата на УКиМ**

Согласно член 132, став 5 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ" бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011 и 123/2012), на веб-страницата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, од бројот 1059 од 15 август 2013 година, ќе се објавуваат рефератите за избор во наставно-научни, научни и соработнички звања, рецензиите за подобност на темата и оспособеноста на кандидатот за вршење научна работа, прегледите на одобрените докторски дисертации, прифатените магистерски и специјалистички теми, рецензиите на учебници и учебни помагала, како и рефератите за доделување на звањето почесен професор и титулата почесен доктор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј". По објавување на материјалите на веб-страницата, факултетите и институтите за своите потреби, истите треба да ги отпечатат во материјална форма за да можат да ги достават на членовите на наставно-научниот, односно научниот совет. Поради тоа, потребно е сите материјали што се предвидени за објавување во Билтенот на Универзитетот, благовремено да ги доставувате во **електронска форма**.

Поради усогласеност и униформност на текстовите потребно е материјалите за објавување да се доставуваат како Microsoft Word 2003 документи во кои исклучиво ќе се користи системскиот фонт **Georgia**. Овој фонт содржи богато множество на кирилични (македонски, српски, руски), латинични (со различни видови на надредени знаци), грчки и други знаци. Варијанта на овој фонт со корегирани знаци во италик формата за македонските букви '***g***', '***ū***', '***ш̄***', '***ī***' може да се добие во компјутерскиот центар на УКиМ на барање на факултетот. Исто така, таму може да се добие софтверско решение со кое може да се испрограмира тастатурата на персонален сметач кога работи под Windows XP оперативниот систем при притискање на копчето '`' во македонска поддршка да се добие знакот '**è**', а при притискање на копчето '~' во македонска поддршка да се добие знакот '**ѝ**'.

Поради запазување на роковите за објавување на материјалите во Билтенот, но и на веб-страницата, ве молиме, рефератите откако ќе бидат лекторирани, да ја доставите оригиналната верзија (лекторирана со потписите), а електронската верзија да ја доставите на e-mail адресата: t.basevski@ukim.edu.mk (so mali bukvi).

Неблаговремено доставените материјали и оние кои нема да бидат напишани согласно упатството нема да бидат објавени во тој број, туку ќе бидат поместени за објавување во наредниот број од Билтенот, односно откако ќе ја добиеме бараната верзија.

Ви благодариме за соработката.

Со почит,

**УКИМ-Ректорат**

Изготвил:Т.Б.

Одобрил:К.М.

**Содржина на Билтен број 1179 од 1 ноември 2018 година**


**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Градежниот факултет во Скопје **(Горан Божиновски, Сања Ристовска, Ѓоко Паскаловски, Вики Ристоска)**......................................................................................................................9

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на еден соработник во соработничко звање – асистент во научната област 20504 термотехника и термотехнички апарати и постројки што ја покрива Институтот за термичко инженерство на Машинскиот факултет во Скопје **(м-р Александар Ѓерасимовски)**.........................................................................................................10-12
2. Реферат за избор на еден соработник во соработничко звање – асистент во научната област техничка механика и механика на цврсто тело на Машинскиот факултет во Скопје **(м-р Маја Аначкова)**...............................................................................................................13-15
3. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Машинскиот факултет во Скопје **(Љупчо Грујовски, Дијана Османовиќ, Борче Трајков)**.................................16

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Асоцијации меѓу прекумерната тежина и дебелината со дефицит на витамин D кај деца од училишна возраст на Косово** од **д-р Алије Кека Силај,** пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје.....................17-24

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Спречивање и казнување на злосторството геноцид** од **м-р Мирослава Мирков,** пријавена на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.........................................................................................25-30

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од наставно-научните области: географија и други специфични подрачја (хидрологија, лимнологија, водните ресурси во функција на туризмот, рурална географија и стандардизација и усогласување на податоците) и климатологија, на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје **(д-р Иван Радевски)**.31-49
2. Реферат за избор на научен соработник од областа на сеизмологијата на Природно-математичкиот факултет во Скопје **(д-р Јасмина Најдовска)**...................................50-65
3. Реферат за избор на научен соработник од областа на сеизмологијата на Природно-математичкиот факултет во Скопје **(д-р Катерина Дрогрешка)**.................................66-77
4. Реферат за избор на еден асистент по група предмети од наставно-научните области: молекуларна биологија и генетика на Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет во Скопје **(д-р Славица Јосифовска)**..................................78-87
5. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Регионализација на Косово и Метохија** од кандидатката **м-р Бојана Јанџиковиќ,** пријавена на Природно-математичкиот факултет во Скопје.........................................................................88-92

6. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски труд на Природно-математичкиот факултет во Скопје **(м-р Горан Китевски)**.....................................................................93
7. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Природно-математичкиот факултет во Скопје **(Вјолца Мустафа, Антонио Кралевски, Билјана Митреска, Лилјана Ставреска)**.....................................................................................94-95

**ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) филмска и тв камера на Факултетот за драмски уметности во Скопје **(м-р Горан Трпчевски)**.....................................................................................96-111
2. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) филмско и тв сценарио на Факултетот за драмски уметности во Скопје **(м-р Сашо Кокаланов)**.....................................................................................112-123

**ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски труд на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје **(Емил Станков, Бобан Јоксимоски, Игор Трпевски, Моника Симјаноска, Илинка Иваноска, Ервин Домазет)**..................124
2. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје **(Георги Панчовски, Билјана Заева, Мартин Ристевски, Зана Адеми, Владимир Стојов, Георги Мишовски, Славчо Арсовски, Иван Кландев, Јулија Башеска, Вјоса Зенку, Александра Жбајанова-Мирческа, Сања Танчевска)**.......................................125-126

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЛИКОВНИ УМЕТНОСТИ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за ликовни уметности во Скопје **(Славчо Максимовски)**.....................................................................127

**ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област: видови инструменти (дувачки-саксофон) на Факултетот за музичка уметност во Скопје **(м-р Нинослав Димов)**.....................................................................................128-134
2. **Приговор** на Рефератот за избор на двајца наставници во сите наставно-научни звања по областа видови инструменти (пијано) на Факултетот за музичка уметност во Скопје, објавен во Билтен бр. 1177 од 1.10.2018 година, поднесен од **д-р Дуња Иванова**..................135-136
3. **Одговор** на Рецензентската комисија на приговорот на Рефератот за избор на двајца наставници во сите наставно-научни звања по областа видови инструменти (пијано) на Факултетот за музичка уметност во Скопје, објавен во Билтен бр. 1177 од 1.10.2018 година.....................................................................................137-138

**ФАКУЛТЕТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И ЗДРАВЈЕ**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Трансформационо морфо-функционални и моторички ефекти од специјално програмиран функционален тренинг кај фудбалери кои играат на различни позиции** од **м-р Жикица Тасевски,** пријавена на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје.....................................................................................139-143

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**


1. Реферат за избор на наставник во научните области дефектологија, методика, криминологија, заштита и помош на хендикепирани и социјална педагогија на Филозофскиот факултет во Скопје **(д-р Зоран Киткањ, д-р Десанка Угриновска)**........................................................................................................144-162
2. Рецензија на ракописот **Вештини на истражувањето: општите постапки во научната работа,** од **Виолета Панзова,** пријавен на Филозофскиот факултет во Скопје..............................................................................................................163-176
3. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Филозофскиот факултет во Скопје **(Ивана Зафирова, Милена Решкова, Јана Гочевска, Мартин Тасевски, Анцела Грубер, Кристијан Михајловски, Константин Бешлиоски, Сања Баланчевска, Коста Сивов, Јасна Божинова, Симона Георгиева, Даме Рајковски)**........................................................................................................177-178
4. Преглед на прифатени теми за изработка на специјалистички труд на Филозофскиот факултет во Скопје **(Орхидеја Поповска Пиперковска, Викторија Ацоска)**..........179


**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“**


1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) теорија на книжевноста (теорија и методологија на книжевноста) и историја на општата книжевност (книжевна херменевтика) на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје **(д-р Марија Ѓорѓиева Димова)**...............................................180-201
2. Реферат за избор во звањето редовен професор во наставно-научната област албанологија (синтакса на албанскиот јазик 1, синтакса на албанскиот јазик 2, граматика на албанскиот јазик 7 и граматика на албанскиот јазик 8) при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје **(д-р Ваљбона Тоска)**........................................................................................202-216
3. Реферат за избор во звањето доцент по наставно-научните области: дидактика на наставата по албански јазик 1 и 2 и дидактика на наставата по албанска книжевност 1 и 2 на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје **(д-р Фаркета Дибра - Зеќири)**........................................................................................................217-232
4. Реферат за избор во звањето доцент по предметот современ албански јазик на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје **(д-р Лулјета Адили Челику)**........................................................................................................233-242
5. Реферат за избор на еден асистент по современ македонски јазик на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје **(м-р Бојан Петревски)**................................................243-246
6. Реферат за избор на асистент по современ македонски јазик на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје **(м-р Бобан Карапејовски)**..........................................247-250
7. Реферат за избор на лектор по германски јазик на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје **(м-р Сашка Грујовска-Миланова)**.....................................................251-263
8. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски труд на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје **(м-р Шпреса Исмајли Алиу)**...........................................264


**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**


1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Современи карактеристики и перспективи на светските девизни пазари, со посебен осврт на девизниот пазар во Република Македонија** од **м-р Симка Јаневска**, пријавена на Економскиот институт во Скопје........................................................................................................265-271

**ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА**


1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Рецепција на античката литература во накедонскиата културна средина** од **м-р Дарин Ангеловски,** пријавена на Институтот за македонска литература во Скопје........................................................272-279
2. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Институтот за македонска литература во Скопје **(Катерина Димитровска)**..............................................................280

# ПРЕГЛЕД -468 27-09-2018
## НА ОДОБРЕНИ МАГИСТЕРСКИ ТЕМИ НА ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1 | **Горан Божиновски, дипл.геод. инж.** | **“Примена на сателитското позиционирање во геодетската оскултација на индустриски објекти“** | **"Usage of satellite positioning for geodetic auscultation of industrial structures"** | **проф. д-р Златко Србиноски** | 02-2/87-77 од 27-09-2018 |
| 2 | **Сања Ристовска дипл.геод. инж.** | **„3Д катастарските системи како прогресивни можности за утврдување на конкурентни пазарни вредности за недвижностите“** | **"3D cadastral systems with progressive opportunities for determining competitive market values for the real estate"** | **проф. д-р Ванчо Ѓорѓиев** | 02-2/87-78 од 27-09-2018 |
| 3 | **Ѓоко Паскаловски, дипл.град. инж.** | **“Споредбена анализа на конструктивни модели на двоводни далеководни столбови“** | **"Comparative analysis of structural design for double circuit transmission towers"** | **проф. д-р Петар Цветановски** | 02-2/87-79 од 27-09-2018 |
| 4 | **Вики Ристоска, дипл.геод. инж.** | **“Анализа на стандардите за дистрибуција на просторни податоци базирани на клиент – сервер комуникацијата“** | **"Analysis of the standards for the distribution of spatial data based on client-server communication"** | **проф. д-р Ѓорѓи Ѓорѓиев** | 02-2/87-80 од 27-09-2018 |

# Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН СОРАБОТНИК ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ - АСИСТЕНТ ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ 20504 ТЕРМОТЕХНИКА И ТЕРМОТЕХНИЧКИ АПАРАТИ И ПОСТРОЈКИ ШТО ЈА ПОКРИВА ИСТИТУТОТ ЗА ТЕРМИЧКО ИНЖЕНЕРСТВО НА МАШИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Машински факултет – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха” на 9.10.2018 година, за избор на еден соработник во соработночко звање - асистент во научната област 20504 термотехника и термотехнички апарати и постројки што ја покрива Институтот за термичко инженерство и врз основа на Одлуката на Наставно – научниот совет, бр.02-1993/2, донесена на 25.10.2018 година, формирана е Комисија во состав: проф. д-р Доне Ташевски, проф. д-р Ристо Филкоски и вонр. проф. д-р Филип Мојсовски на Машинскиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација, го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс, за избор на еден соработник во соработничко звање - асистент во научната област 20504 термотехника и термотехнички апарати и постројки што ја покрива Институтот за термичко инженерство, во предвидениот рок се пријави кандидатот Александар Ѓерасимовски.

### 1. Биографски податоци и образование

Кандидатот м-р Александар Ѓерасимовски, дипл.маш.инж., е роден на 19 декември 1994 година во Скопје. Основно образование завршил во ОУ “Мирче Ацев”, а средно образование во гимназијата СУГС „Раде Јовчески Корчагин” – Скопје, со континуиран одличен успех. За време на основното и средното образование учествувал на регионални и државни натпревари по математика и физика и има освојувано голем број на награди, поради што добивал стипендија за талентирани ученици од Министерството за образование и наука.

Студиите на Машинскиот факултет во Скопје, студиска програма Термичко инженерство (прв циклус), ги запишал во учебната 2013 / 2014 година. Првата година од студиите ја завршил со просечна оценка 10,00 и добивал стипендија од АД ЕЛЕМ – Скопје, како дел од нивната програма за стимулирање на студентите од енергетските насоки на Факултетот. За време на студиите бил демонстратор по предметите од областа на математиката. Факултетот го завршил со просечна оценка 9,95 и дипломирал на 29.6.2017 година како најдобар студент од својата генерација, за што добил признание од УКИМ и му бил доделен „инженерски прстен“ од страна на Комората на овластени инженери и архитекти и Инженерската институција на Македонија.

Постдипломските студии на Машинскиот факултет во Скопје (втор циклус) ги запишал во учебната 2017 / 2018 година. Како најдобар студент од генерацијата од Машинскиот факултет во Скопје му била доделена стипендија за постдипломски студии. Студиите ги завршил со просечна оценка 10,00. Магистерската работа со наслов „Комбинирани компресорско – ејекторски полигенеративни системи” ја одбранил на 9.10.2018 година.

Во периодот февруари – август 2018 година бил вработен во фирмата „Еуромак контрол“.

Кандидатот има изработено 16 научни и стручни трудови од областа на термичкото инженерство и екологијата. Трудовите се однесуваат на комбинираните компресорско – ејекторски полигенеративни системи и на термичките мерења.

Кандидатот има доставено меѓународен сертификат за познавање на англискиот јазик, како и познавање на германски, француски и италијански јазик.

Од програмските пакети работи во: Microsoft Office, MatLab, AutoCAD, Solid Works и ANSYS Fluent.

## Заклучок и предлог

Врз основа на целокупната доставена документација, членовите на Рецензентската комисија констатираа дека кандидатот Александар Ѓерасимовски во целост ги исполнува условите наведени во конкурсот и ги задоволува критериумите предвидени во Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно – научни, научни, наставно – стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје.

Врз основа на претходно изнесеното, Рецензентската комисија со задоволство му предлага на Наставнонаучниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, кандидатот м-р Александар Ѓерасимовски, дипл. маш. инж., да биде избран во соработничко звање асистент во научната област 20504 термотехника и термотехнички апарати и постројки.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Доне Ташевски, Машински факултет – Скопје с.р.

2. Проф. д-р Ристо Филкоски, Машински факултет – Скопје с.р.

3. Вон. Проф. д-р Филип Мојсовски, Машински факултет – Скопје с.р.

Р Е Ф Е Р А Т

# ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН СОРАБОТНИК ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ-АСИСТЕНТ ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТЕХНИЧКА МЕХАНИКА И МЕХАНИКА НА ЦВРСТО ТЕЛО НА МАШИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Машински факултет - Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 9.10.2018 година, за избор на еден соработник во соработничко звање - асистент во научната област техничка механика и механика на цврсто тело и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-2018/2, донесена на 25.10.2018 г., формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Даме Коруноски, редовен професор на Машинскиот факултет во Скопје, д-р Златко Петрески, редовен професор на Машинскиот факултет во Скопје и д-р Виктор Гаврилоски, редовен професор на Машинскиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на еден соработник во соработничко звање- асистент во научната област техничка механика и механика на цврсто тело, во предвидениот рок се пријави м-р Маја Аначкова, дипл. маш. инж.

### 1. Биографски податоци и образование

Кандидатката м-р Маја Аначкова, дипл. маш. инж., е родена на 19.9.1993 година во Скопје, Република Македонија. Средно образование завршила во СУГС „Р.Ј.Корчагин“ во Скопје, во 2012 г., со одличен успех во сите четири години. Во учебната 2012/2013 г. се запишала на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на Машинскиот факултет, на насоката мехатроника. Додипломските студии (240 ЕКТС) ги завршила во јуни 2016 г. со просечен успех 9,85, за што ѝ е доделено признание од Машинскиот факултет за постигнатиот успех, како и признание од Фондацијата „Димитар Стамболиев“.

Во текот на своите додипломски студии, кандидатката посетувала практична работа во „Вабтек“ МЗТ - Скопје во отсекот Инженеринг во периодот од јуни 2016 до август 2016 г., во „Енерго систем“ - Скопје во периодот од јануари 2016 до јуни 2016 г., и во „Хај-теч“, во периодот од септември 2015 до декември 2015 г.

Во периодот од август 2016 до април 2017 г., таа била вработена како машински инженер во „Иноватива Констракшн Груп“.

Во април 2017 г. била избрана за стипендист на Фондацијата „Кочо Анѓушев“ и станува соработник-истражувач на Машинскиот факултет во Скопје, при што активно е вклучена во научноистражувачката и апликативната дејност како на Институтот, така и на Факултетот.

Во учебната 2017/2018 г. се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на Машинскиот факултет во Скопје. Вториот циклус студии (60 ЕКТС) и завршила во октомври 2018 г. со просечен успех 10,00, со магистерскиот труд на тема: „Методологија за испитување на структурни параметри на елементи од статор на генератор“ , со што се стекнала со звањето магистер на технички науки по машинство.

Кандидатката доставила меѓународен сертификат за познавање на англиски јазик, како и уверение за познавање на англиски јазик издадено од УКИМ, Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје, со што докажува одлично познавање на англискиот јазик.

## 2. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

За време на своите студии, кандидатката била демонстратор на Институтот за математика во периодот од септември 2013 до јуни 2016 г. по предметите Математика и Програмирање.

Во периодот од април 2017 г. до сега, таа била ангажирана на Машинскиот факултет како соработник-истражувач и демонстратор по предметите што ги покрива Институтот за механика и учествувала во организација на делот од вежби по предмети од областа на механиката: Статика, Механика 1, Механика 2, Јакост на материјалите, Кинематика и динамика, Динамика и осцилации на материјални системи, Вибрации и бучава, како и во предметите од областа на мехатрониката: Вовед во мехатроника, Мехатронички системи, Сензори и мерење и процесирање на сигнали.

## 3. СТРУЧНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ

Во периодот додека активно учествува во активностите на Институтот за механика како соработник-истражувач и демонстратор, кандидатката континуирано се надградува. Кандидатката м-р Маја Аначкова објавила 4 научни трудови од областа на вибрациите, оригами-инженерството и биоинспирираното инженерство:

- “Impact testing of end-winding in two hydro generators in different temperature state“, 32nd International Conference on Vibroengineering, 22-24,05.2018, Brno, Czech Republic;
- „Modeling of multi locomotion of soft robot“, ETAI, 20-22.10.2018, Struga;
- ,,Design,modeling and prototyping of bio-inspired mobile robot actuated by piezoelectric transducers“, ETAI, 20-22.10.2018, Struga;
- „Modular origami robot inspired by a scorpion tail“, SMASIS2018, 10-12.09.2018, San Antonio,Texas.

Кандидатката има учествувано на две меѓународни конференции:

- учество на конференцијата JVE Conferences on Vibroengineering во Брно, во мај 2018 г.
- учество на конференцијата ETAI во Охрид, во септември 2018 г.

## 4. ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната и стручно-научната дејност на м-р Маја Аначкова.

Погоре изнесените податоци укажуваат на тоа дека м-р Маја Аначкова била активно вклучена во наставно-образовниот процес како демонстратор по повеќе предмети што ги покрива Институтот за механика. Кон извршувањето на работните обврски пристапувала многу сериозно, а паралелно со тоа, успешно работела на сопственото научно и стручно усовршување.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката, Комисијата заклучи дека м-р Маја Аначкова поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето асистент во научната област техничка механика и механика на цврсто тело.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, м-р Маја Аначкова да биде избрана во звањето асистент во научната област техничка механика и механика на цврсто тело.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. **Проф. д-р Даме Коруноски**
2. **Проф. д-р Златко Петрески**
3. **Проф. д-р Виктор Гаврилоски**

# П Р Е Г Л Е Д

на теми за изработка на магистерски труд прифатени од

Наставно-научниот совет на Машински факултет во Скопје

на седницата одржана на 27.09.2018 година

**Магистерски трудови**

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Љупчо Грујовски | Развој на иновативен модел за трансфер на системите на менаџирање од меѓународна на домашна компанија | Development of innovative model for transfer of management systems from international to domestic company | Проф. д-р Радмил Поленаковиќ | 02-697/4 27.09.2018 год. |
| 2. | Дијана Османовиќ | Анализа на клучните влијателни фактори врз нивото на залихи и нивната корелација со перформансите на компаниите | Analysis of the key influential factors on inventory level and their correlation with company performance | Проф. д-р Роберт Миновски | 02-1802/2 27.09.2018 год. |
| 3. | Борче Трајков | Технологија на репаратура на сегмент од стезен прстен за електрода со леење | Technology for repair of a segment of electrode pressure ring using founding | Проф. д-р Јован Гочев | 02-1820/2 27.09.2018 год. |

# Р Е Ц Е Н З И ЈА

за оцена на докторската дисертација „**АСОЦИЈАЦИИ МЕЃУ ПРЕКУМЕРНАТА ТЕЖИНА И ДЕБЕЛИНАТА СО ДЕФИЦИТ НА ВИТАМИН D КАЈ ДЕЦА ОД УЧИЛИШНА ВОЗРАСТ НА КОСОВО**“, од д-р Алије Кека Силај, пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на својата XIII редовна седница одржана на 2.10.2018година формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката д-р Алије Кека Силај со наслов „**Асоцијации меѓу прекумерната тежина и дебелината со дефицит на витамин D кај деца од училишна возраст на Косово**“, во состав: проф. д-р Катарина Ставриќ (претседател), проф. д-р Даниела Миладинова (ментор), проф. д-р Мирјана Кочова (член), проф. д-р Бети Зафирова Ивановска (член) и доц. д-р Ана Угринска (член).

По разгледувањето на докторската дисертација, Комисијата во наведениот состав има чест до Наставно-научниот совет да го достави следниов:

## <u>И З В Е Ш Т А Ј</u>

### Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатката д-р Алије Кека Силај, со наслов „Асоцијации меѓу прекумерната тежина и дебелината со дефицит на витамин Д кај деца од училишна возраст на Косово“, содржи 144 страници компјутерски обработен текст и 210 библиографски единици меѓу кои научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во 7 поглавја, распоредени последователно, и кои содржат: вовед, хипотеза, цели на истражувањето, материјал и методи, резултати, дискусија на добиените резултати, по што следат заклучните согледувања. Содржината е поткрепена со листа на скратеници користени во дисертацијата,

листа на графикони (вкупно 45), како и табели (вкупно 172), а приложен е во целина користениот анкетен прашалник. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

**Првото поглавје - воведот** е соодветно конципиран и дава актуелен осврт на дебелината/згоеноста, дефинирајќи ја како хронично, мултифакторијално заболување, кое резултира со екцесивна депозиција на масти. Најчесто се појавува како резултат на интеракција помеѓу генетските фактори и факторите на околината, вклучувајќи бихејвиорални, социјални, културелни, психолошки и метаболички фактори. Дефинирана е како зголемена вредност на индексот на телесна маса (ИТМ) во однос на кореспондирачките персентили за соодветната возраст. Индексот на телесна маса не претставува мерка за количеството на масно ткиво во организмот, но корелира со параметри кои директно го определуваат количеството на масно ткиво, како што е дебелината на кожна дипла, биоелектричната импеданца, дензитометријата, двоенергетската апсорпциометрија со Хзраци. Детално се опишани и другите мерки кои се користат во проценка на згоеноста, а исто така се дадени и најновите епидемиолошки податоци од Светската здравствена организација, според кои згоеноста во последните децении станува не само медицински, туку се поголем јавноздравствен и социјален проблем. Докторантката посебно ги разгледува причините за дебелината како што се седентарниот начин на живот и нездравите навики во исхраната. Згоените деца имаат зголемен ризик за појава на голем број кардиоваскуларни, респираторни и ортопедски заболувања, како и метаболички нарушувања, пред се зголемена инциденца на дијабетес тип 2, дислипидемија, атеросклероза, хипертензија, левовентрикуларна хипертрофија, sleep apnea, астма, неалкохолна хепатална стеатоза и разни психолошки коморбидитети.

Витаминот D спаѓа во групата на липосолубилни витамини со бројни улоги во одржувањето на оптималното здравје, пред се во правилниот раст на коските. Објаснет е во детали метаболичкиот пат на витаминот D, неговата синтеза во кожата, како и биолошките ефекти врз калциумот, фосфорот и коскениот метаболизам. За одржување на нивото на витамин D во организмот, освен кожната синтеза, во 10-50 % од вкупната количина на витамин D во организмот придонесува исхраната (рибино масло, лосос, печурки, квасец и разни видови зеленчук). Вредностите на 25OH D во серумот претставуваат најдостапен и најчесто одредуван индикатор за количеството на витамин D во организмот. Во воведот се наведени и различните лабораториски методи (хемолуминисцентни, имуноадсорптивни методи) користени за проценка на витамин D статусот. За точното дефинирање на нивото на витамин Д во организмот користени се препораките на Европското ендокринолошко здружение, дефинирајќи ги вредностите на 25OH Д во серумот под 20ng/ml како витамин D дефицитни, вредностите од 20 до 29ng/ml како инсуфициентни, а вредностите од 30 до 100ng/ml како соодветни за нормален раст и развој на организмот. Во посебни потподглавја разгледани се причините за недоволното количество, како и можните последици по здравјето, пред се

поврзаноста на згоеноста со дефицитот на витамин D во детскиот организам. Наведени се и препораките за суплементација на витаминот D во групите со посебен ризик од дефицитот, ставајќи акцент на згоени деца и адолесценти.

Во последното потпоглавје од воведот, докторантката го објаснува мотивот и оправданоста за изработката на дисертацијата. Драматичното зголемување на преваленцата на згоеност во светски размери, вклучително и во детската популација и непостоењето на прецизни податоци за преваленца на згоеност, како нивото на витамин D во детската возраст во средината во која докторантката работи беа најзначајниот мотив за изработка на докторската дисертација. Од педијатриски аспект е многу значајно дека згоените деца се со повисок ризик за развој на разни коморбидитети, дел од нив поврзани и со инсуфициенција на витамин D. Дефинирањето на најчестите причини за згоеноста во детската возраст, ќе ги дефинира попрецизно превентивните и интервенциски мерки за детската згоеност. Лабораториска проценка на метаболичките нарушувања, како и воведување на скрининг за детекција на нивото на витамин D се очекува да даде дополнителни препораки за правилен третман на згоеноста во детската возраст.

**Хипотезите** на дисертацијата се јасно дефинирани и се однесуваат на корелација на ИТМ со другите антропометриски параметри значајни за потврдување на згоеноста, како и асоцијација, односно негативната корелација на дефицит на витамин D со зголемената телесна тежина.

**Целите на истражувањето** се дефинирани како општи и специфични. Општата цел беше да се определи зачестеноста на згоеноста кај учениците на возраст од 9 до 13 години на Косово и да се прикажат најчестите причини за зголемената телесна тежина. Специфична цел беше да се определи асоцијацијата поеѓу зголемената телесна тежина и дефицитот на витамин D кај прекумерно тешки и згоени деца.

Во делот за **материјал и методи,** студијата е дефинирана како проспективна, лонгитудинална, рандомизирана, пресечна. Во почетокот беа вклучени 500 деца на возраст од 9 до 13 години од повеќе основни училишта во главниот град на Косово. Во испитуваната група се одредија антропометриски параметри (телесна тежина, телесна висина, индекс на телесна маса, обем на надлактица, обем на половината и натколеницата). Преку тие параметри индиректно се процени квантитетот на висцералното и поткожното масно ткиво. Исто така, се одреди обем на кожна дипла на надлактицата и карлицата. По добиената информирана согласност, децата заедно со родителите/старателите пополнуваа прашалник, од кои одговори се анализираа причините за зголемената телесна тежина. Прашалникот вклучуваше демографски податоци (пол, возраст, место на живеење), социодемографски и епидемиолошки податоци на семејството (возраст на родителите, број на членови во семејството, како и годишен приход), податоци за телесна тежина висина, крвна група, Rh-фактор на децата и родителите, податоци за пренаталниот и наталниот развој, навики во искхраната,

интензитет на физичка активност, како и интензитетот на седентерната активност. Децата кај кои беше забележана зголемена телесна тежина (вкупно 130) беа повикани за понатамошна евалуација со одредување на лабораториски анализи-хемограм, седиментација, гликоза, холестерол, триглицериди, AST, ALT, тотален и директен билирубин уреа и креатинин Во истата група деца, посебно беше одделена крв за одредување на 25OH D во текот на пролетните месеци.

**Статистичката анализа** беше извршена во статистичкиот програм SPSS за Windows 17.0. Категориските податоци беа прикажани со дистрибуции на фреквенции, а квантитативните податоци со средни вредности и стандардни девијации. За компарирање на анлизираните варијабли беа користени непараметриски и параметриски тестови за независни примероци (Chi-square тест, Student-ов t–тест, Ficher-exact тест, Mann Whitney тест, ANOVA one-way тест). Поврзаноста меѓу варијаблите беше анализирана со Pearson-ов коефициент на линеарна корелација и Spearman-ов коефициент на ранк корелација. За одредување на предиктивното влијание на варијаблите беше користена линеарна регресиона анализа. Вредностите на $p<0,05$ беа земени за статистички сигнификантни.

Р**езултатите** се детално прикажани и обработени, изразени низ графици и табели, со текстуален опис на добиените бројки.

**Дискусијата** содржи анализа на резултатите, коментари и споредба со светски искуства од оваа област. Во неа е дадено соодветно толкување на добиените резултати, кое е логично и лесно разбирливо.

## Краток опис на резултатите од истражувањето

Во дисертацијата докторантката го разгледува поопширно проблемот на зголемената телесна тежина/згоеноста кај училишните деца, наведувајќи дека постои различна застапеност (3,5-31,7%) објавена во англосаксонските и медитеранските земји споредено со земјите на Централна Европа. Податоците од истражувањето се првите релевантни податоци објавени за застапеноста на згоеноста/зголемената телесна тежина кај косовските деца. Драматичен пораст на преваленцата на дебели/згоени деца се забележува во многу земји во последните децении. Застапеноста на дефицитот на витамин D дефицитот добива епидемиски размери во детската и возрасната популација, згоеноста претставува ризикфактор за дефицит на витамин D дефицит и инверзно корелира со неговите вредности во серумот. Дискутирани се механизмите за алтерираниот метаболизам на витамин D во услови на екцесивно масно ткиво. Во литературата се објавени вредности за витамин Д дефицит кај обезни деца многу поизразен во однос на истата возрасна група со нормална телесна тежина (52 наспроти 8, односно 25 %), како и силна инверзна корелација на вредностите на витамин D метаболитите со антропометриските параметри. Потребите за витамин D кај обезните се значајно поголеми, што укажува на значајноста на мониторирањето и третирањето на

витамин D дефицитот во насока на намалување на штетните ефекти што згоеноста ги дава на човековиот организам, особено во помлада возраст доведувајќи до зголемен ризик за појава на различни заболувања (кардиоваскуларни, малигни, ендокрини-дијабетес).

## Исполнетост на законските услови за одбрана на трудот

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд ги објавила (како прв автор, во меѓународни научни списанија) следниве рецензирани истражувачки трудови:

1. **Alije Keka Sylaj**, Atifete Ramosaj, Emir Behluli, Daniela Miladinova. **Overweight and obesity in Kosovo school children** Journal of the Macedonian Association of Physiologist and Antropologist. “Physioacta” ISSN 1857-5587.

2. **Alije Keka Sylaj,** Atifete Ramosaj, Ibrahim Behluli, Bajram Nuraj, Sadi Bexheti, Vjosa Kotori, Merita Kasumi, Daniela Miladinova. **Vitamin D insufficiency among children with overweight and obesity.** Journal of the Macedonian Medical Association. Macedonian Medical Review. ISSN: 0025-1097.2018; 72(2), www.mld.mk.

## ЗАКЛУЧОК

Од трудот се изведени заклучоци, кои произлегуваат од добиените резултати и даваат одговор на поставените цели и научни дилеми.

Од истражувањето во докторската дисертација се добија податоци за инциденцата на зголемената телесна тежина/згоеноста кај училишните деца на Косово, како и асоцираноста на таа состојба со дефицитот на витамин D дефицит. Раната детекција на витамин D дефицит кај младата популација би требало да овозможи превентивни ефекти на намалувањето на ризикот од појава на коскени, малигни заболувања, хипертензија и дијабет. Суплементарна диета или превентивни дози на витамин D би биле од значење, како ефикасни превентивни мерки со цел намалување на несаканите влијанија на прекумерната телесна тежина/згоеноста врз глобалното здравје.

## Оцена на трудот

Докторската дисертација на кандидатката д-р Алије Кека Силај, со наслов „Асоцијации меѓу прекумерната тежина и дебелината со дефицит на витамин Д кај деца од училишна возраст на Косово“, претставува истражување од областа на клиничката медицина, во специјалноста педијатрија.

Во трудот се разгледува поопширно проблемот на зголемената телесна тежина/згоеноста кај училишните деца со напомена дека згоеноста кај децата и возрасните претставува еден од најсериозните јавноздравствени проблеми на 21 век. Податоците од истражувањето се првите релевантни податоци објавени за застапеноста на зголемената телесна тежина/згоеноста кај ксовските деца. Дефицитот на витамин D исто така добива епидемиски размери кај детската и возрасната популација во последниве децении. Трудот претставува прва студија која ја истражува поврзаноста на зголемената телесна тежина со дефицит на витамин D кај школските деца. Згоеноста е ризик фактор за дефицитот на витамин D и инверзно корелира со неговите вредности во серумот. Дискутирани се механизмите за алтерираниот метаболизам на витамин D во услови на екцесивно масно ткиво. Потребите за витамин D кај овие лица се значајно поголеми, што укажува на значајноста на мониторирањето и третирањето на дефицитот на витамин D во насока на намалување на штетните ефекти што згоеноста ги предизвикува врз здравјето, особено во помладата возраст, доведувајќи до зголемен ризик за појава на различни заболувања (кардиоваскуларни, малигни, ендокрини-дијабетес).

Резултатите на студијата укажуваат на зголемена потреба од преземање на различни превентивни активности, со цел намалување на преваленцата на детската згоеност, и тоа во смисла на:

- едукација на децата, родителите и пошироката заедница за значењето на консумирање здрава храна;
- препораки, совети и поддршка за стекнување на здрави навики за исхраната во рамките на училишните оброци;
- ангажирање на децата со редовна физичка активност во училиштата;
- усвојување на здрави навики за спиење и следење на нормален дневноноќен ритам;
- промоција на доењето како најздрав начин на исхрана во доенечката возраст;
- информирање и едукација на семејството за значењето на здравата исхрана и физичката активност во превенција на згоеноста кај децата;
- поголемо вклучување на училишно базираните превентивни програми;
- високата преваленца на дефицитот на витамин D укажува на евентуална потреба од скрининг на витамин D во детската возраст.

Докторската дисертација на кандидатката д-р Алије Кека Силај, со наслов „Асоцијации меѓу прекумерната тежина и дебелината со дефицит на витамин D кај деца од училишна возраст на Косово“ според Комисијата за оцена, ги исполнува

основните услови и стандарди за солидна докторска дисертација со значајна апликативна вредност.

## Заклучок и предлог

Подрачјето на работа на оваа докторска дисертација има широка апликативна дејност со оглед на актуелноста на проблемот што го обработува. Дебелината во детската возраст добива епидемиски размери на глобално ниво, присутна е не само во богатите земји, туку и во помалку развиените подложни на трансформација, како што е средината во којашто е работена дисертацијата. Големото значење на студијата е што за првпат ја претставува преваленцата на згоеноста кај школските деца на Косово. Податоцте од прашалниците укажуваат на сигнификантна корелација на ИТМ на децата со вредноста на ИТМ на мајката, но не и на таткото. Поголем ИТМ имаат деца  што живеат во поголемо семејство и оние чии родители имаат понизок степен на образование и пониска социоекономскаположба во општеството. Навиките за исхрана со се поголемото користење на брза храна, како и седентерниот начин на живот со слабата физичка активност имаат влијание врз зголемената појава на згоеноста. Оригиналниот придонес на истражувањето на оваа дисертација кон етиопатогенезата на згоеноста претставува одредувањето на серумски витамин D кај деца со прекумерна телесна тежина. Вредностите на витамин D се значајно пониски кај згоените деца, во споредба со оние што се со зголемена телесна немаатимаат прекумерна телесна тежина, покажувајќи негативна корелација помеѓу ИТМ и нивото на серумскиот витамин D, поизразени во женскиот пол. Голем број студии укажуваат на поврзаноста на повисок ИТМ со пониско ниво на витамин D, поради што се доаѓа до заклучок дека дебелината претставува значаен ризик фактор за развој на дефицитот на витамин D. Од тука произлегува дека скринингот и одредувањето на нивото на витамин D кај школските деца создава можност за навременото третирање на дефицитот, со  што би се ублажиле несаканите сериозни системски ефекти до кои води зголемената телесна тежина, односно згоеноста.

Главни научни придонеси на изработената докторска дисертација се следниве:

1. одредување на преваленца на прекумерна телесна тежина/згоеност кај школските деца на Косово;

2. корелација на ИТМ со други антропометриски методи кои можат да се користат за потврда на згоеноста, како дополнителни клинички проценки;

3. децата со прекумерна телесна тежина имаат повисока преваленца на дефицит на витамин Д, особено изразен во групата на згоени женски деца;

4. неопходно е преземање на бројни јавноздравствени чекори и превентивни мерки, едукација на семејството и наставниците, здравствена едукација во семејството и

училиштето, со цел поефикасно да се влијае на факторите на околината, кои доведуваат до зголемена појава на згоеноста во детската возраст;

5. рутинскиот скрининг на витамин D во детската возраст и превенција на неговиот дефицит со користење на суплементи се очекува да ја намалат инциденцата на коморбидните состојби асоцирани со згоеноста.

Комисијата, по направената детална анализа на трудот, смета дека докторската дисертација „Асоцијации меѓу прекумерната тежина и дебелината со дефицит на витамин D кај деца од училишна возраст на Косово“, според актуелноста, зацртаните цели, прикажаниот материјал, методологијата и резултатите, целосно ги задоволува принципите на научна работа, има солидна апликативна вредност, како и предуслови да биде продолжена и надградувана. Докторантката покажа квалитет во оформувањето на стручната и научната мисла, солиден капацитет за научна работа, способност за аналитичко мислење во толкувањето на резултатите и нивната компарација со податоците од релевантната литература.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката д-р Алије Кека Силај со наслов „Асоцијации меѓу прекумерната тежина и дебелината со дефицит на витамин D кај деца од училишна возраст на Косово“.

**КОМИСИЈА**

1. Проф. д-р Катарина Ставриќ, претседател, с.р.
2. Проф. д-р Даниела Миладинова, ментор, с.р.
3. Проф. д-р Мирјана Кочова, член, с.р.
4. Проф. д-р Бети Зафирова Ивановска, член, с.р.
5. Доц. д-р Ана Угринска, член, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „СПРЕЧУВАЊЕ И КАЗНУВАЊЕ НА ЗЛОСТОРСТВОТО ГЕНОЦИД“ ОД М-Р МИРОСЛАВА МИРКОВ, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на седницата одржана на 5.9.2018 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Мирослава Мирков со наслов ,,Спречување и казнување на злосторството геноцид“, во состав: проф. д-р Владо Камбовски (ментор), проф. д-р Никола Тупанчески, проф. д-р Татјана Петрушевска, проф. д-р Гордана Лажетиќ и проф. д-р Гордан Калајџиев.

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје му го поднесува следниов

## **И З В Е Ш Т А Ј**

### **Анализа на трудот**

Докторската дисертација на кандидатката м-р Мирослава Мирков, со наслов „Спречување и казнување на злосторството геноцид“, содржи 232 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина на букви 12, со 351 фуснота, 247 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти, судска практика на домашни, странски и меѓународни судови и интернет-ресурси.

*Предмет на истражување во овој труд е* дефинирање на кривичното дело геноцид согласно со меѓународното право и преземање на мерки од страна на државите за спречување на идно случување на злосторството геноцид преку казнување на сторителите на кривични дела согласно со меѓународното право.

Трудот е структуриран во 5 дела, вовед, заклучни согледувања со препораки и користена литература. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во воведот, изложени се предметот и целите на истражувањето, хипотезата, истражувачките прашања, теоретската рамка и методите на истражувањето. Натаму,

во воведот се елаборира *системот на излагање* што се имплементира во докторската дисертација. На ова место, всушност, се дефинираат *тематските целини* што ќе се разгледуваат во секоја од главите. Како секоја глава има сопствена тема на анализа, последниве се доведуваат во врска со основната теза така што секоја глава има засебна функција во аргументацијата на основната теза на докторската дисертација. Основна цел на кандидатката во трудот е да се презентира суштината на проблематиката за меѓународна одговорност на сторителите на злосторството геноцид, да се утврдат условите за постоење на меѓународна одговорност, потреба од преземање на конкретни мерки од страна на државите за гонење и казнување на сторителите на геноцид во согласност со меѓународното право и неуспехот на меѓународната заедница навремено да дејствува со цел да се спречи случување на геноцид.

**Првиот дел** од докторската дисертација е насловен **Развој на системот на меѓународно кривично право**. Како што посочува и самиот наслов, во него кандидатката најпрво го претставува цивилизацискиот развој и почетокот на формирањето на држави преку најпознатите теории за формирање на државната формација, појавата и развојот на современото меѓународно кривично право и кодификација на меѓународното право преку хашките конвенции. Во продолжение на овој дел, кандидатката ги претставува геноцидните практики кои и претходат на меѓународната инкриминација и првата дефиниција за геноцид.

Во **вториот дел** под наслов **Меѓународна кривична одговорност** кандидатката најнапред темелно го дефинира поимот геноцид. Во продолжение, кандидатката детално го разработува создавањето на Нирнбершкиот трибунал поради потребата од дефинирање и казнување на меѓународните злосторства, донесувањето на Конвенција за спречување и казнување на злосторството геноцид и инструментите на меѓународната заедница за заштита на човековите права и спречување на геноцид.

Во **третиот дел** под наслов **Современи појави на геноцид и нивно спречување,** кандидатката најнапред поединечно ги разработува геноцидот во Руанда и геноцидот во Босна и Херцегоцина, со посебно внимание на неуспехот на меѓународната заедница за дејствување и нивно спречување. Во продолжение, кандидатката детално го разработува создавањето на инструментите на ООН за казнување на сторителите на геноцид, како што се Меѓународниот трибунал за поранешна Југославија, Меѓународниот трибунал за Руанда и постојаниот Меѓународен Кривичен суд. Во овој дел, кандидатката детално разработува конкретни случаи на геноцид и казнување на сторителите пред овие јурисдикции.

Во **четвртиот дел** под наслов **Вооружен конфликт во Република Македонија и примена на меѓународно кривично право**, кандидатката ги претставува причините за појавата на вооружен конфликт во

Република Македонија и потребата за нивно спречување со потпишување на Охридскиот договор. Во овој дел, кандидатката детално ги разработува Законот за амнестија за материјална, територијална и временска надлежност на Хашкиот трибунал пред националните судови, Законот за соработка меѓу Република Македонија и Меѓународниот кривичен трибунал за поранешна Југославија и случаите Бошковски и Тарчуловски пред Меѓународниот кривичен трибунал за поранешна Југославија.

Во **петтиот дел** под наслов **Компаративна анализа на современите законодавства**, кандидатката детално ја разработува правната рамка за универзална јурисдикција во кривичните законодавства на различни држави како што се Република Македонија, Србија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Германија и Франција. Во овој дел, кандидатката употребува компаративна анализа за утврдување на сличности и разлики во правната рамка за универзална јурисдикција на овие држави за спречување и казнување на меѓународни злосторства.

Сумарен преглед на заклучоците до кои доаѓа во секој од наведените делови, кандидатката дава во последниот **шести дел Заклучоци и препораки**. Тука кандидатката препорачува да се изготви силна стратегија и да се презземат конкретни мерки за спречување и казнување на злосторството геноцид од страна на меѓународната заедница и поединечните држави, која би делувала преку криминолошки и политички соодветни средства на казнена репресија и соодветна превенција која ќе ги содржи основните принципи на меѓународното кривично право со цел за ефективно и навремено дејствување за спречување на злосторството геноцид, што произлегува од неспособноста на меѓународната заедница да ги спречи геноцидните акти во минатото. Кандидатката укажува на потребата од преземање на мерки за рано предупредување за геноцид што ќе ги надгледува државите каде што постои веројатност за случување на геноцид како што е создавање на Комитет за геноцид, средствата за јавно информирање да создадат поефикасни начини за ширење на информации за геноцидни дејства, создавање на специјални организации за собирање на изјави од целни групи, стационирање на хуманитарни работници и новинари во областите каде што се случува геноцид и создавање на Светски геноциден трибунал кој би имал овластување да им суди на поединци и на влади кои извршиле геноцид. Кандидатката препорачува зајакнување на улогата на веќе постојните трибунали и на постојаниот Меѓународен кривичен суд, спроведување на измени и дополнувања во кривичната законска регулатива на државите со цел да се овозможи судење на случаите за меѓународни злосторства пред локалните судови, склучување на договори за соработка помеѓу државите и донесување од страна на државите на закони за меѓународна соработка во кривични работи во согласност со меѓународните страндарди.

**Оцена на трудот**

Докторската дисертација на кандидатката м-р Мирослава Мирков, со наслов „Спречување и казнување на злосторството геноцид“, претставува самостојно и корисно истражување на релевантна казненоправна проблематика што претставува научен придонес во казненоправната наука, во која пополнува една забележлива и незаслужено создадена празнина. Свртувајќи го научниот интерес кон злосторството геноцид, дисертацијата на кандидатката м-р Мирослава Мирков завлегува во општествена сфера што има витално значење за одржување на меѓународниот мир како една од највисоките правни вредности и стабилност на општествените односи, како основен предуслов за непречено уживање на основните човекови слободи и права, исполнување на правните должности и остварување на развојните општествени цели.

Сложеноста на предметот на истражување, како и фактот дека тој е релативно запоставен во домашната казненоправна мисла, претставува и предизвик, но крие и бројни опасности во поставувањето на целите и методолошкиот пристап. Од една страна, флуидноста на поимот геноцид имплицира широк дијапазон на консидерации и можности за формулирање на различни пристапи за спречување и казнување на кривичното дело геноцид.

Кандидатката успешно се справува со тематските и методолошките предизвици, јасно дефинирајќи ги целите на истражувањето, основната хипотетичка и теоретска рамка и методите на истражувањето приспособени на целите и сообразени со појдовните хипотези. Детектирајќи ги слабостите на меѓународната заедница и на казненоправната рамка на државите за спречување и казнување на злосторството геноцид, тој формулира прифатливи предлози за подобрување на системот на превенција и репресија на злосторството геноцид, кое во општеството што станува се поконфликтно по различни основи, се заканува да прерасне во континуирана деструкција на цели групи. Исправно и прифатливо е начелното стојалиште, што го дели кандидатката, дека само вистинската мера на реакција сообразена со универзалниот корпус на човекови слободи и права соодветствува на постулатите на демократската правна држава.

Врз такви начелни позиции, кандидатката го определува релативно прецизно поимот геноцид, казненоправниот режим на кривичното дело геноцид во компаративниот контекст на избрани законодавства и потребата од универзална јурисдикција.

Анализирајќи ја казнената политика на меѓународните и домашните судови, во врска со изречените санкции и судски пресуди, кандидатката успешно ги претставува основните карактеристики на функционирањето на системот на казнена правда во спречувањето и казнувањето на злосторството геноцид, со издржани забелешки и предлози за нивно подобрување. Поаѓајќи од барањето за комплементарен пристап на криминалната политика кон

злосторството геноцид, кандидатката го анализира системот на неговата превенција и активностите на меѓународната заедница и државните и другите институциии (образованието, медиумите и др.), посебно нагласувајќи ја потребата од подигање на нивните капацитети заради зајакнување на нивното превентивно дејство.

Своите заклучни согледби кандидатката ги сублимира низ предлогот за изготвување посебна стратегија за превенција и репресија на злосторството геноцид, којашто би била заснована врз конзистентен криминално-политички и казненоправен концепт. Врз таквиот приод се формулирани нејзините заклучоци и предлози за подобрување на законската рамка во државите и методите на меѓусебна соработка во меѓународната заедница, како и за зголемување на нивната ефикасност во борбата против злосторството геноцид. Издржани се и нејзините заклучоци и предлози што се однесуваат на меѓународните и државните судови, подобрувањето на квалитетот и ефикасноста на казнените постапки и примената на различни санкции кои му стојат на располагање на судот во пресудувањето на злосторството геноцид.

Во подготовката на дисертацијата, кандидатката користела соодветна домашна и странска литература и други извори, што се коректно цитирани како теоретска поддршка на нејзините аргументирани стојалишта, изложени на јасен и приемчив начин и стил што одговара на лингвистичките и логичките правила на казненоправната догматика.

**Заклучок и предлог**

Докторската дисертација на кандидатката м-р Мирослава Мирков, со наслов „Спречување и казнување на злосторството геноцид“, според мислењето на Комисијата за оцена ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд. Трудот несомнено претставува значаен придонес во домашната казненоправна литература и ќе претставува солидна основа за натамошни истражувања во оваа сфера не само на кандидатката, туку и на сите други кои натаму ќе се занимаваат со оваа област.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Мирослава Мирков со наслов „Спречување и казнување на злосторството геноцид“.

**КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНА И ОДБРАНА**

Проф. д-р Владо Камбовски (ментор)

____________________________________

Проф. д-р Татјана Петрушевска

____________________________________

Проф. д-р  Никола Тупанчевски

____________________________________

Проф. д-р. Гордана Лажетиќ

____________________________________

Проф. д-р Гордан Калајџиев

____________________________________

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ: ГЕОГРАФИЈА И ДРУГИ СПЕЦИФИЧНИ ПОДРАЧЈА (ХИДРОЛОГИЈА, ЛИМНОЛОГИЈА, ВОДНИТЕ РЕСУРСИ ВО ФУНКЦИЈА НА ТУРИЗМОТ, РУРАЛНА ГЕОГРАФИЈА И СТАНДАРДИЗАЦИЈА И УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ) И КЛИМАТОЛОГИЈА, НА ИНСТИТУТОТ ЗА ГЕОГРАФИЈА ПРИ ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ПМФ - Скопје објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 25-26.8.2018 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од наставно-научните области: *географија* и *други специфични подрачја* (Хидрологија, Лимнологија, Водните ресурси во функција на туризмот, Рурална географија и Стандардизација и усогласување на податоците) и *климатологија*, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-1435/3, донесена на 3.10.2018 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Олгица Димитровска, редовен професор на Природно-математичкиот факултет, д-р Михаило Зиков, редовен професор на Природно-математичкиот факултет (во пензија) и д-р Ристо Мијалов, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од наставно-научните области: *географија* и *други специфични подрачја* (хидрологија, лимнологија, водните ресурси во функција на туризмот, рурална географија и стандардизација и усогласување на податоците) и *климатологија*, во предвидениот рок се пријави д-р Иван Радевски. доцент на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

1. **БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Кандидатот доц. д-р Иван Радевски е роден на 14.2.1984 година во Битола, каде што завршил основно и средно образование. На Природно-математичкиот факултет во Скопје, на Институтот за географија, се запишал во учебната 2002/2003 година. Во текот на студирањето, во мај 2005, на 32. Приматијада одржана во Будва (СЦГ), Иван Радевски освоил прво место по географија во конкуренција на девет универзитети. Дипломирал на 10.7.2006 година, во рок од 3 години и осум месеци, со просек 9,00, со што се стекнал со академско звање - дипломиран професор по географија. Воедно, Иван Радевски е прогласен за најдобар студент на генерацијата студенти од Институтот за географија, во академската 2005/2006 година.

Од јануари 2007 година се запишал на втор циклус (магистерски) студии по Физичка географија, односно групата за хидрологија. На 15.10.2010 година го одбранил магистерскиот труд на тема “Големите води во горниот дел на Црна Река” и се стекнал со академската титула магистер на географски науки.

Во текот на академската 2005/2006 година бил ангажиран како демонстратор по предметите: Картографија, Географија на природни ресурси, Физичка географија на Република Македонија и Регионална географија. Во текот на академската 2006/2007 е повторно ангажиран како демонстратор по предметитеХхидрологија, Основи на географија, Географски аспекти за заштита на животната средина и Географија на природни ресурси. На 28.12.2006 година Иван Радевски е избран за помлад асистент на Институтот за географија по група предмети од областа на физичката географија-Хидрологија (Општа хидрологија, Водни ресурси, Лимнологија, Хидрологија на реки, Лавини, Хидрологија, Хидрологија на мочуришта). На 29.10.2010 година Иван Радевски е повторно избран за помлад асистент на Институтот за географија при ПМФ во Скопје по група предмети од областа на физичката географија-хидрологија (Општа хидрологија, Водни ресурси, Лимнологија, Хидрологија на реки, Лавини, Хидрологија на мочуришта и Физичка географија на Република Македонија). Во звањето асистент, Иван Радевски е избран на 4.7.2011 година.

На 8.7.2013 година ја одбранил докторската дисертација со наслов “Хидрологија и водостопански проблеми во сливот на Крива Река” под менторство на проф.д-р Михаило Зиков. Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на науки од научната област географија.

На 27.2.2014 година е избран во звањето доцент на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик и има положено курс за странски јазици во овластен едукативен центар.

Во однос на компјутерската техника, д-р Иван Радевски ги познава следниве програми: Microsoft Office (Word, Excel, Powerpoint), Surfer 12, Global Mapper 12, MapViewer 7, XL-Stat, SPSS, AnClim, Hydrognomon и други софтвери поврзани со хидрологијата и физичката географија.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. 1009 од 1.6.2011 година и 1069 од 15.1.2014 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

### Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Природно-математички факултет, Институтот за географија, кандидатот д-р Иван Радевски изведува настава по предметите Хидрологија, Климатологија и лимнологија, Водните ресурси во функција на

туризмот, Рурална географија, Стандардизација и усогласување на податоците и Социо-економски структури на населението, на прв циклус студии на студиските програми Наставна географија, ГИС, Туризам и на Демографија. Ангажиран е и на вториот циклус студии по Наставна географија и ГИС со предметите Хидрологија и Климатологија. На третиот циклус студии на Институтот за географија е ангажиран по предметите Хидрологија и Климатологија.

Кандидатот бил ментор на 3 дипломски труда.

Кандидатот учествувал како член во комисија за оцена/или одбрана на 37 дипломски и на 3 магистерски труда.

Д-р Иван Радевски е рецензент на два универзитетски учебника, а има подготвено и пакет материјали за сите предмети кои ги предава на Институтот за географија.

**Други активности кои припаѓаат во наставно-образовната дејност, релевантни за изборот.**

Конкретните активности се наведени во табелата во Анекс 2 (член 2) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Иван Радевски има објавено вкупно 32 научни и стручни трудови. Во периодот од последниот избор во звањето доцент од 2014 до 2017 година има објавено вкупно 14 трудови од обласа на хидрологијата и климатологијата, од кои 5 научни труда во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание), кадешто посебно треба да се истакне објавувањето на еден труд во престижното списание Science (IF=37.2), 3 труда во меѓународни научни списанија и 6 труда во зборници од научни собири со меѓународен уредувачки одбор.

Д-р Иван Радевски е учесник во 7 национални, односно 1 меѓународен научен проект. Кандидатот од последниот избор во звањето доцент бил учесник на два меѓународни научни собира во Германија и Бугарија со орална, односно постерска презентација.

**Други активности кои припаѓаат во научноистражувачката дејност, релевантни за изборот.**

Називите на трудовите, проектите и сл. се наведени во табелата во Анекс 2 (член 3/член 4) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Иван Радевски активно е вклучен во стручно-апликативната работа на Институтот за географија и дејноста поврзана со географијата. Учествувал во изработка на веб страна со инфо систем и база на податоци, учесник е во комисиите за државни натпревари по географија, има одржано повеќе предавања и интервјуа а воедно има извршено и превод на повеќе меѓународни статии за потребите на географијата.

Особена активност кандидатот покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучен во работата на стручни комисии и работни групи при Природно-математичкиот факултет и Институтот за географија.

Д-р Иван Радевски е уредник на меѓународното научно списание Acta Geobalcanica, а воедно е и член на уредувачкиот одбор на 4 меѓународни научни списанија. Кандидатот бил претседател на организациониот одбор на 2 меѓународни научни собири и член на организациониот одбор на 5 меѓународни научни собири.

Д-р Иван Радевски од 2011 година до денес е активен член на меѓународната организација International Association of Hydrological Sciences (IAHS).

Бил член на 1 рецензентска комисија за избор на лица во наставно-научно звање.

Во изборниот период, д-р Иван Радевски учествувал во изготвување и пријавување на 2 научни меѓународни проекта.

**Други активности од Анекс 1 кои припаѓаат во стручно-апликативната дејност и дејноста од поширок интерес, релевантни за изборот.**

Конкретните активности се наведени во табелата во Анекс 2 (член 5) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатот д-р Иван Радевски доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Природно-математичкиот факултет.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Иван Радевски.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Иван Радевски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето вонреден професор по група предмети од наставно-научните области: *географија* и *други специфични подрачја* (хидрологија, лимнологија, водните ресурси во функција на туризмот, рурална географија и стандардизација и усогласување на податоците) и *климатологија*.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, д-р Иван Радевски да биде избран во звањето **вонреден професор** по група предмети од наставно-научните области: *географија* и *други специфични подрачја* (хидрологија, лимнологија, водните ресурси во функција на туризмот, рурална географија и стандардизација и усогласување на податоците) и *климатологија*.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Д-р Олгица Димитровска, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје, с.р.

   ______________________________________

2. Д-р Михаило Зиков, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје (во пензија) , с.р.

   ______________________________________

3. Д-р Ристо Мијалов, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје, с.р.

   ______________________________________

**АНЕКС 2**

## ОБРАЗЕЦ

## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Иван Кирил Радевски**

(име, татково име и презиме)

**Институција:** **Природно-математички факултет, Институт за географија**

(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** **географија**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. бр. | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Одржување на настава** | |
| 1.1 | **- од прв циклус студии**<br><br>**Летен 2013/2014**<br>*Социоекономски структури на нас. (3+2)* 3x15x0.04=1.8<br>*Рурална географија (3+2)* 3x15x0.04=1.8<br>*Управување со ГИС - податоци (2+1)* 2x15x0.04=1.2<br>*Интерни и екстерни бази на податоци (2+1)* 2x15x0.04=1.2<br>**Зимски 2014/15**<br>*Хидрологија (3+2)* 3x15x0.04=1.8<br>*Водни ресурси во функција на туризмот (2+1)* 2x15x0.04=1.2 | **47,4** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | *Населението и туристичкиот пазар(2+1)* | 2x15x0.04=1.2 | |
| | **Летен 2014/2015** | | |
| | *Социоеконмски структури на нас. (3+2)* | 3x15x0.04=1.8 | |
| | *ГНСС (4+4)* | 4x15x0.04=2.4 | |
| | *Управување со ГИС - податоци (2+1)* | 2x15x0.04=1.2 | |
| | *Интерни и екстерни бази на податоци (2+1)* | 2x15x0.04=1.2 | |
| | **Зимски 2015/16** | | |
| | *Хидрологија (3+2)* | 3x15x0.04=1.8 | |
| | *Водни ресурси во функција на туризмот (2+1)* | 2x15x0.04=1.2 | |
| | *Населението и туристичкиот пазар(2+1)* | 2x15x0.04=1.2 | |
| | **Летен 2015/2016** | | |
| | *Климатологија (3+2)* | 3x15x0.04=1.8 | |
| | *Социоеконмски структури на нас. (3+2)* | 3x15x0.04=1.8 | |
| | *Управување со ГИС - податоци (2+1)* | 2x15x0.04=1.2 | |
| | *Интерни и екстерни бази на податоци (2+1)* | 2x15x0.04=1.2 | |
| | **Зимски 2016/17** | | |
| | *Хидрологија (3+2)* | 3x15x0.04=1.8 | |
| | *Водни ресурси во функција на туризмот (2+1)* | 2x15x0.04=1.2 | |
| | *Населението и туристичкиот пазар(2+1)* | 2x15x0.04=1.2 | |
| | **Летен 2016/2017** | | |
| | *Климатологија (3+2)* | 3x15x0.04=1.8 | |
| | *Лимнологија* | 2x15x0.04=1.2 | |
| | *Управување со ГИС - податоци (2+1)* | 2x15x0.04=1.2 | |
| | *Интерни и екстерни бази на податоци (2+1)* | 2x15x0.04=1.2 | |
| | **Зимски 2017/18** | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1.2 | *Хидролоīија (3+2)*<br>*Водни ресурси во функција на ūуризмоū (2+1)*<br>*Населениеūо и ūурисūичкиоū ūазар(2+1)*<br>*Сūандардизација и усоī. на ūодаūоциūе (2+1)*<br>**Летен 2018/19**<br>*Климаūолоīија (3+2)*<br>*ГНСС (4+4)*<br>*Уūравување со ГИС - ūодаūоци (2+1)*<br>*Инūерни иексūерни бази на ūодаūоци (2+1)*<br><br>**- од втор циклус студии**<br>**2015/2016**<br>*Хидролоīија (2+2)*<br><br>**2016/2017**<br>*Хидролоīија (2+2)*<br><br>**2017/2018**<br>*Хидролоīија (2+2)* | 3x15x0.04=1.8<br>2x15x0.04=1.2<br>2x15x0.04=1.2<br>2x15x0.04=1.2<br><br>3x15x0.04=1.8<br>2x15x0.04=1.2<br>2x15x0.04=1.2<br>2x15x0.04=1.2<br><br><br><br>2x15x0.05=1.2<br><br><br>2x15x0.05=1.2<br><br><br>2x15x0.05=1.2 | **3,6** |
| 1.3 | **- од трет циклус студии** | | / |

| | | |
|---|---|---|
| 2 | **Настава во школи и работилници** | / |
| 3 | **Подготовка на нов предмет**<br>**- предавања**<br>1. Социоекономски с-ри на населението<br>2. Стандардизација и усогласувањње на податоците<br>3. Хидрологија<br>4. Климатологија<br>4 x 1 = 3 | **4** |
| 4 | **Консултации со студенти**<br>1. Летен семестар 2013/14 — 29 * 0.002<br>2. Зимски семестар 2014/2015 — 109 * 0.002<br>3. Летен семестар 2014/2015 — 109 * 0.002<br>4. Зимски семестар 2015/2016 — 98 * 0.002<br>5. Летен семестар 2015/2016 — 98 * 0.002<br>6. Зимски семестар 2016/2017 — 88 * 0.002<br>7. Летен семестар 2016/2017 — 88 * 0.002<br>8. Зимски семестар 2017/2018 — 70 * 0.002<br>9. Летен семестар 2018/2019 — 71 * 0.002<br>(760* 0,002 поени) | **1,52** |
| 5 | **Ментор на дипломска работа**<br>Во периодот 2014-2018, ментор на 3 дипломски работи<br>(3x0,2=1.6) | **0,6** |
| 6 | **Член на комисија за оцена или одбрана на докторат** | / |
| 7 | **Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура** | **0.3** |

| | | |
|---|---|---|
| | Во периодот 2013-2017, член на комисија во одбрана на 3 магистерски труда<br>(1x 0.3=0.3) | |
| 8 | **Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа**<br>Во периодот 2013-2017, член на комисија за одбрана на 37 дипломски работи<br>(37*0.1=3.7) | **3.7** |
| 9 | **Рецензент на универзитетски учебник**<br>1. Петрушевски, И., Маркоски Б. (2014) Реките во Р. Македонија, Геомап, Скопје.<br>2. Котески Цане (2013). Реките во Тиквеш, Скопје<br>(2x 1=2) | **2** |
| 10 | **Пакет материјали за одреден предмет**<br>1. Социоекономски с-ри на населението<br>2. Стандардизација и усогласување на податоците<br>(2 x 1=2) | **2** |
| | **ВКУПНО ПОЕНИ** | **65.12** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. бр. | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | **Учесник во национални научни проекти**<br>1. Digitizing of agricultural cadastre in Scotland. Intelligent Network Solutions. 2017-2018 (Expert in Physical Geography).<br>2. Achieving Biodiversity Conservation through Creation and Effective Management of Protected Areas and Mainstreaming Biodiversity into Land Use | **21** |

| | | |
|---|---|---|
| | Planning. GEF Trust Fund, Implementation agency: UNDP.2017-2018 (Expert in hydrography/hydrology).<br>3. Touristic valorisation of the geographical heritage on the Skopska Crna Gora Mountain analyzed in the frame of the Skopje Planning Region. Geobalcanica Society. 2016 (Expert in physical geography).<br>4. Carte géographique-base pour la création d'une maquette donnant un aperçu sur le Front d'Orient en 1916. INSTITUT FRANÇAIS DE SKOPJE. Expert dans le domaine des systèmes d'information géographique. 2016 (експерт по физичка географија).<br>5. *Физибилити - студии за атрактивни локации во Република Македонија за развој на алтернативен и планински туризам*, Министерство за економија на Република Македонија. 10/2015 *(експерт по физичка географија).*<br>6. *Студија за проценка на можностите за развој на туристички активности на вода во реките и кањоните (кајакарство, едрење и возење низ кањони и клисури)*, Министерство за економија на Република Македонија 10/2015. *(експерт по хидрологија ).*<br>7. *Организација и воспоставување географски информациски систем на езерата во Република Македонија*, ПМФ-Институт за географија (2014-)*(експерт по хидрологија)*<br>[7x 3=21] | |
| 2 | **Учесник во меѓународен научен проект**<br>1. *Building on the Virtual Western Balkans Center for Hydro-meteorological Services and Climate Change*, CEI-Central European Initiative; 2015 (Expert in climatology and hydrology);<br>[1 x 5=5] | **5** |
| 3 | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор [10] [6+IF]**<br>1. Milevski, I., Dragicevic, S. and **Radevski, I.**, 2017. GIS and Remote Sensing based natural hazard modelling of Kriva River catchment, Republic of Macedonia. Zeitschrift für Geomorphologie, Supplementary Issues, 61(2), pp.213-228. | **63,3**<br><br>6*0.8+1,1= **5,9** |

| | | |
|---|---|---|
| | 2. Blöschl, G., Hall, J., Parajka, J., Perdigão, R. A. P., Merz, B., Arheimer, B., Aronica G.T, Bilibashi, A., Bonacci, O., Borga, M., Čanjevac, I., Castellarin, A., Chirico, G.B., Claps, C., Fiala, K., Frolova, K., Gorbachova, L., Gül, A., Hannaford, J., Harrigan, S., Kireeva, M., Kiss, A., Kjeldsen, T. R., Kohnová, S., Koskela, J. J., Ledvinka, O., Macdonald, N., Mavrova-Guirguinova, M., Mediero, L., Merz, R., Molnar, P., Montanari, A., Murphy, C., Osuch, M., Ovcharuk, V., **Radevski, I.**, Rogger, M., Salinas, J. L., Sauquet, E., Šraj, M., Szolgay, J., Viglione, A., Volpi, E., Wilson, D., Zaimi, K. and Živković, N. (2017). Changing climate shifts timing of European floods. Science, 357(6351), 588-590. DOI: 10.1126/science.aan2506<br>3. **Radevski, I.** & Gorin, S. (2017). Floodplain analysis for different return periods of river Vardar in Tikvesh Valley (Republic of Macedonia). Carpathian Journal of Earth and Environmental Sciences, 12(1), 179-187.<br>4. **Radevski, I.,** Gorin, S., Dimitrovska, O., Milevski, I., Apostolovska-Toshevska, B., Taleska, M., & Zlatanoski, V. (2016). Estimation of maximum annual discharges by frequency analysis with four probability distributions in case of non-homogeneous time series (Kazani karst spring in Republic of Macedonia. *Acta Carsologica*, *45*(3), 253. http://dx.doi.org/10.3986/ac.v45i3.1544<br>5. Vasileski, D., & **Radevski, I.** (2014): Analysis of high waters on the Kriva Reka River, Macedonia. Acta Geographica Slovenica, 54(2), 363-377, doi: http://dx.doi.org/10.3986/AGS54209 | 6*0.6+37.2=**40.8**<br><br>6*0.9+0.88=**6,28**<br><br>6*0.6+0.79=**4,39** |

| | | |
|---|---|---|
| | | 6*0.9+0.53=**5,93** |
| 4 | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во стручно/научно популарно списание со меѓународен уредувачки одбор [10, 11] [3]**<br>1. **Radevski, I.,** Gorin, S., Milevski, I., Dimitrovska, O. & Zlatanoski, V. (2015). Estimating annual simple water balance on Kriva Reka catchment using multiple linear regression. Geographical Reviews, 48, 35-42<br>2. Dimitrovska, O., **Radevski, I.,** Gorin, S., Milevski, I. & Apostolovska-Toshevska, B. (2015). Groundwater in the Treska River drainage basin and the risk of its pollution. Geographical Reviews, 48, 43-51<br>3. Milevski, I., **Radevski, I,** Dimitrovska, O., Svemir, G. (2015). Digital Model of the Mean Annual Temperature and Precipitation in Macedonia. Geographical Reviews, 48, Skopje, 33-39 | **10,8**<br>6*0.6=**3,6**<br>6*0.6=**3,6**<br>6*0.6=**3,6** |
| 5 | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки [10, 11]**<br>1. Eremchenko, E., Gorin, S., Tikunov, V., & **Radevski, I.** (2017). Digital earth as next step in cartography. *International Scientific Conference Geobalcanica 2017, held in Skopje, 20-21 May 2017 - Proceedings Book* (pp. 121-126). http://dx.doi.org/10.18509/GBP.2017.03<br>2. Eremchenko, E., Tikunov, V., Gorin, S., Idrizi, B., & **Radevski, I.** (2016). Information tourism system | **11.4**<br>3*0.6=1.8 |

with mixed semiotic structure. *International Scientific Conference Geobalcanica 2016, held in Skopje, 10-12 June 2016 - Proceedings Book* (pp. 139-145). http://dx.doi.org/10.18509/GBP.2016.19

3. Hall, J., Arheimer, B., Aronica, G. T., Bilibashi, A., Boháč, M., Bonacci, O., Borga, M., Burlando, P., Castellarin, A., Chirico, G. B., Claps, P., Fiala, K., Gaál, L., Gorbachova, L., Gül, A., Hannaford, J., Kiss, A., Kjeldsen, T., Kohnová, S., Koskela, J. J., Macdonald, N., Mavrova-Guirguinova, M., Ledvinka, O., Mediero, L., Merz, B., Merz, R., Molnar, P., Montanari, A., Osuch, M., Parajka, J., Perdigão, R. A. P., **Radevski, I.,** Renard, B., Rogger, M., Salinas, J. L., Sauquet, E., Šraj, M., Szolgay, J., Viglione, A., Volpi, E., Wilson, D., Zaimi, K., and Blöschl, G.: A European Flood Database: facilitating comprehensive flood research beyond administrative boundaries, Proc. IAHS, 370, 89-95, doi:10.5194/piahs-370-89-2015, 2015.
4. Taleska, M., Gorin, S., **Radevski, I.**, & Dimitrovska, O. (2015). Assessment of the conditions for the development of spa tourism in the Republic of Macedonia. *International Scientific Conference Geobalcanica 2015, held in Skopje, 5-7 June 2015 - Proceedings Book* (pp. 487-491). http://dx.doi.org/10.18509/GBP.2015.62
5. Dimitrovska, O., **Radevski, I.,** Gorin, S., & Taleska, M. (2015). Quality of the environment in Mountain areas and sustainable use of Mountain resources *International Scientific Conference Geobalcanica 2015, held in Skopje, 5-7 June 2015 - Proceedings Book* (pp. 193-198). http://dx.doi.org/10.18509/GBP.2015.25
6. Markoski, B., Zlatanoski, V., **Radevski, I.** (2014): Classification and functionality of artificial reservoirs in Republic of Macedonia, 4th Symposium of the Macedonian association for geotechnics, June 25-28, Struga

3*0.6=1.8

3*0.6=1.8

3*0.6=1.8

| | | |
|---|---|---|
| | | 3*0.6=1.8<br><br>3*0.8=2.4 |
| 6 | **Учество на научен/стручен собир со реферат** | |
| 6.1 | - орална презентација<br>• *GeoMundus 2017*, Institute for Geoinformatics (IFGI), University of Münster, Germany, 10th and 11th November<br>1 x 1=1 | **1** |
| 6.2 | - постер<br>• *The Third European SCGIS Conference* "Geoinformation technologies for natural and cultural heritage conservation" 11-12 October 2016, Sofia<br>1 x 0.5=0.5 | **0,5** |
| | **ВКУПНО ПОЕНИ** | **113** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. бр. | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Дизајн или изработка на информациски систем**<br>• Веб - страница на конференцијата „Геобалканика“ со инфо - систем и база на податоци (2015, 2016, 2017)<br>3 x 1=3 | **3** |
| 2 | **Учество во работата на комисии за државни натпревари**<br>• Учество во Комисија за државни натпревари по Географија за *основните училишта* (2013, 2014)<br>[2x1=2]<br>• Учество во Комисија за државни натпревари по Географија за *средните училишта* (2013, 2014)<br>[2x1=2 | **10** |
| 3 | **Предавања и интервјуа**<br>Професионално интервју за публикацијата во Science MTV, Makedonsko Radio in a sajtot na fakulteti mk<br>Professional interview about large flash flood, occurred in August, 2016 in Skopje (Makedonsko Radio, 2016)<br>-Professional interview about possibilities of application work in physical geography (Nasha Tv, 2015)<br>[5x1=5] | **5** |
| 4 | **Превод на 11 меѓународни и домашни статии**<br>**11*0,5=5,5** | **5,5** |
|  | **ВКУПНО ПОЕНИ** | **23,5** |

## ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

| Ред. бр. | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Уредник на меѓународно научно/стручно списание**<br>• International Scientific Journal “Acta Geobalcanica” *број 1, (1),* 2016 | **6** |

| | | |
|---|---|---|
| | • International Scientific Journal "Acta Geobalcanica" *број 2, (1), (2),* 2015<br>2 x 3 = 6 | |
| 2 | **Член на уредувачки одбор на меѓународно научно/стручно списание**<br>• International Scientific Journal "Acta Geobalcanica" *број 2, (1), (2),* 2017<br>• International Scientific Journal "Acta Geobalcanica" *број 1, (1), (2),* 2018<br>• Reviewer in the Journal of Forestry Research<br>• Member of Scientific Committee of Lakes, reservoirs and Ponds - Romanian Journal of Limnology, http://www.limnology.ro/Lakes/ commitee.html<br>4 x 1=2 | **4** |
| 3 | **Претседател на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир**<br>• International Scientific Conference Geobalcanica 2015, held in Skopje, 5-7 June 2017<br>• International Scientific Conference Geobalcanica 2016, held in Skopje, 10-12 June 2018<br>2 x 2=4 | **4** |
| 4 | **Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/ стручен собир**<br>1. *V Congress of Geographers* from Republic of Macedonia, 26-29/9/2015, Skopje, Republic of Macedonia (член на организационен одбор)<br>2. International Scientific Conference *Geobalcanica 2017*, held in Skopje, 20-21 May 2017 (член на организационен одбор)<br>3. International Scientific Conference *Geobalcanica 2018*, held in Ohrid, 15-6 May 2018 (член на организационен одбор)<br>4. *Kongres Geografa Bosne i Hercegovine*, Sarajevo, 17-19/11/2016 - (член на научен одбор)<br>5. Member of Scientific Committee of 4th International Conference Geography, Environment and GIS, Targoviste, Romania, 2017, http://www.limnology.ro/GEG2017/committees.html<br>5 x 1=5 | **5** |

| | | |
|---|---|---|
| 5 | **Членство во извршно тело на меѓународна организација која поддржува/организира научноистражувачка дејност (ФП7, ЦОСТ, ИЦГЕБ, ИЕАЕ и сл.)** | |
| | **ИАХС IAHS member (2011-2018)**<br>7 X 2=14 | **14** |
| 6 | **Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект** | |
| 6.1 | - носител<br>Erazmus+“Transnational cooperation agent in rural areas”<br>2 x 1=2 | **2** |
| 6.2 | - соработник<br>Improving the conservation effectiveness of wetlands - **“INTERREG Balkan-Mediterranean 2014-2020”**<br>1 x 1=1 | **1** |
| 7 | **Член на факултетска комисија[13]**<br>Пописна комисија - 2013, 2014 и 2015<br>3x 0,5=1 | **1,5** |
| 8 | **Член на комисија за избор во звање[13]**<br>Член на Комисија за избор во звање насловен доцент<br>1 x 0,2=0,2 | **0,2** |
| 9 | **Член на факултетскиот Центар за кариера** 5*0,5=5 | **5** |
| 10 | | |
| | **ВКУПНО ПОЕНИ** | **42.7** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **Поени** |
|---|---|

| | |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **65,12** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **113** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **23,5** |
| **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | **42,7** |
| **Вкупно поени** | **244,32** |

**Членови на Комисијата**

1. Д-р Олгица Димитровска, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје, с.р.

____________________________________

2. Д-р Михаило Зиков, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје (во пензија) , с.р.

____________________________________

3. Д-р Ристо Мијалов, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје, с.р.

____________________________________

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА НАУЧЕН СОРАБОТНИК ОД ОБЛАСТА НА СЕИЗМОЛОГИЈА НА ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Природно-математички факултет (ПМФ), објавен во весниците „Нова Македонија“ од 11.7.2018 година и „Коха“ од 10.7.2018 година, за избор на два научни соработника во Сеизмолошката опсерваторија при Природно-математичкиот факултет во Скопје и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-1313/3, донесена на 3.10.2018, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Лазо Пекевски, научен советник во пензија на Природно-математичкиот факултет, д-р Драгана Черних-Анастасовска, виш научен соработник на Природно-математичкиот факултет и д-р Олга Галбова, редовен професор на Природно-математичкиот факултет.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На наведениот конкурс за избор на научен соработник од областа на сеизмологијата, во предвидениот рок се пријави д-р Јасмина Најдовска, асистент во Сеизмолошката опсерваторија при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

### 3. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката Јасмина Најдовска, доктор на физички науки, е родена на 12.7.1980 година, во Скопје. Средно образование завршила во„Раде Јовчевски-Корчагин” (Природно-математичка гимназија) во 1999 година со матурска тема под наслов “Земјотреси-општи карактеристики”. Со високо образование се стекнала на Природно-математичкиот факултет (ПМФ) во Скопје, група: физика, поднасока: геофизика на 9.2.2005 година, со просечен успех 8,03.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

Во учебната 2004/2005 се запишала на втор циклус (магистерски) студии на програмата по геологија, Катедра за геологија и геофизика на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип. Студиите ги завршила во 2009 година, со просечен успех 9,25. На 3.2.2009 година го одбранила магистерскиот труд под наслов: „Методата на рефракција во дефинирањето на структурниот модел на руптурните структури”.

Докторска дисертација пријавила на 29.11.2011 година на Институтот за физика, ПМФ во Скопје. Дисертацијата на тема: „Примена на сеизмолошките методи во определувањето на брзинскиот модел на Земјината кора под територијата на Р. Македонија” ја одбранила на 14.3.2018 година, пред Комисија во состав: д-р Лазо Пекевски, научен советник во пензија на ПМФ, д-р Драгана Черних-Анастасовска, виш научен соработник на ПМФ, д-р Вера Чејковска, виш научен соработник во пензија на ПМФ, д-р Олга Галбова, редовен професор на ПМФ и д-р Свемир Горин, редовен професор на ПМФ. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на физички науки.

Од 24.12.2012 година е во редовен работен однос како асистент од областа сеизмологија во Сеизмолошката опсерваторија при Факултетот.

Во моментот е асистент од областа сеизмологија во Сеизмолошката опсерваторија при Факултетот. Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот на УКИМ, бр.1113 од 15.12.2015 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр.1113, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 4. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

### Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, кандидатката д-р Јасмина Најдовска била вклучена во изведување настава во школи и работилници. Учествува во повремената наставно-популаризаторска дејност за ученици и студенти на Сеизмолошката опсерваторија при Природно-математичкиот факултет во Скопје за студенти по физика и географија, како и за ученици од основните и средните училишта (во соработка со училишните професори по физика и географија).

**Конкретните активности се наведуваат во табелата во Анекс 2 (член 2) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.**

### Научноистражувачка дејност

Главниот научен интерес на кандидатката е истражувањето на параметрите на локалната и регионална сеизмичност, теоријата на ширење на сеизмичките бранови (со особен интерес за конкретните геофизички параметри на Земјината кора на територијата на Република Македонија), инструменталната сеизмологија и други подобласти во сеизмологијата.

Д-р Јасмина Најдовска има објавено вкупно пет научни трудови од областа на сеизмологијата, од кои еден труд во научно списание со меѓународен уредувачки одбор и четири труда во зборници од меѓународни научни собири со меѓународен уредувачки одбор.

Кандидатката била учесник во меѓународен ТЕМПУС - проект IB_JEP-17072-2002 проект, и воедно се здобила со Сертификат за стручно знаење од областа на геомагнетните и електромагнетните мерења и стандарди за квалитет.

Д-р Јасмина Најдовска била учесник во национален проект, Национални анекси за еврокодовите EUROCODE 8.

**Називите на трудовите, проектите и сл. се наведуваат во табелата во Анекс 2 (член 3/член 4) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.**

### Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Д-р Јасмина Најдовска активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Сеизмолошката опсерваторија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, како и во дејностите на оваа институција од поширок интерес.

Кандидатката д-р Јасмина Најдовска остварила стручно-апликативна дејност врзана со секојдневните стручни работни обврски, апликативните проекти и промоцијата на Сеизмолошката опсерваторија при ПМФ во Скопје, но и во популаризирањето на самата сеизмологија како наука и струка.

Поконкретно, во оваа дејност влегуваат учествата на кандидатката во анализата на сеизмограми, во изработката на прелиминарните сеизмолошки билтени и деталните каталози на земјотреси, во размената на сеизмолошките податоци со институции од странство, во анкетното и теренско собирање на макросеизмички податоци, како и во прелиминарната анализа на овие податоци, во работилниците и симулациските вежби врзани за земјотреси, а организирани од Центарот за управување со кризи на Република Македонија.

Кандидатката учествувала во отворањето на шест нови сеизмолошки станици. Таа учествува во набљудувањето на природната и индуцираната сеизмичност на подрачјето на ХЕЦ Козјак, Св. Петка, Кнежево, како и во подготвувањето на соодветните редовни извештаи со анализи.

Д-р Јасмина Најдовска е активно вклучена во одржувањето и унапредувањето на сеизмолошките станици инсталирани на територијата на Р Македонија, во развивањето на системот за автоматска и мануелна обработка на сеизмолошките податоци.

Од 28.11.2013 до 2.12.2013 година, кандидатката остварила престој на работилница “International School and Workshop on Nonlinear Mathematical Physics and Natural Hazards”, во БАН, Софија, Р Бугарија, која манифестација е поддржана од: UNESCO-VENICE OFFICE; Southeastern European Network in Mathematical and Theoretical Physics (SEENET-MTP) и Bulgarian Academy of Sciences (BAS).

**Конкретните активности се наведуваат во табелата во Анекс 2 (член 5) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.**

**<u>Оценка од самоевалуација</u>**

Во извештајниот период, кандидатката м-р Јасмина Најдовска нема оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Природно-математичкиот факултет во Скопје.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Јасмина Најдовска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката, Комисијата заклучи дека д-р Јасмина Најдовска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето научен соработник во областа на сеизмологијата.

Според горeизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, д-р Јасмина Најдовска да биде избрана во звањето научен соработник во областа на сеизмологијата.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

**Д-р Лазо Пекевски, научен советник на ПМФ – Скопје (во пензија), с.р.**

**Д-р Драгана Черних-Анастасовска, виш научен соработник на ПМФ – Скопје, с.р.**

**Д-р Олга Галбова, редовен професор на ПМФ – Скопје, с.р.**

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** **Јасмина Младен Најдовска**

(име, татково име и презиме)

**Институција:** **Природно-математички факултет (ПМФ) – Скопје, Сеизмолошка опсерваторија**

(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** **сеизмологија**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1-5 | **Настава во школи и работилници:**<br>• Едукативна посета на Сеизмолошката опсерваторијата при Природно-математичкиот факултет во Скопје од ученици од основно, средно и високо образование, 2013-2017<br>**(4 x 3 x 0,04 поени x 5 години)**<br>• 3 часа предавања од областа на сеизмологијата во зимскиот семестар во учебните 2012/2013, 2013/2014, 2014/2015 година на интернационалните студии од втор циклус при УКИМ–ИЗИИС – Скопје, во рамките на предметот Инженерска сеизмологија (ЕЕ–103), одговорен наставник – вонр. проф. д-р Драги Дојчиновски<br>**(3 x 1 x 0,05 поени x 3 години)**<br>• *Certificate of participation for the advancement of national emergency preparedness capabilities in the Republic of Macedonia*, Civil Military Emergency Preparedness (CMEP) Program, Scenario Planning Workshop Phase 3, Skopje, 31 March 2016 **(учесник, 1 поен)**<br>• *Certificate of participation for the advancement of national emergency preparedness capabilities in the Republic of Macedonia*, Civil Military Emergency Preparedness (CMEP) Program, Disaster Preparedness Risk Assessment Workshop, Skopje, 16 June 2016 **(учесник, 1 поен)**<br>• *Certificate of participation for the advancement of national emergency preparedness capabilities in the Republic of Macedonia*, Civil Military Emergency Preparedness (CMEP) Program, Scenario Planning Workshop Phase 4, Skopje, 28 September 2016 **(учесник, 1 поен.).** | 5,85 |
| 6-16 | **Научно-популарна или наставно-историска статија во стручно-методско списание:** | 11 |

| | | |
|---|---|---|
| | **Анализа на сеизмограми, размена на сеизмолошки податоци и изработка на *Прелиминарен сеизмолошки билтен*:** почнувајќи од 24.12.2012 до 11.7.2018 година, **500 дена x 0,03 поени/ден.** | 15 |
| | **Собирање и прелиминарна анализа на макросеизмички податоци:** почнувајќи од 24.12.2012 година до 11.7.2018 година,**: 5,5 години x 0,3 поени** | 1,65 |
| | **Теренско собирање на макросеизмички податоци:**<br>• земјотрес - Илинска-Плакенска Планина на 21.5.2016 година со Рихтерова магнитуда 4,9.<br>• земјотрес - Скопје на 11.9.2016 со Рихтерова магнитуда 5,3.<br>• земјотрес - Скребатно 3.7.2017 со Рихтерова магнитуда 5,0.<br>• Земјотрес - Пехчево на 4.10.2017 со Рихтерова магнитуда 3,6.<br>• земјотрес - Дојран на 2.1.2018 со Рихтерова магнитуда 4,8. | 2,5 |
| | **Вкупно** | **75,15** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **13,85** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **46,0** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **75,15** |

| | |
|---|---|
| **Вкупно** | **135,0** |

**Членови на Комисијата**

1. Д-р Вера Чејковска, научен советник на ПМФ – Скопје (во пензија), с.р.

2. Д-р Драгана Черних-Анастасовска, виш научен соработник на ПМФ – Скопје, с.р.

3. Д-р Гордана Апостоловска, редовен професор на ПМФ – Скопје, с.р.

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ: МОЛЕКУЛАРНА БИОЛОГИЈА И ГЕНЕТИКА НА ИНСТИТУТОТ ЗА БИОЛОГИЈА ПРИ ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Природно-математичкиот факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ на 11.7.2018 и „Коха“ на 10.7.2018 година, за избор на еден асистент по група предмети од наставно-научните области: молекуларна биологија и генетика, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-1328/3 од 3.10.2018 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Сашо Панов, редовен професор на Природно-математичкиот факултет, д-р Гордана Димеска, редовен професор на Природно-математичкиот факултет и д-р Џоко Кунгуловски, редовен професор на Природно-математичкиот факултет.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор еден асистент по група предмети од наставно-научните области: молекуларна биологија и генетика, во предвидениот рок се пријавија 2 (два) кандидата: д-р Славица Јосифовска и м-р Борис Алексовски.

### 7. Д-р Славица Јосифовска

Кандидатката д-р Славица Јосифовска е родена на 9.8.1979 година во Скопје, кадешто го завршила основното и средното образование.

Јосифовска поседува диплома за познавање на: англиски јазик - оценка А (приложена диплома-First certificate in English, издадена од University of Cambridge); италијански јазик (приложена диплома за завршен IV степен во Центар за странски јазици-Скопје) и бугарски јазик (приложена диплома од Факултетот по славјанска филологија при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Софија, Република Бугарија).

Во 1998 година, Јосифовска се запишала на прв циклус (додипломски) студии по биологија, биохемиско-физиолошка насока, на Природно-математичкиот факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а дипломирала со просечен успех 9,72.

Во 2005 година се запишала на втор циклус (магистерски) студии по молекуларна биологија на Биолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Софија, Република Бугарија. Студиите ги завршила во 2007 година, со просечен успех 10,00 (според еквивалентните оценки од нашиот систем на оценување). Со одбраната на магистерската тема под наслов: „DNA - маркери при карактеризирање на мутантни форми на хексаплоидни

видови од родот *Triticum L.*“, се стекнала со научен степен: молекуларен биолог - магистер по генетика. Кон дипломата е приложена Одлука за признавање на високообразовна квалификација стекната во странство-нострификација (бр. 09-3859/2 од 27.5.2008 година), издадена од Министерството за образование и наука на Репубика Македонија.

Во декември 2011 година, пријавила докторска дисертација од областа на молекуларната генетика на Природно-математичкиот факултет во Скопје, под менторство на проф. д-р Сашо Панов.

Докторската дисертација со наслов „Профил на мутации на определени гени вклучени во појава и развиток на заболувањата кај пациенти со ретки болести“ ја одбранила на 17.7.2018 година пред Комисијата во состав: д-р Драга Тончева, редовен професор на Медицинскиот факултет при Медицинскиот универзитет во Софија, Република Бугарија (ментор), д-р Сашо Панов, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје (коментор), д-р Гордана Димеска, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје, д-р Светослав Димов, доцент на Биолошкиот факултет при Софискиот универзитет „Св. Климент Охридски“ во Софија, Република Бугарија и д-р Христо Пејков, доцент на Медицинскиот факултет во Скопје.

Во периодот од февруари 2004 до октомври 2011 година била ангажирана како демонстратор во реализација на практичната настава по предмети од областа на молекуларната биологија, генетиката и цитологијата.

Со Одлуката на Наставно-научниот совет бр. 02-2687/5 од 26.4.2016 година, Јосифовска е избрана во звањето асистент по молекуларна биологија на Институтот за биологија при ПМФ.

По изборот во звањето асистент, односно почнувајќи од летниот семестар на академската 2015/2016, заклучно со летниот семестар 2018 година, била вклучена во реализацијата на практичниот дел од наставата по предметите:

- Основи на молекуларната биологија - прв циклус студии, за студиските програми: Молекуларна биологија и Биохемија - физиологија на ПМФ;
- Молекуларна генетика - прв циклус студии, за студиската програма: Молекуларна биологија на ПМФ;
- Генетски инженеринг - прв циклус студии, за студиската програма: Молекуларна биологија на ПМФ;
- Молекуларна биологија - прв циклус студии, за студиските програми: Биологија и Екологија;
- Молекуларна биологија со генетика - прв циклус студии, за студиската програма: Аналитичка биохемија на ПМФ;
- Основи на молекуларната биологија - прв циклус студии, изборен предмет за студиската програма: Прехранбена технологија и биотехнологија на Технолошко-металуршкиот факултет при УКИМ.

Од особено значење за изборот е нејзиниот ангажман во воведувањето и изведувањето на практичната настава по дел од наведените предмети.

Д-р Славица Јосифовска досега била прв автор или коавтор на следниве научни публикации:

1. **Josifovska S, Vazharova R, Balabanski L, Malinov M, et al. Double heterozygosity of novel variants found in patients with severe clinical phenotype of cardiovascular disorders. Biotechnol Biotechnol Equip. 2018; 32 (3): 679-685. IF(2016)=1,059.**
2. **Josifovska S, Vazharova R, Balabanski L, Malinov M, et al. Genetic profiling of a patient with a complex phenotype revealed variants in the CPT2 gene. International Medical Journal Medicus. 2018; 23(1):44-48.**
3. **Josifovska S, Vazharova R, Balabanski L, Malinov M, et al. Mutations in the ACTA2 gene detected by next generation sequencing in patients with pathology of great vessels. Рецензиран и прифатен за печат во: Genetics and Plant Physiology. 2018, Vol.8(1-2), pp.62-67.**
4. **Dimeska G, Cvetanovska L, Josifovska S, Sekovski Z. Low-dose X-rays are able to produce meiotic abnormalities in Vicia faba L. Genetics and Plant Physiology. 2018, Vol.8(1-2), pp.88-93.**
5. **Zejnullahu V, Zejnullahu Va, Josifovska S, Vukovik N, Pakovski K, Panov S. Correlation of hTERT expression with cervical cytological abnormalities and Human papillomavirus infection. Contributions. Sec of Med Sci. 2017; 38 (3).**
6. **JosifovskaS, Yordanov Y, Dekova T, Vasilev D, Georgiev S. AFLP analysis of the genetic variability of the spharerococcum mutant forms in wheat and triticale. Genetics and Breeding. 2010; 39(1):113-121.**
7. **Стојановска В., Панов С., Башеска Н., Јосифовска С., Димитров Г., Петановски З., Стојковски Ј., Хаџи-Лега М. Преваленција и дистрибуција на хуман папилома вирус кај клинички суспектни цервикални лезии.** *Mak. Med. Pregled*, 63 (1): 17-24, 2009.
8. Димеска Г., Цветановска L., Сековски Z., Јосифовска С. 2008. Влијание на различни концентрации на Cd врз клеточниот циклус и хлоропластните пигменти кај *Allium cepa* L. *Biol. Macedonica*, No59/60, 2006/2007:67-76 .
9. Димеска Г., Цветановска L., Јосифовска С., Стаматовски В., Колева-Годева Љ. Влијание на различни концентрации на олово врз клеточниот циклус и хлоропластните пигменти кај *Allium cepa* L. Годишен зборник на Земјоделски институт. 2005/2006; 63(058): 89-96.

Покрај тоа, одржала секциско предавање на следнава научна конференција со меѓународно учество: Josifovska S, Vazharova R, Balabanski L, Malinov M et al. Genetic heterogenety of cardiovascular diseases associated with pathology of great vessels. 12th Balkan Congress of Human Genetic and 8th National Conference for Rare Diseases. 8-10.09.2017. Пловдив, Р. Бугарија.

Д-р Јосифовска била прв автор или коавтор на следниве апстракти со оригинални научни резултати, објавени во зборници на трудови од научен собир со меѓународен уредувачки одбор:

1. Josifovska S, Vazharova R, Balabanski L, Malinov M et al. Andersen-Tawil syndrome revealed by next generation sequencing in a patient with Long QT syndrome. European Human Genetics Conference. 16-19.06.2018. Милано, Италија.
2. Josifovska S, Vazharova R, Balabanski L, Malinov M et al. Novel variant in the FBN1 gene in a patient with Marfan Syndrome. International Centre for Genetic Engineering and Biotechnology workshop "Next generation diagnostics". 22-24.03.2018. Skopje, Makedonija. Balkan Journal of Medical Genetics. Vol l2-Suppl. 1, 2018.
3. Josifovska S, Vazharova R, Balabanski L, Malinov M et al. Genetic heterogenety of cardiovascular diseases associated with pathology of great vessels. 12th Balkan Congress of Human Genetic and 8th National Conference for Rare Diseases. 8-10.09.2017. Plovdiv, Bugarija. Rare Diseases and Orphan Drugs. Vol.4-Suppl.1, 2017.
4. Josifovska S, Vazharova R, Balabanski L, Malinov M et al. Digenic heterozygous occurrence of two novel variants detected by next generation sequencing in patient with hypertrophic obstructive cardiomyopathy. European Human Genetics Conference. 27 –30. 5.2017. Копенхаген, Данска.
5. Balabanski L.,Vazharova, R., Karachanak-Yankova S., Atanasoska M., Josifovska S. Characterisation of the mutational spectrum of 24 Bulgarian women with ovarian cancer. European Human Genetics Conference. 27 – 30.5.2017. Копенхаген, Данска.
6. Josifovska S, Vazharova R, Balabanski L, Ivanov S. et al. Detection of known and novel cardiovascular diseases gene variants by next generation sequencing in terms of improved treatment and prognosis. European Human Genetics Conference. 21–24.05.2016. Барселона, Шпанија. European Journal of Human Genetics. Volume 24 E-Suppl 1.
7. Vazharova R, Balabanski L, Ivanov S, Andonova MB, Ivanova MB, Singeriska I. Bradinova I, Josifovska S et al. NGS - promises and obstacles in study of patients with inborn errors of metabolism. European Human Genetics Conference. 21 – 24.5.2016. Барселона, Шпанија. Volume 24 E-Suppl 1.

Кандидатката д-р Јосифовска била прв автор или коавтор на следниве апстракти објавени во зборници од меѓународни конференции:

1. Josifovska S, Vazharova R, Balabanski L, Malinov M, Kaneva A, Panov S, Toncheva D. Mutations in ACTA2 gene detected by next generation sequencing in patients with pathology of great vessels. First Young Scientists Seminar on Genetics. 24.11.2017 г. Софија, Р. Бугарија.
2. Dimeska G, Cvetanovska L, Josifovska S, Sekovski Z. Effects on the meiotic cycle in Vicia faba L. in terms of different time/dosage x-ray treatments. First Young Scientists Seminar on Genetics. 24.11.2017 г. Софија, Р. Бугарија.

3. Pejkova S, Pakovski K, Josifovska S, Panov S. Correlation of BRAF mutation (v600e) and cancer progression in patients with metastatic melanoma: a small cohort study. First Young Scientists Seminar on Genetics. 24.11.2017 г. Софија, Р. Бугарија.
4. Tusevski O, Krstikj M, Josifovska S, Panov S, Gadzovska Simic S. Antioxidant activity and phenolic compounds production in Hypericum perforatum hairy roots. First Young Scientists Seminar on Genetics. 24.11.2017 г. Софија, Р. Бугарија.

Од дејностите од поширок интерес на д-р Јосифовска се издвојуваат следниве:

1. студиски престој на курсот за обука „Advanced methods for mutation detection in plants" организиран од IAEA – International Atomic Energy Agency. Софија, Р Бугарија. 21-24.11.2017;
2. учество на 29. курс по медицинска генетика организиран од Европската школа за генетска медицина на Европското здружение за хумана генетика. 8-12.5.2016. Варна, Р Бугарија;
3. студиски престој на Медицинскиот факултет при Медицинскиот универзитет и Геномскиот центар на клиниката „Малинов" во Софија, Република Бугарија; изработка на докторска дисертација, 2015/2016;
4. изготвување и пријавување на национален научноистражувачки проект: „Карактеризирање на гени за долговечност со геномско и таргетно секвенционирање", раководител: проф. Д-р Драга Тончева, финансиран од Фондот за научни истражувања на Министерството за образование и наука на Р Бугарија, 2016 година;
5. учество во организацискиот одбор на меѓународниот научен собир: Second Young Scientists Seminar on Genetics with International Participation, 3-5.10.2018, Софија, Р Бугарија.

Наставно-образовните, научноистражувачките и стручно-апликативните активности на кандидатката Јосифовска остварени до февруари 2016 година се опишани во Рефератот за избор на асистент објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 1117 од 15.2.2016 година.

## 8. М-р Борис Алексовски

Кандидатот м-р Алексовски е роден на 26.4.1989 година во Скопје. Основното и средното образование ги завршил во Скопје со одличен успех и притоа бил неколкупати награден за најдобар ученик на генерацијата. Учествувал на два републички натпревара по биологија, кадешто двапати го освоил првото место, а земал активно учество и во проектот „Талентирани ученици" на СУГС гимназија „Никола Карев" во областа на биологијата и хемијата. Првиот циклус студии ги запишал во академската 2008/09 година на Природно-математичкиот факултет, насока: молекуларна биологија. Во текот на студиите, од Институтот за биологија добил пофалници за најдобар студент во првата, втората и третата година. За неговиот висок просек бил награден, најпрвин од Факултетот како најдобар

дипломиран студент на Природно-математичкиот факултет во редовните четиригодишни студии, а потоа и од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ по повод патрониот празник.

Во 2012 година се запишал на втор циклус студии на Природно-математичкиот факултет, при што по завршувањето на сите обврски од студиската програма со просечна оценка 10, на 13.3.2015 го одбранил својот магистерски труд под наслов: „Евалуација на нивоата на серотонин во тромбоцити и во крвната плазма и абнормалностите во тромбоцитната и ендотелната функција како маркери за рекурентното депресивно растројство“ и се стекнал со звањето магистер по биологија (молекуларна биологија).

Во периодот од 2012 до 2013 година, м-р Алексовски бил ангажиран како демонстратор на Институтот за биологија, кадешто учествувал во изведувањето на практичната настава по следниве предмети на првиот циклус студии:

- Молекуларна физиологија;
- Физиологија;
- Имуногенетика.

Од 2014 година до денес, м-р Алексовски волонтерски учествувал во изведувањето на практичната настава по следниве предмети на првиот циклус студии:

- Биотехнологија;
- Систематика на растенија I;
- Хидробиологија;
- Примена на дијатомеи во екологија и судска медицина;
- Екологија на опасни алги.

Во летниот период од 2012 година, волонтирал во Истражувачкиот центар за генетско инженерство и биотехнологија при МАНУ. Во периодот од 2015 до 2016 година, бил надворешен хонорарен соработник на Лабораторијата за биохемија при ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија, кадешто по нивно барање, учествувал во неколку научни истражувања, со примарен фокус на заболувањата мултипла склероза и интрацеребрална хеморагија.

Од април до септември 2017 година, бил вработен во Универзитетскиот медицински центар во Гетинген (Universitätsmedizin Göttingen), Германија, во работната група на проф. д-р Иван Богески, кадешто учествувал во неколку проекти околу улогата на фосфорилацијата и редокс сигналингот при физиолошки и патолошки услови, а исто така учествувал и во изведувањето на практичната настава по физиологија на англиски јазик за студентите од Универзитетот Georg-August во Гетинген. Од април 2018 година, паралелно со волонтирањето на Институтот за биологија на Катедрата за хидробиологија и биотехнологија на алги, вклучен е и како надворешен хонорарен соработник на ЈЗУ Универзитетска клиника за неврохирургија.

М-р Борис Алексовски досега бил прв автор или коавтор на следниве научни публикации објавени во списанија со меѓународен уредувачки одбор:

1. Krstić S, Aleksovski B. Dominance of Microcystis spp. in Lake Dojran – a consequence of 30 years of accelerated eutrophication. Botanica Serbica 2016;40(2):119-128. DOI: https://doi.org/10.5281/zenodo.162208

2. Krstić S, Aleksovski B, Komárek J. Rare occurrence of nine Microcystis species (Chroococcales, Cyanobacteria) in a single lake (Lake Dojran, fYR Macedonia). Advances in Oceanography and Limnology 2017; 8(1):4-21. DOI: https://doi.org/10.4081/aiol.2017.6236

3. Rendevski V, Aleksovski B, Kolevska M, Stojanov D, Dimitrovski K, Mihajlovska Rendevska A, Aleksovski V, Petlickovski A, Trajkov D, Stojanoski K. Effects of data transformation on multivariate analyses in intracerebral hemorrhage. Macedonian pharmaceutical bulletin 2016;62(2):37-42. UDC: 616.831-005.1:311.21|(497.7)

4. Rendevski V, Aleksovski B, Stojanov D, Mihajlovska Rendevska A, Aleksovski V, BanevaDolnenec N, Nikodijevic D, Gudeva-Nikovska D. Validation of the ELISA Method for Quantitative Detection of TNF-α in Patients with Intracerebral Hemorrhage. Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences 2017;5(6):703-707. DOI: https://doi.org/10.3889/oamjms.2017.170

5. Rendevski V, Stojanov D, Aleksovski B, Mihajlovska Rendevska A, Chaparoski A, Ugurlar D, Aleksovski V, Baneva N, Gjorgoski I. Surgical Outcome in Patients with Spontaneous Supratentorial Intracerebral Hemorrhage. Acta facultatis medicae Naissensis 2017;34(4):265-273. DOI: https://doi.org/10.1515/afmnai-2017-00286.

6. Rendevski V, Aleksovski B, Stojanov D, Aleksovski V, Rendevska AM, Kolevska M, Stojanoski K, Gjorgoski I. Peripheral glutamate and TNF-α levels in patients with intracerebral hemorrhage: Their prognostic values and interactions toward the formation of the edemal volume. Neurologia i Neurochirurgia Polska (Polish Journal of Neurology and Neurosurgery) 2018;52(2):207-214. DOI: https://doi.org/10.1016/j.pjnns.2017.10.003 (IF = 0.857)

7. Aleksovski B, Novotni A, Vujović V, Rendevski V, Manusheva N, Neceva V, Filipce A, Risteski A, Aleksovski V, Gjorgoski I. Evaluation of peripheral serotonin content and α2-adrenergic receptor function as potential markers for life-long recurrent depressive disorder by using methodological improvements. International Journal of Psychiatry in Clinical Practice 2017 Dec 7:1-10. DOI: https://doi.org/10.1080/13651501.2017.1411516 [Epub ahead of print] (IF = 1.174)

8. Aleksovski B, Neceva V, Vujović V, Manusheva N, Rendevski V, Novotni A, Filipce A, Spasovska A, Sofijanova A, Aleksovski V, Gjorgoski I. SSRI-reduced platelet reactivity in nonresponding patients with life-long Recurrent Depressive Disorder: Detection and involved mechanisms. Thrombosis Research 2018 Mar 9;165(2018): 24-32. DOI: https://doi.org/10.1016/j.thromres.2018.03.006 (IF = 2.650)

9. Mantzouki E, Lürling M, Fastner J, de Senerpont Domis L, Wilk-Woźniak E, Koreivienė J, Seelen L, Teurlincx S, Verstijnen Y, Krztoń W, Walusiak E, Karosienė J, Kasperovičienė J, Savadova K, Vitonytė I, Cillero-Castro C, Budzyńska A, Goldyn R, Kozak A, Rosińska J, SzelągWasielewska E, Domek P, Jakubowska-Krepska N, Kwasizur K, Messyasz B, Pełechaty A, Pełechaty M, Kokocinski M, García-Murcia A, Real M, Romans E, Noguero-Ribes J, Duque

DP, Fernández-Morán E, Karakaya N, Häggqvist K, Demir N, Beklioğlu M, Filiz N, Levi EE, Iskin U, Bezirci G, Tavşanoğlu ÜN, Özhan K, Gkelis S, Panou M, Fakioglu Ö, Avagianos C, Kaloudis T, Çelik K, Yilmaz M, Marcé R, Catalán N, Bravo AG, Buck M, Colom-Montero W, Mustonen K, Pierson D, Yang Y, Raposeiro PM, Gonçalves V, Antoniou MG, Tsiarta N, McCarthy V, Perello VC, Feldmann T, Laas A, Panksep K, Tuvikene L, Gagala I, MankiewiczBoczek J, Yağcı MA, Çınar Ş, Çapkın K, Yağcı A, Cesur M, Bilgin F, Bulut C, Uysal R, Obertegger U, Boscaini A, Flaim G, Salmaso N, Cerasino L, Richardson J, Visser PM, Verspagen JMH, Karan T, Soylu EN, Maraşlıoğlu F, Napiórkowska-Krzebietke A, Ochocka A, Pasztaleniec A, Antão-Geraldes AM, Vasconcelos V, Morais J, Vale M, Köker L, Akçaalan R, Albay M, Maronić DŠ, Stević F, Pfeiffer TŽ, Fonvielle J, Straile D, Rothhaupt KO, Hansson LA, Urrutia-Cordero P, Bláha L, Geriš R, Fránková M, Koçer MAT, Alp MT, Remec-Rekar S, Elersek T, Triantis T, Zervou SK, Hiskia A, Haande S, Skjelbred B, Madrecka B, Nemova H, Drastichova I, Chomova L, Edwards C, Sevindik TO, Tunca H, Önem B, Aleksovski B, Krstić S, Vucelić IB, Nawrocka L, Salmi P, Machado-Vieira D, de Oliveira AG, Delgado-Martín J, García D, Cereijo JL, Gomà J, Trapote MC, Vegas-Vilarrúbia T, Obrador B, Grabowska M, Karpowicz M, Chmura D, Úbeda B, Gálvez JÁ, Özen A, Christoffersen KS, Warming TP, Kobos J, MazurMarzec H, Pérez-Martínez C, Ramos-Rodríguez E, Arvola L, Alcaraz-Párraga P, Toporowska M, Pawlik-Skowronska B, Niedźwiecki M, Pęczuła W, Leira M, Hernández A, Moreno-Ostos E, Blanco JM, Rodríguez V, Montes-Pérez JJ, Palomino RL, Rodríguez-Pérez E, Carballeira R, Camacho A, Picazo A, Rochera C, Santamans AC, Ferriol C, Romo S, Soria JM, Dunalska J, Sieńska J, Szymański D, Kruk M, Kostrzewska-Szlakowska I, Jasser I, Žutinić P, Udovič MG, Plenković-Moraj A, Frąk M, Bańkowska-Sobczak A, Wasilewicz M, Özkan K, Maliaka V, Kangro K, Grossart HP, Paerl HW, Carey CC, Ibelings BW. Temperature Effects Explain Continental Scale Distribution of Cyanobacterial Toxins. Toxins (Basel) 2018 Apr 13;10(4): pii: E156. DOI: https://doi.org/10.3390/toxins10040156 (IF = 3.030)

10. Rendevski V, Aleksovski B, Stojanov D, Mihajlovska Rendevska A, Aleksovski V, Gjorgoski I. Modeling prognostic factors for poor neurological outcome in conservatively treated patients with intracerebral hemorrhage: A focus on TNF-α. Clinical Neurology and Neurosurgery 2018, 172: 51-58. DOI: https://doi.org/10.1016/j.clineuro.2018.06.027 (IF =1.736)

М-р Борис Алексовски бил учесник на следниве обуки:

IRTG 1816 (on-site visit) Universitätsmedizin Göttingen, Georg- August Universität Göttingen, Германија (јануари-февруари 2017 година). Меѓународна група за обука за истражување 1816 (The International Research Training Group - IRTG 1816) за обнова на проектот „Phosphorylation- and redox-mediated signaling mechanisms in the failing heart“, под менторство на проф. д-р Иван Богески.

1. STSM, COST Action ES1105: Study of the differences in the polyphyletic gene clusters of genera Leptolyngbya and Pseudanabaena Centre for Algology, Institue of Botany, v. v. i. The Czech Academy of Sciences, Třeboň, Чешка Република (септември-ноември 2015 година).
2. STSM, COST Action ES1105: CYANOCOST-NETLAKE Multi-Lake Survey Training School Rue du Mur Blanc, 74500 Évian-les-Bains, Франција (мај 2015 година).

3. Летна школа за техники во клеточна невронаука организирана од Германската служба за студентска размена (DAAD), Котор, Црна Гора, предводена од проф. д-р Rudolf Rübsamen од Универзитетот во Лајпциг, Германија (август 2013 година).
4. Летна школа за техники во клеточна невронаука организирана од Германската служба за студентска размена (DAAD), научен центар (мај 2013 година).

Кандидатот учествувал во својство на соработник-истражувач во следниве проекти:

1. Preparation of River Bregalnica Management Plan (2013-2014), SECO.
2. Developing of capacities for sustainability of Dojran Lake (2015), Critical Ecosystem Partnership Fund & REC.
3. European Multi lake survey (EMLS) (2015), CyanoCOST/ NETLAKE.

М-р Алексовски досега ги одржал следниве постер-презентации:

1. Aleksovski B, Hadzi-Petrushev N, Mladenov M, Gjorgoski I. Aging: a positive connection between oxidative stress and inflammation and the effects of α-tocopherol. European Researchers' Night, 2013. Held in Skopje, 2013.
2. Aleksovski B. Short Term Scientific Mission (STSM): Characterization and re-evaluation of selected Pseudanabaenaceae and Leptolyngbyaceae strains using polyphasic approach. CYANOCOST – ES 1105 Action: Cyanobacterial blooms and toxins in water resources: Occurrence, impacts and management. STSM poster, European Cooperation in Science and Technology, 2016.
3. Aleksovski B, Bourgoyne J, Bogeski I. Identifying and quantifying ROS in cardiac myocytes and fibroblasts: A comprehensive study. The International Research Training Group 1816 (IRTG; Internationales Graduiertenkolleg 1816) on-site visit, Universitätsmedizin Göttingen, Georg-August Universität Göttingen, Göttingen, 2018.

Кандидатот одржал предавања на следниве меѓународни научни конференции:

1. Aleksovski B, Gjorgoski I. The Effects of Nitric Oxide on Exercise Performances. First international scientific conference: research in physical education, sport and health. Охрид, мај 2014 година.
2. Aleksovski B, Rendevski V, Mihajlovska Rendevska A. Evaluation of the role and interactions among peripheral biochemical markers in depression and intracerebral hemorrhage: state biomarkers, prognostic factors and modeling of the outcomes in clinical decision making. The 58th International Neuropsychiatric congress, Пула, Хрватска, мај 2018 година.

## Заклучок и предлог

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатите, Рецензентската комисија заклучува дека двајцата пријавени кандидати не само што ги исполнуваат условите пропишани со Законот и со подзаконските акти, туку и далеку ги надминуваат.

Комисијата смета дека според севкупните наставно-образовни, научноистражувачки и стручно-апликативни активности, професионалниот однос кон студентите и работната комуникација со непосредните колеги, како и долгогодишното искуство, д-р Славица Јосифовска е најпогоден кандидат за избор во звањето асистент на овој конкурс. Комисијата верува дека, со изборот, кандидатката ќе добие можност да придонесе во натамошниот развој на Одделението за молекуларна биологија и на Институтот за биологија.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност, Комисијата заклучи дека д-р Славица Јосифовска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана за асистент по група предмети од наставно-научните области: молекуларна биологија и генетика.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, д-р Славица Јосифовска да биде избрана во соработничкото звање асистент по група предмети од наставно-научните области: молекуларна биологија и генетика на Институтот за биологија.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

**1.Проф. д-р Сашо Панов, с.р.**

**2.Проф. д-р Гордана Димеска, с.р.**

**3.Проф. д-р Џоко Кунгуловски, с.р.**

# РЕЦЕНЗИЈА
# ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „РЕГИОНАЛИЗАЦИЈА НА КОСОВО И МЕТОХИЈА“ ОД КАНДИДАТКАТА М-Р БОЈАНА ЈАНЏИКОВИЌ, ПРИЈАВЕНА НА ИНСТИТУТОТ ЗА ГЕОГРАФИЈА ПРИ ПРИРОДНО - МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

**Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 2.10.2018 година, со Одлука број 02-655/9 формираше Комисија за оцена на докторската дисертација со наслов „РЕГИОНАЛИЗАЦИЈА НА КОСОВО И МЕТОХИЈА“ поднесена од кандидатката Бојана Јанџиковиќ, магистер по географски науки, асистент на Универзитетот во Приштина, со привремено седиште во Косовска Митровица, Природно-математички факултет, Оддел за географија, во состав: проф. д-р Благоја Маркоски (ментор), проф. д-р Ристо Мијалов (претседател), проф. д-р Никола Панов (член), проф. д-р Јово Медојевиќ (член) и проф. д-р Свемир Горин (член). Комисијата ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Советот на трет циклус студии - докторски студии на Институтот за географија, Стручниот совет на Институтот за географија и на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје им го поднесува следниов**

## И З В Е Ш Т А Ј

### Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатката м-р Бојана Јанџиковиќ, со наслов „РЕГИОНАЛИЗАЦИЈА НА КОСОВО И МЕТОХИЈА“, содржи 321 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman (македонска поддршка), со 1,5 проред и големина на букви 12. Текстуалниот дел е проследен со 19 тематски карти, 28 табеларни прикази, 6 графикони и 18 фотографии. При изработката на докторската дисертација се користени 177 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и 8 интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во 10 глави, систематизирани во поголем број точки и подточки, со наслови и поднаслови, така што се обезбедува соодветно географско методолошко следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **првиот дел**, со наслов “**Вовед**”, се дадени општи констатации за проблемот на истражување, односно регионализацијата на територијата на Косово и Метохија.

Во **првиот дел**, со наслов **Теориска методологија како основа на истражувањето**”, кандидатката зборува за предметот, целите, принципите и методите на научното истражување, досегашните географски проучувања на Косово и Метохија и важноста на регионалногеографските проучувања и регионализација на територијата.

Во **вториот дел** насловен како **Име, географска положба, граница и големина на територијата** се укажува на етимологијата на географските имиња на регионите Косово и Метохија, потоа се детерминира нивната географска положба, карактеристиките на

границите на територијата и сообраќајната поврзаност како главна одредница за оцена на поволноста на географската положба на конкретната територија.

Третото поглавје е насловено **„Природните потенцијали како фактор за регионализација на Косово и Метохија“**. Во него станува збор за геолошката историја и градба на теренот на Косово и Метохија, морфолошките обележја и значење на релјефот за регионализацијата на просторот, климатските одлики и нивното влијание врз регионализацијата на територијата на Косово и Метохија, основните хидрографски карактеристики во функција на регионализација, педолошката покривка и растителниот и животинскиот свет како основа за регионализацијате на просторот на Косово и Метохија. Во наведените наслови, според вообичаената географска методологија се обработени низа на посебни елементи важни за физичко-географското осознавање на територијата на Косово и Метохија како предмет на истражување.

Посебно поглавје е посветено на „**Општествените карактеристики на Косово и Метохија**“ каде се расправа за историските аспекти на регионализацијата и геополитичката положба на Косово и Метохија од 1999 до 2017 година.

Во контекст на покомплексна анализа на регионализацијата, обработени се **Демографските аспекти како основа за регионализација на Косово и Метохија,** кадешто станува збор за потеклото на населението како основа за регионализација, регионалното разместување на населението според пописите 1971–1991 година, проблемите и правците на демографската регионализација според пописите 1991 – 2011 година и перспективите за развој на населението на Косово и Метохија. Наведените аспекти се во функција на редица типови на регионализација која во продолжение, како основен проблем на истражување, е поконкретно извршена.

Подетален приказ на демографските аспекти се дадени во наредното шесто поглавје во кое се прикажани **Основните карактеристиките на населението на Косово и Метохија** кадешто сепаратно се обработени териториите на поголемите гравитациски и економско фукционални центри како што се Приштина, Косовска Митровица, Пеќ, Призрен, Урошевац, Гнњилане и Ѓаковица.

Седмото поглавје, насловено како **Типови на регионализација на Косово и Метохија** е всушност централниот дел во истражувањето, така што во него подетално се зборува за критериумите за одредување на регионализација на просторот на Косово и Метохија, издвојувањето на природни регионални просторни целини на Косово и Метохија, издвојувањето на општествено детерминирани регионални просторни целини и нивните перспективи како регионални просторни целини.

Во насловот „Критериуми за одредување на регионализацијата на просторот на Косово и Метохија“ (покрај низата на претходни податоци презентирани во општо географскиот комплекс на содржини), земени се предвид повеќе критериуми за физичко-географската регионализација како што се генетско-типскиот критериум и принципот на комплексност на природно-географските индивидуалности на територијата. Во контекст на антропогените аспекти се применети критериуми поврзани со просторно интегративната, етнографската, културно-историската, геоекономска и политичко-географска функција. Земени се предвид релјефно типските, физиономските и културните критериуми, потоа во контекст на економската состојба земени се предвид критериуми според кои се дефинира економската развиеност на одделните региони.

Природно-географските регионални просторни целини на Косово и Метохија се детерминирани според макрорелјефните форми на територијата и генетските типови релјеф. Во контекст на предиспонираноста на релјефните творби се поставени карактеристиките на климата, хидрографијата, педологијата и растителниот свет на територијата на Косово и Метохија. Во смисла на наведеното се издвоени:

-геотектонски регионални просторни целини или геолошки зони (Надворешна Вардарска Зона, Централна Вардарска Зона, Дардански Масив или Српско-македонска Зона, Шарско-корабска Зона, Зона на офиолитите, Дурмиторска Зона или Пеќка Зона, Косовски Централен Басен или Внатрешна Вардарска Зона, דренички Басен, центарот на Косово и Метохија и Дринско-ивањичка Зона);

-релјефно-типски регионални просторни целини во кои се издвоени планински (планинскиот регион Проклетие, Шарпланинскиот регион, Копаоничкиот Планински регион, Дреничкиот планински регион и Родопскиот планински регион) и котлински регионални просторни целини (Косовскиот котлински регион и Метохискиот котлински регион). Во рамките на планинските и котлинските макрорелјефни целини се детерминирани поединечно низа на одделни планински масиви, индивидуални планини, помали котлини и полиња, клисури и превали во состав;

-климатски детерминирани просторни целини (територии со умерено континентална клима, со континентална клима и со планинска клима со низа климатски поттипови).

-Хидрографските регионални просторни целини се издвоени според морските сливови (Јадрански, Егејски и Црноморски слив) и според сливовите на поголемите реки (Белодримски, Плавски, Црнодримски, Ибарски, Ситничко-лабски, Лепенски, Биначко-моравски, Јабланички и Јужно-моравски хидрографски регион);

-педогеографските и биогеографските регионални целини се детерминирани главно според природната и културната вегетација, така што се поистоветуваат со планинските односно рамничарските територии.

Општествено детерминираните регионални целини се издиференцирани како историско-георафски, административно-територијални, статистички и национални регионални просторни единици.

Како историско-географски регионални целини се издвоени: Звечанската, Рудничката, Предионичката, Партешката, Клинската, Раштанската историска регионална целина. во рамките на овој тип регионализација се издвоени и други простори.

Административно - територијалната регионализација е прикажана преку неколку окрузи во чии рамки се наоѓаат општините. Издвоени се: Пеќки округ со 3 општини, Призренски округ со 5 општини, Косовско-митровички округ со 7 општини, Косовско-поморавски округ со 4 општини, Приштински округ со 8 општини, Гњилански округ со 6 општини, Ѓаковички округ со 4 општини. Урошевачки округ со 4 општини. Функционално се предлагаат следните региони Јужно-митровачки, Северно-митровачки, Приштински, Грачанички, Пеќки, Гораждевачки, Ѓаковички, Ораховачки, Призренски, Драгашки, Урошевачки, Штрпчански, Гњилански и Новобрдски регион.

Презентирана е и статистичка територијална поделба споре дкоја се издвојуваат градски општини и тоа 9 во Метохија и 19 во Косово и 7 селски оптини.

Врз основа на националниот состав на населението е извршена и национална регионализација на Косово и Метохија.

Во посебен наслов се издиференцирани т.н. перспективни регионални просторни целини на Косово и Метохија, преку кои се укажува на регионализацијата од аспект на стопанските и нестопанските дејности и нивните територијални простирања. Во тој контекст се обработена економско-функционална регионализација, регионализација на вонстопанските дејности и туристичка регионализација

Според економска функционалната регионализација на Косово и Метохија се издвоени пет нивоа, и тоа најразвиен економски-функционален центар во кој се препознава само Приштина со своето гравитациско влијание на целата територија, потоа Косовска Митровица како претежно индустриски регионален центар, економско трговски населби (Призрен, Пеќ, Гњилане, Ѓаковица и Урошевац), населби од варошки тип (помали градски населби) и петтата група се населени места рурални центри и населби.

Обработена е и регионализација од аспект на нестопанските дејности во смисла на опфат на образовниот (издвоен главно според нивоата на образование и територијалната покриеност), информативниот и здравствениот систем.

Како посебна содржина е туристичката регионализација кадешто се издвоени Копаонички, Проклетијски, Шарски, Јунички, Дренички, Централен и Јужен туристички регион. Во овие туристички регионални целини се издвоени поголем број туристички зони и туристички центри.

Осмото поглавје е насловено „**Клучни проблеми на регионалниот развој на Косово и Метохија**“, кадешто се издвојуваат проблемите на ерозија на земјиштето, реконструкцијата на сообраќајниците, слабиот општествено економски развој, животната средина, геополитичката положба, недостатокот на вода, преголемата и нерамномерна густина на населеност, економската структура на населението итн.

Врз основа на спроведената регионализација на територијата на Косово и Метохија од различни аспекти е презентирано 9-тото поглавје во кое се зборува за **перспективниот развој на територијата на Косово и Метохија**.

Десеттото поглавје претставува **заклучок,** во кој се изнесени основните и клучни констатации од истражувањето на проблемот регионализација на Косово и Метохија.

Во поглавјето **Литература** се наброени 177 референци, од кои поголемиот дел се однесуваат на трудови од оригинална научна литература и 8 се официјални линкови од кадешто се искористени одредени информации и графички прикази, така што сето тоа укажува на широкото познавање на областа од страна на кандидатот.

Во докторската дисертација се поместени и два прилога како појаснувања за дел од примарната содржина.

**ОЦЕНА НА ТРУДОТ**

Докторската дисертација со наслов РЕГИОНАЛИЗАЦИЈА НА КОСОВО И МЕТОХИЈА поднесена од кандидатката Бојана Јанциковиќ, магистер по географски науки, претставува интегрално истражување во областа на регионалната географија, кадешто, покрај општо географските содржини, се обработени серија на типови на регионализација на територијата

на Косово и Метохија. Со применетата методологија, кандидатката во истражувањето врз основа на конкретни критериуми има извршено регионализација на територијата на Косово и Метохија од различни аспекти. Фактот што во дисертацијата се опфатени содржини и од природно-географски и од социо-географски и од економско –географски аспект овозможува примена на резултатите во процесите на изработка на регионално планската документација која е редовно или во процес на подготовка или ревизија за проучуваната територија. Во содржините на дисертацијата се поместени и низа на фактографски материјали кои претставуваат важен придонес за географските истражувања на Косово и Метохија кои ќе бидат драгоцени како споредбени материјали за идни истражувања.

Докторската дисертација со наслов РЕГИОНАЛИЗАЦИЈА НА КОСОВО И МЕТОХИЈА, поднесена од кандидатот Бојана Јанџиковиќ, магистер по географски науки, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на горенаведеното, констатирано е дека докторската дисертација под наслов РЕГИОНАЛИЗАЦИЈА НА КОСОВО И МЕТОХИЈА, поднесена од кандидатката Бојана Јанџиковиќ, магистер по географски науки, претставува самостојна научна работа. Според проблематиката што ја обработува, методолошкиот пристап, содржината и добиените резултати, претставува оригинален научен труд, со значаен придонес во регионалната географија и, воопшто, за географската наука која го тангира просторот на Косово и Метохија.

Врз основа на наведеното во рецензијата, Комисијата има чест и задоволство да им предложи на Советот на трет циклус студии - докторски студии на Институтот за географија, Стручниот совет на Институтот за географија и на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје да ја прифатат позитивната оценка на докторската дисертација под наслов РЕГИОНАЛИЗАЦИЈА НА КОСОВО И МЕТОХИЈА, поднесена од кандидатката Бојана Јанџиковиќ, и на кандидатката да и овозможат јавно да ја брани.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Ристо Мијалов, претседател, с.р.
2. Проф. д-р Благоја Маркоски, ментор, с.р.
3. Проф. д-р Никола Панов, член , с.р.
4. Проф. д-р Јово Медојевиќ, член, с.р.
5. Проф. д-р Свемир Горин, член, с.р.

# П Р Е Г Л Е Д

## на одобрена тема за изработка на докторска дисертација на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Природно-математички факултет – Скопје, на седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот, одржана на 27.09.2018 година.

1. **ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА**

| **Ред. бр.** | **Име и презиме на кандидатот** | **Назив на темата** | | **Име и презиме на менторот** | **Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата** |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **на македонски јазик** | **на англиски јазик** | | |
| 1. | Горан Китевски, магистер на географски науки | „ИНТЕГРАТИВНАТА ФУНКЦИЈА НА ГЕОГРАФСКИТЕ УСЛОВИ ПРИ ФОРМИРАЊЕТО НА СОЦИЈАЛНИОТ, КУЛТУРНИОТ, ЕКОНОМСКИОТ И ПОЛИТИЧКИОТ ИДЕНТИТЕТ НА БАЛКАНСКИОТ ПОЛУОСТРОВ“ | „Integrative function of geographic conditions in the formation of the social, cultural, economic and political identity of the Balkans„ | д-р Ристо Мијалов, редовен професор на ПМФ – Скопје | 02-1143/7 од 08.10.2018 г. |

**П Р Е Г Л Е Д**

**на одобрени теми за изработка на магистерски трудови на**

**Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје,**

**Природно-математички факултет – Скопје, на седницата на**

**Наставно-научниот совет на Факултетот,**

**одржана на 27.09.2018 година.**

**2. Магистерски трудови**

| **Ред. бр.** | **Име и презиме на кандидатот** | **Назив на темата** | | **Име и презиме на менторот** | **Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата** |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Вјолца Мустафа, дипломиран професор по математика | „ФИНСЛЕРОВА ГЕОМЕТРИЈА И НЕКОИ КОНЕКСИИ“ | „ FINSLER GEOMETRY AND SOME CONNECTIONS“ | д-р Костадин Тренчевски, редовен професор на ПМФ – Скопје | 02-1276/3 од 18.10.2018 г. |
| 2. | Антонио Кралевски, дипломиран економист | „ФОРМИРАЊЕ НА РАЗВОЈНИ ПРАВЦИ НА ТУРИЗМОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ОСНОВА НА МАРКЕТИНГ АНАЛИЗА НА ТУРИСТИЧКИТЕ ПОТЕНЦИЈАЛИ И ТУРИСТИЧКИОТ ПАЗАР“ | „ Formation of directions of tourism development in the Republic of Macedonia on the basis of marketing analyses of the tourism potentials and the tourist market “ | д-р Ристо Мијалов, редовен професор на ПМФ – Скопје | 02-1141/5 од 18.10.2018 г. |
| 3. | Билјана Митреска, дипломиран физичар – теориска физика | „МЕТОД НА ГРИНОВИ ФУНКЦИИ ЗА ИЗУЧУВАЊЕ НА ТЕРМОАКУСТИЧНА ГЕНЕРАЦИЈА НА БРАНОВИ ВО ОРГАНСКИ СПРОВОДНИЦИ“ | „GREEN'S FUNCTIONS METHOD FOR STUDYING THERMOACOUSTIC GENERATION OF WAVES IN ORGANIC CONDUCTOR “ | д-р Даница Крстовска, редовен профсор | 02-1597/3 од 17.10. 2018 г. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | на ПМФ – Скопје | |
| 4. | Лилјана Ставреска, дипломиран инженер по хемија | „РАЗВИВАЊЕ НА HPLC/DAD/$MS^n$ МЕТОДИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА АВТЕНТИЧНОСТА НА ОВОШНИ ПРОИЗВОДИ ПРЕКУ ПОЛИФЕНОЛНИОТ ПРОФИЛ“ | „ DEVELOPMENT OF HPLC/DAD/MSn METHODS FOR AUTHENTICATION OF FRUIT PRODUCTS “ | д-р Јасмина Петреска Станоева, доцент на ПМФ – Скопје | 02-1475/4 од 18.10. 2018 г. |

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) ФИЛМСКА И ТВ-КАМЕРА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за драмски уметности, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 14.9.2018 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) филмска и ТВ-камера, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот и уметнички совет, бр. 202-309/10, донесена на 30.5.2018 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Антонио Митриќески, редовен професор на УКИМ-Факултет за драмски уметности во Скопје, Владимир Блажевски, редовен професор на УКИМ-Факултет за драмски уметности во Скопје и м-р Лазар Секуловски, редовен професор на УКИМ-Факултет за драмски уметности во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област (дисциплина) филмска и ТВ-камера, во предвидениот рок се пријави м-р Горан Трпчевски.

### 9. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот м-р Горан Трпчевски, вонреден професор, е роден на 11.12.1971, во Скопје. Средно образование завршил во Скопје на УСО „Орце Николов“. Со високо образование се стекнал на УКИМ-Факултет за драмски уметности во Скопје, на 2000 година. Дипломирал во 2000 година, со просечен успех 9,61.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик.

Во учебната 2006 се запишал на втор циклус (магистерски) студии на Факултетот за драмски уметности во Белград, Р Србија. Студиите ги завршил на Факултетот за драмски уметности во Белград, во 2010 година, со просечен успех 9.,12. На Факултетот за драмски уметности во Белград, во 2010 година го одбранил магистерскиот труд на тема: *Сличности и разлики на филмската и дигиталната слика*.

На 6.9.2011 година е избран во звањето вонреден професор на УКИМ-Факултет за драмски уметности во Скопје во областа филмска и ТВ-камера.

Во моментот е вонреден професор. Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот бр.1011 од 1.7.2011 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. _______, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од

последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 10. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Факултет за драмски уметности во Скопје, кандидатот м-р Горан Трпчевски изведува настава, вежби и теренска настава на првиот и вториот циклус студии на студиската програма Филмско и ТВ-снимање и на Филмски (аудиовизуелни) уметности.

Кандидатот учествувал како член во комисија за оцена/или одбрана на 23 дипломски и на 1 магистерски труд.

**Други активности кои припаѓаат во наставно-образовната дејност, релевантни за изборот.**

**Конкретните активности се наведуваат во табелата во Анекс 2 (член 2) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.**

Научноистражувачка дејност/Стручно-уметничка дејност

М-р Горан Трпчевски има објавено вкупно 8 уметнички дела од аудиовизуелната област, од кои 5 уметнички дела како кинематографер и 3 уметнички дела како продуцент.

**Други активности кои припаѓаат во научноистражувачката дејност, релевантни за изборот.**
**Називите на трудовите, проектите и сл. се наведуваат во табелата во Анекс 2 (член 3/член 4) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.**

Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

М-р Горан Трпчевски активно е вклучен во стручно-апликативната работа на Меѓународните студентски средби „Скомрахи“. Врши стручна активност во организација и реализација на Меѓународните студентски средби „Скомрахи“. Бил претседател на жири-комисијата за избор на најдобра фотографија при Министерството за одбрана на Р Македонија и член на меѓународното жири на фестивалот за документарен филм „ДокуМа„, Р Хрватска.

Особена активност кандидатот покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучен во работата на стручни комисии и работни групи при УКИМ-Факултет за драмски уметности:

- продекан на УКИМ-Факултет за драмски уметности (2011-2015);
- Раководител на Катедра за филмско и ТВ-снимање (2011-2015).

М-р Горан Трпчевски активно е вклучен во работата на бројни комисии на УКИМ, и тоа: Комисија за евалуација на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, 2013 и 2017 година и Комисија за настава на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, 2015 година.

**Други активности од Анекс 1 кои припаѓаат во стручно-апликативната дејност и дејноста од поширок интерес, релевантни за изборот.**
Кандидатот м-р Нинослав Димов е роден на 6.4.1982 година, во Скопје, Македонија. Средно образование завршил во Скопје во 2000 година. Со високо образование се стекнал на УКИМ-ФМУ-Скопје, 2004 година, и UDK Berlin во 2006 година. Дипломирал на УКИМ-ФМУ-Скопје во 2004 година, и UDK Berlin во 2006.

Во учебната 2005 се запишал на втор циклус (магистерски) студии на УКИМ-ФМУ-Скопје. Студиите ги завршил на УКИМ-ФМУ-Скопје во 2006 година.

Во 2009 година е избран во звањето доцент на УКИМ-ФМУ во областа видови инструменти (дувачки – саксофон). Во 2013 година е избран во звањето вонреден професор на УКИМ-ФМУ во областа видови инструменти (дувачки – саксофон).

Кандидатот активно се служи со македонскиот, англискиот и германскиот јазик.

Во моментот е вонреден професор на УКИМ-ФМУ. Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот на УКИМ бр.1066 од 1.12.2013 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. 1066, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 13. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ-ФМУ-Скопје, кандидатот м-р Нинослав Димов изведува настава на прв и втор циклус студии на студиската програма: видови инструменти (дувачки – Саксофон).

**Други активности кои припаѓаат во наставно-образовната дејност, релевантни за изборот.**

**Конкретните активности се наведуваат во табелата во Анекс 2 (член 2) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.**

**Научноистражувачка дејност/Стручно-уметничка дејност**

**Други активности кои припаѓаат во научноистражувачката дејност, релевантни за изборот.**

**Називите на трудовите, проектите и сл. се наведуваат во табелата во Анекс 2 (член 3/член 4) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.**

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатот м-р Нинослав Димов, на сите анонимно спроведени анкети на студентите на Факултетот за музичка уметност – Скопје, има добиено позитивни оценки.

За летниот семестар во учебната 2013/2014 година има просечна оценка 10,00, за зимскиот семестар во учебната 2014/2015 година има просечна оценка 9,96, за летниот семестар во учебната 2014/2015 година има просечна оценка 9,60, за зимскиот семестар во учебната 2015/2016 година има просечна оценка 9,88, за летниот семестар во учебната 2015/2016 година има просечна оценка 10,00, за зимскиот семестар во учебната 2016/2017 година има просечна оценка 9,99, за летниот семестар во учебната 2016/2017 година има просечна оценка 9,94, за летниот семестар во учебната 2017/2018 година има просечна оценка 10,00 и за зимскиот семестар во учебната 2017/2018 година има просечна оценка 10,00.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на м-р Нинослав Димов.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека м-р Нинослав Димов поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето редовен професор во научната област: видови инструменти (дувачки - саксофон).

Според гореизнесеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за музичка уметност - Скопје, м-р Нинослав Димов да биде избран во звањето **редовен професор** во научната област: видови инструменти (дувачки - саксофон).

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА
Проф. м-р Страшо Темков, с.р.
Проф. м-р Васо Ристов, с.р.
Проф. м-р Гордана Јосифова Неделковска, с.р.

*Анекс 2*

# ОБРАЗЕЦ
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:**

Нинослав Стојан Димов (име, татково име и презиме)

**Институција:**

Факултет за музичка уметност – Скопје (назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** **видови инструменти (дувачки-саксофон)**

**Вокално-инструментален оддел – видови инструменти (дувачки-саксофон)**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Одржување настава (прв циклус) – зимски семестар 2013 година – 22 часа неделно | 13.2 |
| 2 | Одржување настава (прв циклус) – летен семестар 2014 година – 22 часа неделно | 13.2 |
| 3 | Одржување настава (прв циклус) – зимски семестар 2014 година – 24 часа неделно | 14.4 |
| 4 | Одржување настава (прв циклус) – летен семестар 2015 година – 24 часа неделно | 14.4 |
| 5 | Одржување настава (прв циклус) – зимски семестар 2015 година – 26 часа неделно | 15.6 |
| 6 | Одржување настава (прв циклус) – летен семестар 2016 година – 26 часа неделно | 15.6 |
| 7 | Одржување настава (прв циклус) – зимски семестар 2016 година – 31 часа неделно | 18.6 |
| 8 | Одржување настава (прв циклус) – летен семестар 2017 година – 31 часа неделно | 18.6 |
| 9 | Одржување настава (прв циклус) – зимски семестар 2017 година – 27 часа неделно | 16.2 |
| 10 | Одржување настава (прв циклус) – летен семестар 2018 година – 27 часа неделно | 16.2 |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| 11 | Одржување настава (втор циклус) – зимски семестар 2015 година – 1 час неделно | 0.75 |
| 12 | Одржување настава (втор циклус) – летен семестар 2016 година – 1 час неделно | 0.75 |
| 13 | Одржување настава (втор циклус) – летен семестар 2017 година – 1 час неделно | 0.75 |
| 14 | Одржување настава (втор циклус) – зимски семестар 2017 година – 1 час неделно | 0.75 |
| 15 | Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура | 0.3 |
| | **Вкупно** | 159.3 |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| | | |
| | **Вкупно** | |

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-уметничка): | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Прв дувач на симфониски оркестар – Мак. филхармонија - 25. 4.2013 | 0.1 |
| 2 | Целовечерен концерт – рецитал – 20.11.2013 – Скопје | 8 |
| 3 | Прв дувач на симфониски оркестар – Мак. филхармонија – 6.2.2014 | 0.1 |
| 4 | Прв дувач на симфониски оркестар – Мак. филхармонија – 13.2.2014 | 0.1 |
| 5 | Член на камерен ансамбл – 37. Денови на македонска музика – 5.4.2014 | 2 |
| 6 | Член на камерен ансамбл – 37. Денови на македонска музика – 11.4.2014 | 2 |
| 7 | Концерт со МРТВ Биг бенд – Скопско лето 2014 – 2.7.2014 | 0.05 |
| 8 | Член на камерен ансамбл – 26.11.2014 – Утрехт, Холандија | 2 |

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-уметничка): | Поени |
|---|---|---|
| 9 | Целовечерен концерт – рецитал – 25.11.2014 – КИЦ Скопје | 8 |
| 10 | Солистички концерт со Македонска филхармонија – 4.12.2014 | 8 |
| 11 | Целовечерен концерт – ДКЦ Карпош – Скопје – 25.12.2014 | 8 |
| 12 | Солистички концерт со Камерниот оркестар на Битола – 28. Денови на македонска музика – 5.4.2015 | 8 |
| 13 | Прв дувач на симфониски оркестар – Мак. филхармонија – 7.5.2015 | 0.1 |
| 14 | Целовечерен концерт 2+1 – Музеј на Град Скопје – 26.5.2015 | 8 |
| 15 | Целовечерен концерт-рецитал – Охридско лето 2015 – 26.7.2015 | 8 |
| 16 | Целовечерен концерт-рецитал – Есенски музички свечености 2015 – КИЦ Скопје – 23.11.2015 | 8 |
| 17 | Прв дувач на симфониски оркестар – Мак. филхармонија – 17.12.2015 | 0.1 |
| 18 | Прв дувач на симфониски оркестар – Мак. филхармонија – 12.5.2016 | 0.1 |
| 19 | Член на камерен ансамбл Con Tempora – Тетово – 1.2.2016 | 2 |
| 20 | Прв дувач на симфониски оркестар – Мак. филхармонија – 10.3.2016 | 0.1 |
| 21 | Член на камерен ансамбл – 39. Денови на македонска музика – 2.4.2016 | 2 |
| 22 | Концерт со МРТВ Биг Бенд – Прилеп Џез фестивал – 25.8.2016 | 0.05 |
| 23 | Целовечерен концерт 2+1 (реприза) – Дом на културата „Иван Мазов – Климе“ – 7.12.2016 | 1.6 |
| 24 | Концерт на ЗЦМ Биг бенд – 40. Денови на македонска музика – 1.4.2017 | 0.05 |
| 25 | Целовечерен концерт-рецитал со Нова Берлин саксофон квартет – Гуангжоу, Кина – 1.9.2017 | 2 |
| 26 | Целовечерен концерт-рецитал со Нова Берлин саксофон квартет (реприза) – Шенжен, Кина – 8.9.2017 | 0.4 |
| 27 | Целовечерен концерт-рецитал – СаксКлар 2017 - Мал јубилеј – ДКЦ Карпош – 25.11.2017 | 8 |
| 28 | Солистички настап во Лариса, Грција – дел од целовечерен концерт на предавачите на 6. Средување на саксофонисти во Лариса, Грција | 0.6 |
| 29 | Целовечерен концерт-рецитал – Пожаревац, Србија – 20.4.2018 | 8 |
| 30 | Целовечерен концерт-рецитал (реприза) – КИЦ на РМ во Софија, Бугарија – 30.4.2018 | 1.6 |

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-уметничка): | Поени |
|---|---|---|
| | **Вкупно** | 97.05 |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-апликативна): | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Член на меѓународна жири-комисија – Даворин Јенко, Белград, Србија, 2014 | 2 |
| 2 | Член на меѓународна жири-комисија – Пожаревац, Србија, 2016 | 2 |
| 3 | Член на меѓународна жири-комисија – Шенжен, Кина, 2017 | 2 |
| 4 | Член на меѓународна жири-комисија – СаксКлар 2017, Скопје | 2 |
| 5 | Член на меѓународна жири-комисија – Пожаревац, Србија, 2017 | 2 |
| 6 | Член на меѓународна жири-комисија – Пожаревац, Србија, 2018 | 2 |
| 7 | Член на меѓународна жири-комисија – Лариса, Грција, 2018 | 2 |
| | **Вкупно** | 14 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 159,3 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | 97,05 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 14 |
| **Вкупно** | 270,35 |

ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА

1. Проф. м-р Страшо Темков, с.р.
2. Проф. м-р Васо Ристов, с.р.
3. Проф. м-р Гордана Јосифова Неделковска, с.р.

**До**
**ННУС при ФМУ , в.д. декан на ФМУ, Деканатска управа на ФМУ, Рецензентската комисија, ректор на УКИМ и Државен просветен инспекторат**

**Од**
**Д-р Дуња Иванова**
**Бул. „Климент Охридски“ 15/1-9**
**070 832 190**
**dunjapiano@yahoo.com**

Врз основа на чл. 4 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 82/2018), и врз основа на **правото на приговор** кое го имаат наставно-научните работници од соодветната научна област и вклучените лица во постапката, гарантирано во чл. 51 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – пречистен текст (Универзитетски гласник бр. 250/15.VI 2013), а по објавувањето на Рефератот на Рецензентската комисија во Билтенот на УКИМ бр. 1177 (од 01.10.2018 ISSN-1857-9779) на веб-страницата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, го поднесувам овој

**П Р И Г О В О Р**

од **д-р Дуња Иванова,** а на објавениот Реферат за избор на м-р Кристијан Каровски и м-р Дино Имери во звањето доцент по областа видови инструменти (пијано) на Факултетот за музичка уметност – Скопје.

Овој Приговор е во насока на оспорување на постапката за изборот на м-р Кристијан Каровски и м-р Дино Имери во звањето доцент по областа видови инструменти (пијано) на Факултетот за музичка уметност – Скопје, по пат на Конкурс во кој ФМУ изврши манипулативна повреда врз мојата личност и повреда на моето право да учествувам на јавен оглас за вработување и на тој начин да добијам фер третман и проценка на моите квалитети како што тоа е сторено со кандидатите наведени во Рефератот објавен во Билтенот на УКИМ од 1.10.2018 година.

**Укажувам на следниве прекршувања и пропусти:**

Тогашниот декан на ФМУ инсистираше да ги повлечам моите документи од јавниот конкурс за вработување на наставници по пијано на кој уредно се пријавив во предвидениот рок и за што постои документација. Од почит и со желба за кооперативност, ги повлеков документите за, како што бев замолена, да не бидат "загрозени" другите двајца кандидати за кои бил наменет конкурсот по пијано, а со надеж дека на новоотворениот конкурс за избор на наставник во наставно-научно звање од наставната област естетика на музиката ќе добијам фер третман согласно со Законот за високото образование на РМ.

Сепак, овој конкурс, поради евидентните внатрешни непринципиелни и персонални првевирања и притисоци на ФМУ, наиде на ќорсокак, па оттаму и моето право да бидам дел од фер постапка за избор.

Рефератот потпишан од трочлената Рецензентска комисија се базира на постапка за избор, како што е наведено, на двајца кандидати-единствени пријавени на конкурсот што <u>според горенаведните факти е спорно</u>. Оттаму и Рефератот се базира на спорна постапка за која во исто време се постапува и по Приговор доставен до Државниот просветен инспекторат.

Поради горенаведено, а во духот на академското разбирање и мирно решавање на споровите, **барам** Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за музичка уметност при УКИМ во Скопје, по објавувањето, **да го усвои Приговорот** како основан и издржан и да постапи согласно со насоките дадени во чл. 53 од универзитетскиот *Правилник за избор во звања* (ПТ 2013), <u>и да ја стопира понатамошната постапка, односно да го **реобјави** конкурсот за избор на наставници по обласа видови инструменти (пијано) на Факултетот за музичка уметност – Скопје.</u>

Подносител

Дуња Иванова с. р.

Врз основа на член 52 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнични звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 138/2009, 140/2009, 173/2011, 194/2011, 250/2013 и 274/2013) (во натамошниот текст: Правилникот), како членови на Рецензентската комисија за избор на двајца наставници во сите наставно-научни звања по областа видови инструменти (пијано) на Факултетот за музичка уметност – Скопје, го даваме следниов

## ОДГОВОР НА ПРИГОВОР

по Приговорот поднесен од д-р Дуња Иванова (арх. бр. 04-759/1 од 2.10.2018 година), на Рефератот за избор на двајца наставници во сите наставно-научни звања по областа видови инструменти (пијано) на Факултетот за музичка уметност – Скопје, објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје број 1177 од 1.10.2018 година.

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за музичка уметност – Скопје, објавен во весниците „Вечер“ и „Koha“ од 14.6.2018 година, за избор на двајца наставници во сите наставно-научни звања по областа видови инструменти (пијано) и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот и уметнички совет, арх. бр. 02-505/1 од 10.7.2018 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. Борис Романов, проф. м-р Тодор Светиев и проф. м-р Зоран Пехчевски.

Согласно со член 44 од Правилникот, деканот на факултетот, односно директорот на институтот, во рок не подолг од 8 дена ги известува членовите на рецензентската комисија и им ја доставува целокупната документација.

Како членови на Рецензентската комисија, со допис арх. бр. 03-513/1 од 10.7.2018 година, бевме известени дека сме именувани за членови на Рецензентска комисија и ни беше доставена целокупната документација. Со дописот ни беше доставена пријавата арх. бр. 04-454/1 од 18.6.2018 година и целокупната документација од кандидатот м-р Дино Имери, како и пријавата арх. бр. 04-456/1 од 19.6.2018 година и целокупната документација од кандидатот м-р Кристијан Каровски.

Врз основа на увидот во архивата, д-р Дуња Иванова поднела пријава арх. бр. 04-455/1 од 18.6.2018 година, а со Изјава арх. бр. 04-455/2 од 28.6.2018 година ги повлекла документите.

Имајќи предвид дека Наставно-научниот и уметнички совет со Одлука арх. бр. 02-505/1 од 10.7.2018 година, формира Рецензентска комисија во состав: проф. Борис Романов, проф. м-р Тодор Светиев и проф. м-р Зоран Пехчевски, како и по ивестувањето и доставувањето на целокупната документација со допис арх. бр. 03-513/1 од 10.7.2018 година, бевме известени дека сме именувани за членови на Рецензентска комисија и ни беше доставена целокупната документација. По прегледувањето на доставената документација, го поднесовме Рефератот за избор на двајца наставници во сите наставно-научни звања по областа видови инструменти (пијано) на Факултетот за музичка уметност – Скопје, објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје број 1177 од 1.10.2018 година.

Врз основа на горенаведеното, Рецензентската комисија ги доби единствено пријавите и материјалите од двајцата кандидати и останува на предлогот од Рефератот за

избор на двајца наставници во сите наставно-научни звања по областа видови инструменти (пијано) на Факултетот за музичка уметност – Скопје, објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје број 1177 од 1.10.2018 година.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. м-р Тодор Светиев, с.р.

Проф. м-р Зоран Пехчевски, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ТРАНСФОРМАЦИОНО МОРФО - ФУНКЦИОНАЛНИ И МОТОРИЧКИ ЕФЕКТИ ОД СПЕЦИЈАЛНО ПРОГРАМИРАН ФУНКЦИОНАЛЕН ТРЕНИНГ КАЈ ФУДБАЛЕРИ КОИ ИГРААТ НА РАЗЛИЧНИ ПОЗИЦИИ“ ОД М-Р ЖИКИЦА ТАСЕВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И ЗДРАВЈЕ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје, на седницата одржана на 3.10.2018 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Жикица Тасевски со наслов **ТРАНСФОРМАЦИОНО МОРФОФУНКЦИОНАЛНИ И МОТОРИЧКИ ЕФЕКТИ ОД СПЕЦИЈАЛНО ПРОГРАМИРАН ФУНКЦИОНАЛЕН ТРЕНИНГ КАЈ ФУДБАЛЕРИ КОИ ИГРААТ НА РАЗЛИЧНИ ПОЗИЦИИ**, во состав: проф. д-р Ленче Алексовска Величковска (претседател), проф. д-р Небојша Марковски (ментор), проф. д-р Вујица Живковиќ (член), проф. д-р Гино Стрезовски (член) и проф. д-р Висар Ганиу (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје му го поднесува следниов

### И З В Е Ш Т А Ј

**Анализа на трудот**

Докторската дисертација на кандидатот м-р Жикица Тасевски, со наслов **ТРАНСФОРМАЦИОНО МОРФОФУНКЦИОНАЛНИ И МОТОРИЧКИ ЕФЕКТИ ОД СПЕЦИЈАЛНО ПРОГРАМИРАН ФУНКЦИОНАЛЕН ТРЕНИНГ КАЈ ФУДБАЛЕРИ КОИ ИГРААТ НА РАЗЛИЧНИ ПОЗИЦИИ**, содржи 230 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина на букви 12, со 60 фусноти, 56 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во 10 глави, вовед и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот, изложени се предметот и целите на истражувањето, хипотезата, истражувачките прашања, теоретската рамка и методите на истражувањето. Кандидатот укажува дека со развојот на современата фудбалска игра се развива и тренажниот процес од кој во голема мера зависи постигнувањето на врвните резултати кај фудбалерите. Кандидатот во својата докторска дисертација поставува цел да се пронајде најефикасен и најрационален физички и техничко тактички план на подготовка со кој ќе се постигнат најдобри резултати. За таа цел, направено е истражување во кое аплицирајќи функционален тренинг адаптиран за фудбалери, се согледуваат трансформационо морфо-функционалните и моторичките ефекти кај фудбалери кои играат на различни позиции.

**Првата глава** од докторската дисертација е насловена „Досегашни истражувања“. Во неа се анализирани голем број истражувања од автори кои во директна или индиректна смисла имаат допирни точки со поставениот проблем во докторската дисертација. Имајќи предвид дека поголемиот број од досегашните истражувања се од понов датум, можеме слободно да кажеме дека темата за докторска дисертација е современа и актуелна.

**Предмет на истражување**

Во оваа глава, кандидатот доста прецизно дефинира дека предмет на истражувањето ќе биде морфофункционалниот и моторичкиот статус на фудбалерите, односно специјално програмиран систем на фукционален тренинг кај фудбалери кои играат на различни позиции во тимот.

**Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата**

Со големо чувство во оваа глава, кандидатот, на многу јасен и концизен начин укажува на потребата во однос на карактеристиките на одредени фудбалери да се пронајде најефикасен и најрационален физички и техничко-тактички план на подготовка со кој ќе се постигнат најдобри резултати. Со таа цел е направено и нашето истражување во кое аплицирајќи функционален тренинг адаптиран за фудбалери, ги согледуваме трансформационо морфофункционалните и моторичките ефекти на фудбалерите кои играат на различни позиции во тимот, одбранбени играчи кои играат во средината и напаѓачи.

На крајот од оваа глава, кандидатот со право потенцира дека современиот фудбал бара од играчите манифестирање на функционални способности и техничко-тактичка ефикасност на високо ниво, со еден збор морфофункционална универзалност со цел да можат да делуваат во различни ситуации на играта, често во недостаток на време, ограничен простор и низ активно попречување од страна на противникот, а за потребата на таква подготовка неопходно е изнаоѓање на современи методи во тренажниот процес на фудбалерите, базирани на нови научни сознанија.

**Краток опис на применетите методи**

Во главата што следува, **Методи за обработка на податоците**, применети се оние што овозможуваат кондензација и трансформација на основните информации и со кои во доволно егзактно научна смисла е можно да се одговори на целите, како и да се провери заснованоста на хипотезите од ова истражување. Во тој контекст, пред сѐ, избрани се оние методи кои најчесто се применувани во досегашнте истражувања и одговараат на спецификата на добиените податоци.
За сите варијабли се пресметани: основните статистички параметри: аритметичка средина (X), стандардна девијација (SD), коефициент на варијабилност (V), минимален резултат (MIN), максимален резултат (MAX); асиметричност (скјунис - skewness) на дистрибуцијата на резултатите; издолженост,односно плоскавоста (куртозис - kurtosis) на дистрибуцијата на резултатите; Колмогоров-Смирнова метода за тестирање на нормалноста на дистрибуцијата на резултатите (KS).

За утврдување на мултиваријатните и униваријатните меѓугрупни разлики во иницијалното мерење се применети еднофакторска анализа на варијансата и LSD Post Hoc test.

Парцијализацијата на резултатите во финалното мерење е направена со помош на мултиваријантна и униваријантна анализа на коваријансата (МАНКОВА, АНКОВА), под моделот на применливи коваријанси. За да се утврди кои суппримероци меѓусебно

статистички зачајно се разликуваат, во варијаблите каде што постои статистичка значајна разлика беше применет и LSD Post Hoc test.

Униваријантните разлики во анализираните варијабли во секоја група посебно, меѓу иницијалното и финалното мерење се тестирани со Т-тестови за мали зависни примероци.

За обработка на добиените податоци е користен статистичкиот софтверски програм SPSS22. Со ваквиот приод, кандидатот доаѓа до задоволителни научни решенија во ова истражување.

**<u>Краток опис на резултатите од истражувањето</u>**

Експерименталната програма која траела шест работни недели по четири тренинзи неделно довела до значајни намалувања на обемот на надлактица флектиран, кожна дипла супраилијачно, кожна дипла на надколеницата и кожна дипла супраилијачно. Исто така, дошло до подобрување на резултатот во тестовите: цик-цак трчање без топка, ајаксов тест 5 х 10 метри без топка, илиноис тест без топка, трчање на 10 метри, скок од статичка положба, скок со подготовка, скок со подготовка и замав со раце, динамометрија-флексија (лева нога), склекови, подигнување на трупот за 30 секунди и прогресивно трчање на 20 метри. Промени во негативна насока се утврдени во ајаксов тест 5 х 10 метри со топка, трчање на 30 метри, трчање на 20 метри летечки старт, динамометрија-естензија (десна нога) и динамометрија-естензија (лева нога).

Во однос на позициите на кои играат играчите во тимот може да се констатира дека експерименталната програма довела фудбалерите кои играат во одбраната да постигнуваат статистички значајно послаби резултати во: ајаксовиот тест со топка, во однос на играчите кои играат во средниот ред и нападот. Фудбалерите кои играат во нападот постигнуваат подобри резултати во моторичкиот тест: трчање на 10 метри, трчање на 20 метри, моторичките тестови за проценување на скочноста: SJ, CMJ и CMJA, тестот за проценување на анаербоната моќ SJ_15_SEK и тестот за проценување на максималната сила DIFLN во однос на играчите кои играат во одбраната и средниот ред. Исто така, шестнеделната експериментална програма придонела фудбалерите кои играат во нападот да имаат статистистички значајно поголеми вредности на антропометриската мерка кожна дипла, на подлактицата во однос на играчите кои играат во средниот ред и одбраната. Фудбалерите кои играат во одбраната имаат статистистички значајно помали вредности на антропометриската мерка, кожна дипла на подколеницата, во однос на играчите кои играат во одбраната. Фудбалерите кои играат во средниот ред имаат статистистички значајно помали вредности на масната компонента, изразена во килограми и проценти во однос на играчите кои играат во одбраната и нападот. Фудбалерите кои играат во одбраната имаат статистистички значајно поголеми вредности на мускулната маса изразена во килограми и проценти во однос на играчите кои играат во средниот ред и нападот.

**ОЦЕНА НА ТРУДОТ**

Докторската дисертација на кандидатот м-р Жикица Тасевски, со наслов **Трансформационо морфофункционални и моторички ефекти од специјално програмиран функционален тренинг кај фудбалери кои играат на различни позиции**, претставува истражување во кинезиологијата. Со изработката на темата на оваа докторска дисертација, кандидатот укажува на теоретското и практичното значење на истражувањето, а добиените резултати даваат нови научни информации, кои ја збогатуваат не само теоријата на фудбалот, туку имаат и своја практична примена, односно теоретското

значење е да се утврдат релациите помеѓу применетите варијабли, а практичното значење се состои во практичната примена на добиените резултати.

Докторската дисертација на кандидатот м-р Жикица Тасевски, со наслов „**Трансформационо морфофункционални и моторички ефекти од специјално програмиран функционален тренинг кај фудбалери кои играат на различни позиции**“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

**ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ**

Кандидатот, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавил (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

[1]. Z. Tasevski, N. Markovski, S. Gontarev, (2017), **Anthropomrntical Characteristics and Somatotype of Young Macedonian Soccer Players aged 11-18,** International Scientific Congress, Applied sports Sciences, proceeding book pp.163-168, ISBN(Print):978-954-718-489-3; ISBN(Online):978-954-718-490-9.

[2]. Z. Tasevski, N. Markovski, V. Zivkovic, (2016), **Differences in Certain Basic-motor and Motor Tests in Various Somatotypes of Young football Players,** International Journal of Scientific Issues in Physical Education, Sport and Health, Research in Physical Education, Sport and Health. 2016, Vol. 5, No. 2, pp.83-89, ISSN(Print):1857-8152; ISSN(Online):1857-8160, www.pesh.mk 79.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Главни научни придонеси на кандидатот се: резултатите имаат голема теоретска и апликативна применливост.

Подрачјето на примена и ограничувањата се: релативно малиот примерок на испитаници и примената на трансверзално и лонгитудинални истражувања.

Можните понатамошни истражувања се: на поголем примерок испитаници и различен пристап на нивна обработка.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје, да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот **м-р Жикица Тасевски** со наслов **Трансформационо морфофункционални и моторички ефекти од специјално програмиран функционален тренинг кај фудбалери кои играат на различни позиции.**

КОМИСИЈА

**Проф. д-р Ленче Алексовска Величковска, претседател, с.р.**

**Проф. д-р Небојша Марковски, ментор, с.р.**

**Проф. д-р Вујица Живковиќ, член, с.р.**

**Проф. д-р Гино Стрезовски, член, с.р.**

**Вон. проф. д-р Висар Ганиу, член, с.р.**

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ ДЕФЕКТОЛОГИЈА, МЕТОДИКА, КРИМИНОЛОГИЈА, ЗАШТИТА И ПОМОШ НА ХЕНДИКЕПИРАНИ И СОЦИЈАЛНА ПЕДАГОГИЈА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**

По основа на распишаниот конкурс од Филозофскиот факултет во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", објавен во весниците „Нова Македонија" и „Коха" на 1 и 2 Септември 2018 година за избор на наставник во сите звања во научните области: 50504 методика, 50521 дефектологија, 50826 криминологија, 50522 заштита и помош на хендикепирани и 50518 социјална педагогија и по основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, донесена на XIII редовна седница одржана на 3.10. 2018, формирана е Рецензентска комисија во состав: ***проф. д-р Нелко Стојаноски, проф. д-р Сунчица Димитријоска и проф. д-р Даниела Димитрова-Радојичиќ.***

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледот на доставената документација, го поднесуваме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научните области: методика, дефектологија, криминологија, заштита и помош на хендикепирани и социјална педагогија, во предвидениот рок се пријавија двајца кандидати, д-р Зоран Киткањ и д-р Десанка Угриновска.

Врз основа на доставената документација од страна на кандидатката д-р Десанка Угриновска, Комисијата утврди дека документацијата не е комплетна, односно дека Угриновска нема доставено Образец кон извештајот за избор во наставно-научно, научно, наставно-стручно и соработничко звање. Од овие причини се заклучи дека пријавената кандидатка не ги исполнува општите и посебните услови предвидени со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Заради наведените факти, пријавата на кандидатката д-р Десанка Угриновска не се зема предвид при поднесувањето на Извештајот.

На објавениот конкурс за избор на еден наставник (во сите наставно-научни звања) за следниве научни области (дисциплини): 50504 методика, 50521 дефектологија, 50826 криминологија, 50522 заштита и помош на хендикепирани и 50518 социјална педагогија, во предвидениот рок и со потполна документација се пријави проф. д-р Зоран Киткањ.

**Биографски податоци и професионален развој за кандидатот Зоран киткањ**

Зоран Киткањ е роден на 25.7.1968 година во Штип, каде што ги завршил основното и средното образование. Високо образование, Дефектолошки факултет, отсек за превенција и ресоцијализација завршил во Белград во 1994 година со просечна оцена 8,5.

Во текот на своите студии ја извршувал функцијата студент-продекан на Дефектолошкиот факултет во Белград и член на Собранието на Универзитетот во Белград (денес Сенат на Белградскиот универзитет).

**Од април 1995 до декември 1996 година, по договор за дело, работел во ЈУ за згрижување и воспитување на деца и младинци во Скопје „25 Мај“.**

**Кандидатот во текот на 1997/1998 година има работено (9 месеци) во Заводот за рехабилитација на деца и младинци во Топанско Поле, Скопје.**

**Во февруари 1998 година, кандидатот Зоран Киткањ е примен како помлад асистент на Институтот за дефектологија при Филозофскиот факултет во Скопје. Како асистент ја реализираше практичната настава по предметите: Основи на дефектологија и Структурална дефектолгија, а подоцна и на предметните програми по Олигофренологија, Соматопедија и Превенција и ресоцијализација на лица со пречки во однесувањето.**

Во 2004 година ги завршил постдипломските студии на Институтот за дефектологија (општа насока) и го одбранил магистерскиот труд со наслов: *Права на заштита, едукација и рехабилитација на лицата со хендикеп во Република Македонија и нивна усогласеност со меѓународните документи,* со што се стекнал со академски степен - магистер на дефектолошки науки.

**Во март 2009 година, на Институтот за дефектологија при Филозофскиот факултет во Скопје, Зоран Киткањ ја одбранил докторската дисертација со наслов: *Престапничко однесување кај малолетните сторители со посебен осврт на лицата со интелектуален дефицит*.**

Кандидатот Зоран Киткањ, како наставник по изборот во звањето доцент (10.6.2009 година), ангажиран е во изведувањето на наставата по следниве задолжителни предметни програми: Основи на дефектологијата и Превенција и ресоцијализација на лица со пречки во однесувањето (стара студиска програма).

Зоран Киткањ на 4-та редовна седница на ННС на Филозофскиот факултет, одржана на 26.02.2014, е избран во звањето вонреден професор.

Кандидатот Зоран Киткањ е изготвувач и реализатор на следниве **актуелни** предметни програми: Специјална едукација и рехабилитација, Малолетничка деликвенција, Методика на ресоцијализација (задолжителни) и Права на лицата со инвалидност како изборен предмет.

Д-р Зоран Киткањ, исто така, е изготвувач и реализатор на предметните програми: *Права на лицата со инвалидност* на Институтот за родови студии и *Семејството и малолетничката делинквенција* на Институтот за семејни студии при Филозофскиот факултет. Зоран Киткањ, исто така, е реализатор на предметната програма по Малолетничка делинквенција на Институтот за социологија.

Д-р Зоран Киткањ успешно и ефикасно ја реализирал наставата од втор циклус студии на повеќе студиски програми од втор циклус.

На студиската програма по специјална едукација и рехабилитација - втор циклус ( 60 и 120 кредити), изготвувач и реализатор е на предметните програми по: *Социопедија, Правата на лицата со инвалидност и Специјална едукација и рехабилитација (120 кредити).*

На студиската програма по инклузивно образование - втор циклус, изготвувач и реализатор е на предметната програма по:

- *Инклузивно образование на ученици со нарушување во однесувањето.*

Д-р Зоран Киткањ **е основач** на студиската програма по малолетничка деликвенција (интердисциплинарните студии од втор циклус) која започна со работа академската 2013/2014 година.

На студиската програма по малолетничка деликвенција, изготвувач и реализатор е на следниве предметни програми:

- Криминологија со малолетничка деликвенција;
- Современи тенденции во третманот на малолетните престапници;
- Превенција на престапничкото однесување.

## 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР

### Наставно-образовна дејност

Во периодот од последниот избор во наставно-научното звање вонреден професор, од 26.2. 2014 година, па сè до септември 2018 година, проф. д-р Зоран Киткањ наставно-образовната дејност ја реализирал преку предавања и вежби по повеќе предмети на студиските програми од прв и втор циклус студии.

Проф. д-р Зоран Киткањ учествувал и во изготвувањето на наставните програми за прв и втор циклус студии при извршување на неопходните промени и акредитација на студиските програми на Институтот за дефектологија, Институтот за родови студии, Институтот за социологија и Институтот за семејни студии.

На првиот циклус студии, тоа се задолжителните предметните програми по: *Специјална едукација и рехабилитација, Малолетничка делинквенција* и *Методика на ресоцијализација* при Институтот за дефектологија, *Права на лицата со инвалидност,* како изборен предмет на Институтот за родови студии, *Малолетничка делинквенција*, како изборен предмет на Институтот за социологија *и Семејството и малолетничката делинквенција* на Институтот за семејни студии.

На вториот циклус студии, кандидатот Зоран Киткањ ги подготвил предметните програми по следниве предмети:

*Инклузивно образование на ученици со нарушување во однесувањето; Инклузивна култура политика и практика;* на студиската програма по инклузивно образование при Институтот за дефектологија. На студиската програма по специјална едукација и рехабилитација на Институтот за дефектологија ја изготвил и реализатор е на предметната програма по предметот *Социопедија*.

На студиската програма по малолетничка делинкивенција, проф. Зоран Киткањ ги реализира следниве предметни програми: *Криминологија со малолетничка делинквенција;*
*Современи тенденции во третманот на малолетните престапници;*
*Превенција на престапничко однесување.*

Покрај наставата, во последниве 5 години проф. Зоран Киткањ бил ментор на 22 дипломски работи и член на комисија за одбрана на 21 дипломска работа. Проф. Киткањ Зоран бил член на комисија за оцена или одбрана на докторска дисертација кај два кандидата и 11 пати бил член во комисиите за оцена и одбрана на магистерски трудови.

**Активностите што се дел од наставно-образовната дејност, а кои се релевантни за изборот, наведени се во табелата во Анекс 2, со датуми и други релевантни податоци.**

Според член 13 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, може да се констатира дека д-р Зоран Киткањ од делот **наставно-образовна дејност** остварил **93,15** поени, и со тоа многукратно го надминал минималниот број поени (20) што е неопходно да ги оствари за да биде избран во звањето редовен професор по оваа основа.

**<u>Научноистражувачка дејност</u>**

Д-р Зоран Киткањ, во рамките на научноистражувачката дејност, во периодот од 26.2. 2014, па сè до септември 2018 година, како автор или коавтор има објавено вкупно 8 труда во списанија со меѓународен уредувачки одбор, од кои: еден труд во

списание WEB OF SCIENCE, два труда во SCOPUS, еден труд во EBSCO и четири труда во списанија и зборници со меѓународен уредувачки одбор.

- Katerina naumova, Zopran Kitkanj, *AVOIDANCE/ APPROACH PERSONALITY TRAITS AS PREDICTORS OF PSYCHOPATHOLOGY IN CONVICTED OFFENDERS,, Psihologija, Beograd 2018 (во печат).*
- Зоран Киткањ, Катерина Наумова, *Осетливост на поткрепување кај рецидивисти и насилни престапници* Journal of special education and rehabilitation, Skopje, 2017. Vol.18 Issue 3-4.
- Orhideja Šurbanovska, Zoran Kitkanj, Natasha Ristovska, *Parental acceptance/rejection and emotional intelligence among adolescents with and without delinquent behavior,* Journal of special education and rehabilitation, Skopje, 2017. Vol.18 Issue 3-4.
- Ana Fritzhand, Zoran Kitkanj, Ivan Anastasovski, Lenche Aleksova Velichkovska, *„THE ROLE OF SPORTS IN OVERCOMING AGGRESSION IN CHILDREN AND ADOLESCENTS,, ,* Research in Physical Education, Sport and Health, 2017, Vol. 6, No 2 .
- Ана Фрицханд, Зоран Киткањ, Соња Милошевска, *Родителски стилови кај лица од рана возрасна доба со различен степен на образование и функционалност на семејството,* Просветно дело, Скопје, 2017, бр. 5.
- Georgivska Sofija, Zoran Kitkanj *„Standpoint of the foster families (care providers) for quality standards for children without parental care,,* Godišnjak za psihologiju, 2018, Niš (во печат).
- Зоран Киткањ, Ана Фрицханд, 2017, *Дисфункционалност на семејството и разводот: ефекти врз развојот на децата и адолесцентите*, 2017, IURIDICA PRIMA Институт за правно-економски истражувања и едукација, 6.
- Georgivska Sofija, Zoran Kitkanj, ***TEAMWORK AND EFFECTIVENESS OF WORK ORGANIZATIONS,*** Godišnjak za psihologiju, 2018, Niš (во печат).

Од анализата на трудовите на д-р Зоран Киткањ од изборот во звањето вонреден професор, 2014-2018 година, заклучуваме дека кандидатот има истражувачки предизвик за суштинските прашања од обласа на криминологијата - малолетничката деликвенција, социјалната педагогија и социјалната заштита на децата во социјален ризик, како и ризик-факторите за нарушување во однесувањето и слично.

Објавените трудови го легитимираат кандидатот д-р Зоран Киткањ како компетентен истражувач во научните области: методика, криминологија, социјална педагогија и дефектологија.

Својата стручност и компетентност кандидатот Зоран Киткањ ја докажува и преку секциски предавања и излагања на научни стручни собири со меѓународно учество:

*„УТВРЂИВАЊЕ ПОСЕБНИХ И ПРИОРИТЕТНИХ ПОТРЕБА КОД МАЛОЛЕТНИКА КОЈИ СУ УПУЋЕНИ НА ИЗДРЖАВАЊЕ КАЗНЕ У МАЛОЛЕТНИЧКОМ ЗАТВОРУ ИЛИ ИНСТИТУЦИОНАЛНЕ МЕРЕ УПУЋИВАЊА У ВАСПИТНО-ПОПРАВНУ УСТАНОВУ КАО ПРЕДУСЛОВ ЗА УСПЕШАН И ЕФИКАСАН ТРЕТМАН„* стручно-научна конференција са међународним учешћем, дани дефектолога Србије, Нови Сад, 09-12. фебруар 2017,

**Zoran Kitkanj**, Silvana Markovska-Simoska, MArija Raleva, Angelina Filipovska, Biljana Krlevska, Biljana Spasovska

***„NEED FOR INDIVIDUALIZING INTERVENTION IN JUVENILE OFFENDERS WHO HAVE BEEN IMPOSED UPON AN INSTITUTIONAL MEASURE OF REFERRAL TO CORRECTIONAL INSTITUTION OR SENTENCED WITH IMPRISONMENT FOR CHILDREN„*** Macedonian Psychiatric Association and WPA Section for Forensic Psychiatry, Ohrid, Macedonia,October 13-15 - 2016

**Насловите на трудовите, проектите, објавените апстракти и слично се наведени во анекс 2 од Правилникот за избор со датуми и другите потребни податоци.**

Согласно со член 13 од Правилникот за критериумите и постапките за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник, 2011 година), може да се констатира дека д-р Зоран Киткањ остварил вкупно **52,2 поени од научноистражувачката дејност,** со што го надминал двојно минималниот број на поени (20) кои се неопходни за избор во звањето редовен професор.

## Стручно-апликативна дејност

Во периодот од изборот за вонреден професор до пријавувањето на конкурсот, д-р Зоран Киткањ, во рамките на дејностите од поширок интерес, е член на интернационалниот уредувачки одбор на списанието „Дефектолошка теорија и практика“.

Зоран Киткањ е автор на монографијата со наслов: *Ризик-фактори, превенција и рана интервенција на нарушување во однесувањето,* Филозофски факултет, УКИМ, Скопје, 2018 (во коавторство со Ирена Новаческа Макалоска).

Зоран Киткањ од последниот избор во наставно звање (вонреден професор) бил член на Научниот и Организациониот одбор на меѓународната конференција ,,Трансформација кон одржливо и флексибилно општество на лицата со инвалидност, 13-15 септември 2018 година, хотел Инекс Горица-Охрид.

Кандидатот Зоран Киткањ, исто така, бил член на Научниот одбор на меѓународната конференција ,,Socijalna inkluzija osoba sa invaliditetom: značaj i programi podrške,, 26.05. 2017, Novi Sad, Društvo defektologa Vojvodine.

Проф. Зоран Киткањ бил член на организациониот одбор на меѓународна конференција со наслов „Биоетиката – знакот на новото време“ од 6-8.10.2018 година во Конгресниот центар во Охрид.

Проф. Зоран Киткањ во повеќе наврати бил член на повеќе факултетски комисии за спроведување на комисиски испит по предметите: Хумана генетика, Хумана генетика 2, Реедукација на психомоторика, Медицински основи на инвалидноста, како и на предметот Дислексија и дизграфија.

Зоран Киткањ е актуелен член на Државниот совет за превенција на детско престапништво за мандатниот период 2018-2023 година.

Исто така, проф. Зоран Киткањ е актуелен член на Сенатот на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј“ во Скопје со мандатен период од 2017 до 2021 година.

Кандидатот д-р Зоран Киткањ бил член на комисија за избор на наставник од научната област дефектологија на кандидатка од Високата медицинска школа на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола.

Проф. Зоран Киткањ е поранешен (2013-2017) и актуелен (2017-2021) раководител на студиската програма по малолетничка деликвенција од втор циклус при Филозофскиот факултет.

Проф. Зоран Киткањ е член на Центарот за интегративна биоетика при Филозофскиот факултет.

**Конкретните активности од стручно-апликативната дејност се наведени во табелата во Анекс 2 од Правилникот за избор со датуми и сите други потребни податоци.**

Во согласност со член 13 од Правилникот за критериумите и постапките за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник, година XI, бр. 173 од 1 август 2011 година), проф. д-р Зоран Киткањ има освоено вкупно 26,4 поени од **стручно-апликативната дејност,** со што го надминува потребниот минимум (5) поени кои се неопходни за избор во звањето *редовен професор.*

Оценка од самоевалуација

Во однос на педагошките аспекти на наставната дејност на кандидатот, приложени се резултатите од евалуацијата спроведена на Филозофскиот факултет, и тоа: во академската 2015/2016 година, за предметот Малолетничка делинквенција, добиена е просечна оцена 8,71, за предметот Заштита и рехабилитација на лица со инвалидност - 9,10, а за предметот Превенција и ресоцијализација – 8,73.

**Заклучок и предлог**

Од наведените активности во Извештајот може да се констатира дека станува збор за кандидат кој покажува потврдени професионални квалитети и компентенции од наведените научноистражувачки области.

Според наведеното, Рецензентската комисија со задоволство констатира дека д-р Зоран Киткањ (вонреден професор) во целост ги исполнува условите на конкурсот и ги задоволува сите предуслови предвидени во Правилникот за критериумите и постапките за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник, година XI, бр. 173 од 1 август 2011 година).

Имајќи ги предвид сите наведени квалитети на кандидатот, Комисијата има посебна чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет, д-р Зоран Киткањ да биде избран во звањето редовен професор за научните области: **дефектологија, методика, криминологија, заштита и помош на хендикепирани и социјална педагогија.**

Рецензенти

Проф. д-р Нелко Стојаноски с.р.

Проф. д-р Сунчица Димитријоска с.р.

Проф. д-р Даниела Димитрова Радојичиќ с.р.

ОБРАЗЕЦ

КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Зоран Арангел Киткањ**

(име, татково име и презиме)

**Институција:** **Филозофски факултет/Институт за дефектологија**

(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** **дефектологија, методика, криминологија, заштита и помош на хендикепирани и социјална педагогија**

*НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ*

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Одржување на настава за прв циклус студии** | |
| | Специјална едукација и рехабилитација (3+11), зимски семестар 2014/2015 | 1,8 |
| | Малолетничка деликвенција (3+2), летен семестар 2014/2015 | 1,8 |
| | Методика на ресоцијализација (4+2), летен семестар 2014/2015 | 2,4 |
| | Правата на лицата со инвалидност (3+2) зимски семестар 2014/2015 (Родови студии) | 1,8 |
| | Специјална едукација и рехабилитација (3+1), зимски семестар 2015/2016 | 1,8 |
| | Малолетничка деликвенција (3+2), зимски семестар 2015/2016 | 1,8 |
| | Методика на ресоцијализација , 4+2 летен семестар 2015/2016 | 2,4 |
| | Права на лицата со инвалидност зимски семестар, 2015/2016 | 1,8 |
| | Специјална едукација и рехабилитација (3+3), зимски семестар 2016/2017 | 1,8 |
| | Правата на лицата со инвалидност (3+2) зимски семестар 2016/2017(Родови студии) | 1,8 |
| | Малолетничка деликвенција (3+2), зимски семестар 2016/2017 | 1,8 |

| | | |
|---|---|---|
| | Методика на ресоцијализација 4+2, летен семестар 2016/2017 | 2,4 |
| | Специјална едукација и рехабилитација (3+15), зимски семестар 2017/2018 | 1,8 |
| | Малолетничка деликвенција (3+2), зимски семестар 2017/2018 | 1,8 |
| | Правата на лицата со инвалидност (3+2) зимски семестар 2017/2018 (Родови студии + СЕР) | 1,8 |
| | Методика на ресоцијализација (4+7), летен семестар 2017/2018 | 2,4 |
| **2.** | **Одржување на настава за втор циклус студии** | |
| | Социопедија, 2014/2015 (група 10) | 1,2 |
| | Социопедија, 2015/2016 (1 кандидат) | 0,25 |
| | Социопедија, 2016/2017 (1 кандидат) | 0,25 |
| | Криминологија со малолетничка деликвенција, 2014/2015 (10 кандидати) | 1,25 |
| | Криминологија со малолетничка деликвенција, 2015/2016 (9 кандидати) | 1,2 |
| | Криминологија со малолетничка деликвенција, 2016/2017 (4 кандидати) | 1 |
| | Криминологија со малолетничка деликвенција, 2017/2018 (6 кандидати) | 1,25 |
| | Специјална едукација и рехабилитација, 2014/2015 (4 кандидат) | 1 |
| | Заштита и рехабилитација на лица со инвалидност 2014/2015, 1 кандидат | 0,25 |
| | Инклузивна култура, политика и практика, 2014/2015 (2 кандидати) | 0,5 |
| | Превенција на престапничко однесување 2014/2015 , 5 кандидати | 1,25 |
| | Права на лица со инвалидност 2014/2015, 3 кандиддати | 0,75 |
| | Современи тенденции во третманот на малолетни престапници, 2014/2015, 3 кандидати | 0,75 |

| | | |
|---|---|---|
| **3.** | **Одржување на вежби** | |
| | Специјална едукација и рехабилитација (6), зимски семестар 2014/2015 | 2,7 |
| | Малолетничка деликвенција (2), зимски семестар 2014/2015 | 0,9 |
| | Методика на ресоцијализација (6), летен семестар 2014/2015 | 2,7 |
| | Права на лица со инвалидност , 2014/2015 ( 2) | 0,9 |
| | Специјална едукација и рехабилитација (6), зимски семестар 2015/2016 | 2,7 |
| | Малолетничка деликвенција (2), зимски семестар 2015/2016 | 0,9 |
| | Методика на ресоцијализација (6), летен семестар 2015/2016 | 2,7 |
| | Специјална едукација и рехабилитација (6), зимски семестар 2016/2017 | 2,7 |
| | Малолетничка деликвенција (2), зимски семестар 2016/2017 | 0,9 |
| | Методика на ресоцијализација (6), летен семестар 2016/2017 | 2,7 |
| | Права на лица со инвалидност 2016/2017 ( 2) | 0,9 |
| | Специјална едукација и рехабилитација (6), зимски семестар 2017/2018 | 2,7 |
| | Малолетничка деликвенција (3+2), зимски семестар 2017/2018 | 0,9 |
| | Методика на ресоцијализација (6), летен семестар 2017/2018 | 2,7 |
| | Права на лица со инвалидност 2017/2018 ( 2) | 0,9 |
| **4.** | **Подготовка на нов предмет од прв циклус** | |
| | Специјална едукација и рехабилитација I ДЕФ | 1 |
| | Малолетничка деликвенција I ДЕФ зимски семестар | 1 |
| | Методика на ресоцијализација I ДЕФ летен семестар | 1 |
| | Права на лица со инвалидност , I ДЕФ | 1 |
| | Семејството и малолетничка делинквенција (Семејни ) | 1 |
| | Малолетничка делинквенција (Социологија) | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | **Подготовка на предмети од втор циклус** | |
| | *Социопедија* на СП по СЕР подгрупа оштетување на видот и на СП интелектуална попреченост и аутиузам | 1 |
| | *Нарушување во однесувањето* на СП по СЕР подпрограма Специфични тешкотии во учењето | 1 |
| | *Инклузивно образование на ученици со нарушување во однесувањето* на СП по инклузивно образование | 1 |
| **5.** | **Консултации со студенти во периодот 2009-2013 (1211 х 0,002)** | 2,4 |
| **6.** | **Ментор на дипломска работа (22х 0,2)** | 4,4 |
| **7.** | **Член на комисија за оцена или одбрана на докторат (2х 0,5)**<br>**1. Весна Костиќ, 12.5. 2014**<br>**2. Наташа Станојковска, 13.5, 2015** | 1 |
| **8.** | Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура (11х0,3)<br>1. Бисера Младеновска, 8.5.2014<br>2. Розалија Давковска, 9.6.2014<br>3. Билјана Дамческа наумовска, 29.2.2016<br>4. Андријана Михајловска, 24.6.2016<br>5. Марија Миленковиќ, 12.12.2016<br>6. Наташа Ристовска, 29.3. 2017<br>7. Соња Милошевска, 28.4.2017<br>8. Миодраг Вујовиќ, 9.6. 2017<br>9. Ивана Димитриевска, 3.7.2018<br>10. Анета Спиркоска, 3.7.2018<br>11. Наталија Дединец, 3.10. 2018 | 3,3 |
| **9.** | **Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (21 х0,1)** | 2,1 |
| **10.** | **Позитинвно рецензиран универзитетски учебник** | |
| | | |
| | **Вкупно:** | **92,2** |

## *НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ*

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1.** | **Ментор на магистерски работи (4x1)**<br>1. Мелита Милевска, 16.6. 2014<br>2. Царе Манчева, 29.9.2014<br>3. Билјана Крлеска, 2.3. 2016<br>4. Анита Стојчевска, 8.11.2017 | 4 |
| **2.** | **Учесник во национален научен проект (1x3)**<br>Инклузивно образование во редовните средни училишта во Република македонија, Филозофски факултет (2017/2018). | 3 |
| **3.** | **Национален координатор на меѓународен научен проект** | |
| **4.** | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор** | |
| | Зоран Киткањ, Катерина Наумова, *Осетливост на поткрепување кај рецидивисти и насилни престапници* Journal of special education and rehabilitation, Skopje, 2017. Vol.18 Issue 3-4 | 5,4 |
| | Зоран Киткањ, Ана Фрицханд, 2017, *Дисфункционалност на семејството и разводот: ефекти врз развојот на децата и адолесцентите*, 2017, IURIDICA PRIMA Институт за правно економски истражувања и едукација, 6 | 5,4 |
| | Orhideja Šurbanovska, Zoran Kitkanj, Natasha Ristovska,<br>*Parental acceptance/rejection and emotional intelligence among adolescents with and without delinquent behavior,* Journal of special education and rehabilitation, Skopje, 2017. Vol.18 Issue 3-4 | 4,8 |
| | Ана Фрицханд, Зоран Киткањ, Соња Милошевска, *Родителски стилови кај лица од рана возрасна доба со различен степен на образование и функционалност на семејството,* Просветно дело, Скопје, 2017, бр. 5 | 4,8 |

| | | |
|---|---|---|
| | Ana Fritzhand, Zoran Kitkanj, Ivan Anastasovski, Lenche Aleksova Velichkovska<br><br>*,,THE ROLE OF SPORTS IN OVERCOMING AGGRESSION IN CHILDREN AND ADOLESCENTS,, ,*<br>Research in Physical Education, Sport and Health, 2017, Vol. 6, No 2 | 3,6 |
| | Katerina naumova, Zopran Kitkanj,<br><br>*AVOIDANCE/ APPROACH PERSONALITY TRAITS AS PREDICTORS OF PSYCHOPATHOLOGY IN CONVICTED OFFENDERS,, Psihologija, Beograd 2018 (во печат)* | 5,4 |
| | GeorgivskaSofija, Zoran Kitkanj<br>*,,Standpoint of the foster families (care providers) for quality standards for children without parental care,,*<br>Godišnjak za psihologiju, 2018, Niš. (во печат) | 5,4 |
| | Georgivska Sofija, Zoran Kitkanj<br><br>***TEAMWORK AND EFFECTIVENESS OF WORK ORGANIZATIONS,*** Godišnjak za psihologiju, 2018, Niš. (во печат) | 5,4 |
| **5.** | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание** | |
| | | |
| **6.** | **Секциско предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество** | |
| | Зоран Киткањ<br>*УТВРЂИВАЊЕ ПОСЕБНИХ И ПРИОРИТЕТНИХ ПОТРЕБА КОД МАЛОЛЕТНИКА КОЈИ СУ УПУЋЕНИ НА ИЗДРЖАВАЊЕ КАЗНЕ У МАЛОЛЕТНИЧКОМ ЗАТВОРУ ИЛИ ИНСТИТУЦИОНАЛНЕ МЕРЕ УПУЋИВАЊА У ВАСПИТНО-ПОПРАВНУ УСТАНОВУ КАО ПРЕДУСЛОВ ЗА УСПЕШАН И ЕФИКАСАН ТРЕТМАН*<br>стручно-научна конференција са међународним учешћем, дани дефектолога Србије, Нови Сад, 09-12. фебруар 2017 | 2 |
| **7.** | **Апстракти објавени во зборник на конференција (меѓународна)** | |

| | | |
|---|---|---|
| | **Zoran Kitkanj**, Silvana Markovska-Simoska, MArija Raleva, Angelina Filipovska, Biljana Krlevska, Biljana Spasovska<br>***NEED FOR INDIVIDUALIZING INTERVENTION IN JUVENILE OFFENDERS WHO HAVE BEEN IMPOSED UPON AN INSTITUTIONAL MEASURE OF REFERRAL TO CORRECTIONAL INSTITUTION OR SENTENCED WITH IMPRISONMENT FOR CHILDREN***<br>Macedonian Psychiatric Association and WPA Section for Forensic Psychiatry, Ohrid, Macedonia,October 13-15 - 2016 | 0,6 |
| | Silvana Markovska-Simoska, **Zoran Kitkanj**, Marija Raleva, Nada Pop-Jordanova, Angelina Filipovska, Nensi Manusheva<br>***EEG CHARACTERISTICS OF JUVENILE OFFENDERS,*** WPA CO-SPONSORED INTERNATIONAL CONFERENCE ON FORENSIC PSYCHIATRY "FORENSIC PSYCHIATRY AND PRISON PSYCHIATRY BETWEEN MEDICINE AND LAW"<br>Macedonian Psychiatric Association and WPA Section for Forensic Psychiatry, Ohrid, Macedonia, October 13-15 - 2016 | 0,6 |
| | Silvana Markovska-Simoska, Marija Raleva, Angelina Filipovska, **Zoran Kitkanj**, Nensi Manusheva, Nada Pop-Jordanova<br>**IMPAIRED EXECUTIVE FUNCTIONS: COMPARATIVE ERPS STUDY BETWEEN JUVENILE OFFENDERS AND ADHD ADOLESCENTS**<br>Macedonian Psychiatric Association and WPA Section for Forensic Psychiatry, Ohrid, Macedonia, October 13-15 - 2016 | 0,6 |
| | Angelina Filipovska, Marija Raleva, Silvana Markovska-Simoska, **Zoran Kitkanj,** Gordana Nikolova, Кamka Paketchieva | 0,6 |

| | | |
|---|---|---|
| | ***PSYCHOLOGICAL PROFILE OF ADOLESCENTS WITH CONDUCT DISORDER, PERPETRATORS OF CRIMINAL ACTS (JUVENILE OFFENDERS,*** Macedonian Psychiatric Association and WPA Section for Forensic Psychiatry, Ohrid, Macedonia, October 13-15 - 2016 | |
| | **Marija Raleva, Angelina Filipovska, Silvana Markovska Simoska, Zoran Kitkanj,** PSYCHOSOCIALAND NEUROBIOLOGICALASPECTS OFANTISOCIAL BEHAVIOUR, CONDUCT DISORDER, DELINQUENCY, AND VIOLENCE IN JUVENILE OFFENDERS Macedonian Psychiatric Association and WPA Section for Forensic Psychiatry, Ohrid, Macedonia, October 13-15 - 2016 | 0,6 |
| **8.** | **Пленарни предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество** | |
| **9.** | **Одржано предавање по покана на референтен странски универзитет** | |
| | | |
| | **Вкупно:** | **52,2** |

## *СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС*

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| | | |
| **1.** | **Стручна монографија (1x8)** Зоран Киткањ, Ирена Новаческа Макалоска, *Ризик-фактори, превенција и рана интервенција на нарушување во однесувањето,* Филозофски факултет, УКИМ, Скопје, 2018 | 7,2 |
| **2.** | **Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание** | |
| | Член на Редакцискиот одбор на списанието „Дефектолошка теорија и практика“, меѓународен уредувачки одбор | 1 |
| | | |

| | | |
|---|---|---|
| **3.** | **Член на организационен одбор или програмски одбор на мегународен научен/стручен собир** | |
| | Член на Научен одбор на меѓународната конференција ,,Трансформација кон одрживо и флексибилно општество за лицата со инвалидност“, 13-15 Септември 2018 година, хотел „ИНЕКС Горица“ – Охрид, Република Македонија | 1 |
| | Член на Научен одбор на меѓународната конференција ,,Socijalna inkluzija osoba sa invaliditetom: značaj i programi podrške“ 26.05. 2017, Novi Sad, Društvo defektologa Vojvodine. | 1 |
| | Член на организационен одбор на меѓународната конференција ,,Трансформација кон одрживо и флексибилно оипштество за лицата со инвалидност“ 13-15 септември 2018 година, хотел „ИНЕКС Горица“ – Охрид, Република Македонија | 1 |
| | Член на Организационен одбор на Меѓународната конференција со наслов „Биоетиката – знакот на новото време“ 6-8.10.2018 година, Конгресен центар - Охрид. | 1 |
| **4.** | **Член на факултетска комисија** | |
| | Комисија за предметна програма по хумана генетика (8 x0,5)<br><br>Одлука бр. 40/2 од 14.1.2016 г.<br>Одлука бр. 10-1529/2 од 26.8.2015<br>Одлука бр. 1765/2 од 26.8.2014 г.<br>Одлука бр. 1301/2 од 29.5.2014 г.<br>Одлука бр. 137/2 од 20.1 2015 г.<br>Решение бр. 10-1164/4 од 12.6.2017 г.<br>Решение бр. 10-136/3 од 23.1.2017<br>Решение бр. од 04.9.2018 г. | 4 |
| | Комисија за полагање на комисиски испит по предметот Хумана генетика 2 (1x 0,5)<br>Одлука бр. 1301/2 од 29.5.2014 г. | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | Комисија за полагање на комисиски испит по предметот Реедукација на психомоторика (2х0,5)<br>Решение 10-770/3 од 11.4.2017<br>Решение од 30.8.2018 | 1 |
| | Комисија за предметна програма по Медицински основи на инвалидноста (2х0,5)<br><br>Решение 10-138/3 од 18.1. 2018<br>Решение бр. 10-78/1 од 10.1.2017 | 1 |
| | Комисија за предметна програма по Дислексија и дисграфија (2х0,5)<br>Решение 10-770/3 од 11.4.2017<br>Решение од 30.8.2018 | 1 |
| **5.** | **Претседател на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир** | |
| **6.** | **Учество во комисии и тела на државни и други органи** | |
| | Член на Државен совет за превенција на детско престапништво | 1 |
| | Член на Сенатот на УКИМ | 2 |
| **7.** | **Член на комисија за избор во звање** | |
| | Член на Комисија за избор на Билјана Степановска за наставник од научната област дефектологија на Високата медицинска школа, Битола, УКО, 12.1. 2018 | 0,2 |
| **8.** | **Раководител на внатрешна организациона единица** | |
| | Раководител на студиска програма по малолетничка делинквенција (втор циклус)<br>2013-2017; 2017-2021 | 3 |
| **9.** | **Член на центри за истражување** | |
| | Член на Центар за интегративна биоетика на Филозофски факултет, УКИМ | 0,5 |
| | **Вкупно:** | **26,4** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **92,2** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **52,2** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **26,4** |
| **Вкупно:** | **170,8** |

Рецензенти

Проф. д-р Нелко Стојаноски с.р.

Проф. д-р Сунчица Димитријоска с.р.

Проф. д-р Даниела Димитрова Радојичиќ с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

| | ЗАЕДНИЧКИ ДЕЛ | ОПИС |
|---|---|---|
| 1. | НАЗИВ НА УЧЕБНИКОТ, УЧЕБНОТО ПОМАГАЛО, МОНОГРАФИЈАТА, СТУДИЈА | ***Вештина на истражувањето: општите постапки во научната работа*** |
| 2. | НАЗИВ НА ПРЕДМЕТНАТА ПРОГРАМА ЗА КОЈА СЕ ОДНЕСУВА | 1) Методологија на научноистражувачката работа (базичо ниво);<br>2) Филозофска методологија;<br>3) Создавање на научно дело<br>(III циклус) |
| 3. | НАЗИВ НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА | Филозофија |
| 4. | ФОНД НА ЧАСОВИ НАСТАВА И ВЕЖБИ И ЕКТС КРЕДИТИ | 1) 30 часа, 4 кредити<br>2) 30 часа, 9 кредити<br>3) 30 часа, 4 кредити |
| 5. | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ НА АВТОРОТ (АВТОРИТЕ) | Виолета Панзова |
| 6. | ВРЕМЕ И АКТ НА ИЗБОР НА РЕЦЕНЗЕНТИТЕ[1] | X редовна седница на ННС на Филозофскиот факултет, одржана на 6. VI 2018 година (Одлука бр. 13-1388/5, 11. VI 2018) |
| 7. | ДАЛИ Е ПРВО ИЗДАНИЕ ИЛИ НЕ (член 23 УКИМ, до или над 25%) | Прво издание |

[1] Се пополнува за учебник и учебно помагало.

| | | |
|---|---|---|
| 8. | ДОКОЛКУ НЕ Е ПРВО ИЗДАНИЕ, ВО КОЛКАВА МЕРА СЕ РАЗЛИКУВА? | / |
| 9. | ОПШТИ ПОДАТОЦИ (број на страници, прилози, заглавја или делови итн.) | Текстот на овој труд е изложен на 329 страници, а е организиран во осум поглавја, од кои секое е поделено на соодветен број потпоглавја. Трудот содржи библиографија која опфаќа 105 библиографски единици на повеќе јазици, како и 183 фусноти. |

| ИЗВЕШТАЈ[2] | | |
|---|---|---|
| 1. | КРАТОК ОПИС НА СОДРЖИНАТА | Првото поглавје од трудот е насловено „Суштината и значењето на научното истражување“. Во него се изложуваат основите на логичко-филозофското сфаќање за науката воопшто, како и за поимите „метод“ и „методологија“, со особен акцент врз прашањето за односот помеѓу општите научни методи што се применуваат во сите научни подрачја и посебните, односно специфичните методи чија примена е условена од карактеристиките на подрачјето на истражување на кое се однесуваат. Во оваа глава се третираат и основните претпоставки што ги подразбира секое истражување и кои се однесуваат не само на епистемолошките, социјалните и материјалните рамки во кои тоа се одвива, туку и на индивидуалните особини на |

[2] Извештајот може да изнесува најмногу 10 чукани страници со нормален проред.

| | | |
|---|---|---|
| | | истражувачот што го планира, организира и спроведува истражувањето.<br><br>Во второто поглавје, насловено „Класични и современи методолошки пристапи кон науката“, авторката дава преглед и анализа на некои од најзначајните теориски или филозофски платформи од кои се пристапува кон прашањето на науката и научниот метод (позитивизам, структурализам, херменевтика, феноменологија, итн.). Анализата во рамките на ова поглавје има за цел да покаже дека секоја научна дисциплина почива врз определен корпус имплицитни теориски претпоставки, кои суштински ги определуваат предметот, методите и целите на истражувањата во таа област.<br><br>Третото поглавје од трудот носи наслов „Општа постапка на научното истражување“. Во него се разработуваат фазите низ кои се одвива секое научно истражување: согледување и формулирање на истражувачкиот проблем, поставување на хипотези, и верификација на хипотезите. Посебно внимание во ова поглавје е посветено на објаснување на поимите „истражувачки проблем“ и „хипотеза“, како и на логичко-методолошкото значење на нивното адекватно формулирање, кое има големо влијание врз целокупната структура, динамика и крајниот исход од истражувањето.<br><br>Во четвртото поглавје, „Општи научни методи“, се расправа за методските постапки и принципи што ги користат сите науки во стекнувањето, систематизирањето и верификувањето на научните сознанија, независно од конкретното подрачје на кое се однесуваат. Тука станува збор за методите за формирање и прецизирање на поимите со кои се служи |

| | | |
|---|---|---|
| | | науката, како и методите со чија помош се засновуваат, образложуваат и докажуваат научните ставови.<br><br>Петтото поглавје, кое носи наслов „Проблемот на вредносните судови“, е посветено на една длабока филозофско-методолошка контроверзија: прашањето дали опшествените феномени, историските настани, како и творбите во уметноста и културата, можат да се истражуваат со помош на методолошката апаратура што е применлива во природните науки. Во ова поглавје, авторката ги спротивставува аргументите на мислителите кои се залагаат за единствена методолошка апаратура во сите науки и аргументите на застапниците на гледиштето дека општествените и културните феномени суштински се разликуваат од природните појави, па поради тоа во нивното проучување треба да се применат специфични методи.<br><br>Шестото поглавје – „Логички реконструкција на истражувачкиот процес“, ги третира суштествените компоненти на научноистражувачкиот процес: изборот на тема за научното истражување; нејзиното адекватно формулирање; пишување на елаборат или сличен тип труд во кој се изложуваат елементите неопходни за пријавување на темата во определена научна институција; откривање, селектирање и обработка на изворите неопходни за проучување на темата; планирање и структурирање на научниот труд кој ќе произлезе од истражувањето на темата. Иако логичката реконструкција на истражувачкиот процес ги прикажува неговите елементи во сукцесивен редослед, авторката на повеќе места укажува дека во научноистражувачката работа споменатите фази не се секогаш јасно разграничени и линеарно надоврзани една на друга, туку дека постојат многубројни |

| | | |
|---|---|---|
| | | преклопувања и циклични навраќања на определени етапи, што укажува на сложената структура на процесот на научното истражување.<br><br>Седмото поглавје носи наслов „Систематизирање на резултатите од научните истражувања и нивното презентирање во научен труд". Тука акцентот е ставен врз процесот на пишување на научниот труд, од подготовката за пишување на првата верзија на трудот, преку вообичаените ревизии на сукцесивните верзии, сè до неговата конечна форма. Тука се изложени и упатствата за видот на содржини што треба да бидат поместени во задолжителните делови на секој научен труд. Посебно значење во ова поглавје има дискусијата за плагијаторството во неговите експлицитни, но и во неговите имплицитни форми. Укажано е на тежината на престапот, како во етичка, така и во правна смисла, што го претставуваат свесните плагијаторски практики во академскиот контекст. Освен тоа, авторката на трудот посветува особено внимание на разработување на техниките на користењето на изворите кои го оспособуваат истражувачот/истражувачката да ја избегне опасноста од ненамерно плагирање на туѓиот интелектуален труд.<br><br>Последното, осмо поглавје од книгата, со наслов „Документирање на научниот труд", е посветено на прашањето за обезбедување адекватна документарната подлога на научниот труд – цитати, белешки, библиографија. Во овој дел се разработуваат стандардите за цитирање и документирање со осврт на различните стилови што се среќаваат во тековната академска практика. Исто така, приложени се голем број конкретни примери за различни видови извори што можат да се користат при изработката на трудот. |

| | | |
|---|---|---|
| 2. | ОЦЕНА ДАЛИ ПРЕДЛОЖЕНИОТ УЧЕБНИК /ПОМАГАЛО Е ВО СОГЛАСНОСТ СО ПРЕДМЕТНАТА ПРОГРАМА | Предложеното учебно помагало во голема мера ги покрива содржините предвидени со предметните програми на предметите: Методологија на научноистражувачката работа (базичо ниво), Филозофска методологија и Создавање на научно дело од студиската програма на студиите од трет циклус по филозофија. Корисникот на ова учебно помагало ќе има можност да избере врз кој сегмент од содржината на трудот ќе го насочи своето внимание во функција на конкретниот предмет за кој станува збор. |
| 3. | ОЦЕНА НА УЧЕБНИКОТ/УЧЕБНОТО ПОМАГАЛО | Студијата ***Вештина на истражувањето: општите постапки во научната работа*** претставува длабински обмислен, кохерентно структуриран и јасно напишан труд што ги третира најзначајните аспекти на научната дејност. Во него е систематски елаборирано значењето на општите теориски или филозофски претпоставки врз кои имплицитно се потпира секоја научна дисциплина и истражувањата што се реализираат во нејзините рамки. Понатаму, објаснети се општите методски постапки кои се употребуваат во сите научни подрачја, како и техничките аспекти на научната работа. Примената на општите методолошко-технички принципи е илустрирана со многубројни примери од различни научни подрачја. Според тоа, делото, од една страна, поседува големо логичко-филозофско значење, бидејќи зафаќа некои од суштинските прашања поврзани со смислата, целта и карактерот на научната дејност воопшто. Од друга страна, тоа има и голема практична важност, затоа што на потенцијалниот читател му овозможува да овладее со јадрото од поими и процедури кои се неопходни за успешно |

| | | |
|---|---|---|
| | | спроведување на научноистражувачката работа во кое и да било подрачје. Оваа студија претставува мошне значаен прилог кон современата филозофско-логичка и методолошка литература, кој значително ја збогатува македонската теориска продукција во ова подрачје и кој има голем потенцијал за практична примена. |
| 4. | КАТЕГОРИЗАЦИЈА – УЧЕБНИК,УЧЕБНО ПОМАГАЛО, МОНОГРАФИЈА, СТУДИЈА | Учебно помагало |
| 5. | ЗАКЛУЧОК СО ПРЕДЛОГ ЗА ОПРАВДАНОСТА ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ТРУДОТ | Она што ја одликува студијата на проф. Панзова од сродните дела, од една страна, е тоа што методологијата во овој труд консеквентно се третира како филозофска дисциплина, а од друга страна, особено внимание им се посветува на практичните аспекти на научното истражување, систематизирањето и вреднувањето на резултатите од него. За разлика од стандардните методолошки прирачници во домашната и во светската продукција, во кои овие аспекти главно се третираат одвоено, во овој труд е јасно покажан континуитетот на теориското и практичното рамниште на методологијата и се изведени позитивните импликации од таквиот пристап, во смисла на попродлабочено разбирање на суштината на научноистражувачката дејност и поефикасна примена на нејзините принципи, стандарди и техники.<br><br>Имајќи ги предвид посочените карактеристики на трудот, книгата ***Вештината на истражувањето: општите методски*** *постапки во научната работа* од проф. д-р Виолета Панзова најсрдечно ја препорачувам за печатење. |

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| 6. | ПРЕДЛОЗИ ЗА ПОТРЕБНИ КОРЕКЦИИ | / |

РЕЦЕНЗЕНТ

Проф. д-р Ана Димишковска с.р

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

| ЗАЕДНИЧКИ ДЕЛ | | ОПИС |
|---|---|---|
| 10. | НАЗИВ НА УЧЕБНИКОТ, УЧЕБНОТО ПОМАГАЛО, МОНОГРАФИЈАТА, СТУДИЈА | ***Вештина на истражувањето: општите постапки во научната работа*** |
| 11. | НАЗИВ НА ПРЕДМЕТНАТА ПРОГРАМА ЗА КОЈА СЕ ОДНЕСУВА | 1) Методологија на научноистражувачката работа (базичо ниво);<br>2) Филозофска методологија;<br>3) Создавање на научно дело (III циклус). |
| 12. | НАЗИВ НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА | Филозофија |
| 13. | ФОНД НА ЧАСОВИ НАСТАВА И ВЕЖБИ И ЕКТС КРЕДИТИ | 1) 30 часа, 4 кредити<br>2) 30 часа, 9 кредити<br>3) 30 часа, 4 кредити |
| 14. | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ НА АВТОРОТ (АВТОРИТЕ) | Виолета Панзова |
| 15. | ВРЕМЕ И АКТ НА ИЗБОР НА РЕЦЕНЗЕНТИТЕ[3] | X редовна седница на ННС на Филозофскиот факултет, одржана на 6.VI 2018 година (Одлука бр. 13-1388/5, 11.VI 2018) |
| 16. | ДАЛИ Е ПРВО ИЗДАНИЕ ИЛИ НЕ (член 23 УКИМ, до или над 25%) | Прво издание |
| 17. | ДОКОЛКУ НЕ Е ПРВО ИЗДАНИЕ, ВО КОЛКАВА МЕРА СЕ | / |

[3] Се пополнува за учебник и учебно помагало.

| | | |
|---|---|---|
| | РАЗЛИКУВА? | |
| 18. | ОПШТИ ПОДАТОЦИ (број на страници, прилози, заглавја или делови итн.) | Оваа студија опфаќа 329 страници компјутерски обработен текст. Освен основниот текст кој е поделен во осум глави, таа содржи и библиографија од 105, релевантни, главно понови, библиографски единици на повеќе јазици. Трудот вклучува и 183 фусноти од документарен и експликативен карактер. |

| | | |
|---|---|---|
| **ИЗВЕШТАЈ**[4] | | |
| 7. | КРАТОК ОПИС НА СОДРЖИНАТА | Трудот ***Вештина на истражувањето: општите постапки во научната работа*** се состои од осум глави: 1) Суштината и значењето на научното истражување; 2) Класични и современи методолошки пристапи кон науката; 3) Општа постапка на научното истражување; 4) Општи научни методи; 5) Проблемот на вредносните судови; 6) Логичка реконструкција на истражувачкиот процес; 7) Систематизирање на резултатите од научните истражувања и нивно презентирање во научен труд; 8) Документирање на трудот<br><br>Секоја глава е поделена на соодветен број потпоглавја, чија структура е условена од конкретната проблематика која се третира во дадената глава.<br><br>Првата глава се занимава со клучните теориски, индивидуални, социјални и материјални претпоставки што ги подразбира секое истражување во која било |

[4] Извештајот може да изнесува најмногу 10 чукани страници со нормален проред.

научна област, како и сфаќањата на предметот, методите и целите на науката воопшто.

Во втората глава се расправа за теориските или филозофските позиции што се имплицитни во секоја научна дисциплина, а од кои зависат карактерот, структурата, целите и практичните аспекти на истражувањата во таа област.

Третата глава е посветена на фазите низ кои нужно, иако не секогаш сукцесивно, се одвива секое научно истражување – согледувањето и формулирањето на истражувачкиот проблем, поставувањето хипотези и нивното верификување.

Во четвртата глава се третираат општите методски постапки за прецизирање на содржината на поимите и за засновување и докажување на исказите. Тука, всушност, станува збор за методите и принципите што ги користат сите науки во остварувањето на својата фундаментална епистемолошка цел – стекнувањето, систематизирањето и верификувањето на научните сознанија.

Петтата глава се занимава со проблемот на вредносните судови во историјата, етиката и естетиката, и, во поширока смисла, во општествените и хуманистичките дисциплини, од аспект на прашањето дали во нив можат да се применат истите методолошки принципи и техники што се користат во природните науки.

Шестата глава ги третира прашањата поврзани со изборот и формулирањето на тема за научното истражување, дистинкцијата помеѓу предметот на

| | | |
|---|---|---|
| | | истражувањето и истражувачкиот проблем, откривањето, селектирањето и обработката на изворите неопходни за обработка на темата, како и планирањето и структурирањето на научниот труд кој треба да произлезе како резултат на научното истражување за кое станува збор.<br>Со самиот процес на пишување на научноистражувачкиот труд базиран врз истражувањето се занимава седмата глава. Во неа се изложени детални упатства за главните етапи низ кои минува изработката на трудот, почнувајќи од подготовката за пишување прва верзија сѐ до неговата конечна форма.<br>Последната, осма глава е посветена на обезбедување адекватна документарна подлога за трудот, која се состои во цитатите, белешките и библиографијата. Важноста на документарниот аспект на научниот труд во оваа глава е нагласена преку потенцирањето на фактот дека барањето за документарна поткрепеност на тезите и заклучоците изложени во нив е една од карактеристите што научноистражувачките трудови ги разликува од останатите видови пишувани текстови – написи во весници, различни извештаи и уметничката литература. |
| 8. | ОЦЕНА ДАЛИ ПРЕДЛОЖЕНИОТ УЧЕБНИК /ПОМАГАЛО Е ВО СОГЛАСНОСТ СО ПРЕДМЕТНАТА ПРОГРАМА | Предложеното учебно помагало кореспондира со содржините предвидени со предметните програми на методолошкиот корпус предмети од студиската програма на трет циклус студии од полето на филозофијата (предметите: Методологија на научноистражувачката работа (базично ниво), Филозофска методологија и Создавање на научно дело |

| | | |
|---|---|---|
| | | од студиската програма) на студиите од трет циклус по филозофија. Едновремно, тоа може да им послужи како драгоцено четиво и на сите читатели заинтересирани за методолошката проблематика. |
| 9. | ОЦЕНА НА УЧЕБНИКОТ/УЧЕБНОТО ПОМАГАЛО | Трудот ***Вештина на истражувањето: општите постапки во научната работа*** претставува мошне квалитетна студија од обласа на методологијата, како од теориски, така и од практичен аспект. Во ова дело на оригинален начин се разработува идејата за методологијата како применета логика, особено кога станува збор за рамништето на општите методолошки принципи и постапки што се заеднички за сите дисциплини, независно од нивното конкретно подрачје на истражување. Во поглед на примената на овие принципи во поединечните истражувања, исто така, ова дело нуди конкретни и прецизни упатства за планирање, организирање, реализирање и толкување на нивните резултати. Филозофската втемеленост на текстот и широчината на неговиот интелектуален зафат го потенцираат интердисциплинарното значење на овој труд, благодарение на кое тој може да комуницира со мошне широк круг читатели и да им овозможи стекнување врвни сознанија од обласа на методологијата и техниката на научноистражувачката работа. |
| 10 | КАТЕГОРИЗАЦИЈА – УЧЕБНИК,УЧЕБНО ПОМАГАЛО, МОНОГРАФИЈА, СТУДИЈА | Учебно помагало |

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| 11 | ЗАКЛУЧОК СО ПРЕДЛОГ ЗА ОПРАВДАНОСТА ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ТРУДОТ | Имајќи го предвид значењето на тематиката со која се занимава трудот, како и продлабочениот, кохерентен и суптилен приод во нејзиното третирање, трудот ***Вештина на истражувањето: општите постапки во научната работа*** од проф. д-р Виолета Панзова најсрдечно го препорачувам за печатење. Уверен сум дека со неговото објавување ќе се даде значаен придонес кон натамошното унапредување на квалитетот на македонската теориска мисла од областа на логиката и методологијата, како и кон поттикнувањето на општиот интерес за натамошно проучување на сложеното подрачје на науката и научноистражувачката дејност. |
| 12 | ПРЕДЛОЗИ ЗА ПОТРЕБНИ КОРЕКЦИИ | / |

РЕЦЕНЗЕНТ

Проф. д-р Мирко Ѓошевски с.р.

ПРЕГЛЕД
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

### 2. Магистерски трудови (Октомври 2018)

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Ивана Зафирова | „Влијанието на социјално-економските фактори врз религиската толеранција кај студентите на филозофските факултети во Скопје и Тетово“ | The influence of social factors on religious tolerance among students at the Faculty of Philosophy in Skopje and Tetovo | проф. д-р Зоран Матевски | Бр.10-2150/3 5-10-2018 |
| 2. | Милена Решкова | „Монетни депоа од Стоби“ | Cain hoards from Stobi | проф. д-р Антонио Јакимовск и | Бр.10-1992/3 5-10-2018 |
| 3. | Јана Гочевска | „Односот на Османлиската Империја со Дубровачката република во 16 век“ | The relations between the ottoman empire and the Republic of Dubrovnik in the 16th century | проф. д-р Бобан Петровски | Бр.10-1971/3 5-10-2018 |
| 4. | Мартин Тасевски | „Секојдневниот живот и општествено-историските прилики во Западна Европа и Османлиска Македонија (1800-1914) – компаративна анализа-“ | Daily life and the socio-historical circumstances in Western Europe and Ottom Macedonia ( 1800-1914) -comparative analysis | доц. д-р Никола Минов | Бр.10-1955/3 5-10-2018 |
| 5. | Анцела Грубер | „Митот за создавање на светот од телото на прасуштеството – компаративна анализа со акцент на примерите од Македонија“ | The world creation with from the primordial creature - body-comparative analysis pointing out Macedonian examples | проф. д-р Никос Чаусидис | Бр.10-1902/3 5-10-2018 |
| 6. | Кристијан Михајловск и | „Механизми на соработка на земјите од Западен Балкан во функција на ефикасно справување со организираниот криминал“ | Mechanisms for cooperation of the Western Balkans in tackling organized crime | проф. д-р Оливер Бакрески | 10-1924/3 5-10-2018 |
| 7. | Константин Бешлиоски | „Геополитички импликации од арапската пролет врз Египет“ | Geopolitical implications from the Arab spring to Egypt | проф. д-р Тони Милески | 10-1970/3 5-10-2018 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **8.** | **Сања Баланчевска** | **„Предизвици и перспективи на новиот светски геополитички поредок“** | **Challenges and perspectives of the new world geopolitical order** | **проф. д-р Тони Милески** | 10-1936/3<br>5-10-2018 |
| **9.** | **Коста Сивов** | **„Анализа на стратегиските пристапи на САД и ЕУ за справување со тероризмот“** | **The analysis of strategic approaches of US and EU for dealing with terrorism** | **проф. д-р Тања Милошевска** | 10-2022/3<br>5-10-2018 |
| 10. | **Јасна Божинова** | **„Организациска култура во транспортни организации во јавен и приватен сектор“** | **Organizational culture in transport organizations in the public and private sector** | **проф. д-р Елисавета Сарџоска** | Бр.10-1902/3<br>5-10-2018 |
| 11. | **Симона Георгиева** | **„Мобинг и димензии на мобинг во работните организации во државен и приватен сектор“** | **Mobbing and types of mobbing in work organizations based in their public and private departments** | **проф. д-р Елисавета Сарџоска** | Бр.10-1902/3<br>5-10-2018 |
| 12. | **Даме Рајковски** | **„Обука и развој на човечки ресурси во функција на подобрување на перформансите на вработените“** | **Training and development of human resources in a function of improvement of performance of employees** | **проф. д-р Јован Пејковски** | Бр.10-1815/3<br>5-10-2018 |

ПРЕГЛЕД
# НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

## 2. Специјалистички трудови(Октомври 2018)

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| **10.** | **Орхидеја Поповска Пиперковска** | **„Социјален третман и подршка на децата заболени со дијабетес мелитус“** | **Social treatment and support of children with diabetes mellitus disease** | **проф. д-р Иван Трајков** | Бр.10-1981/3 5-10-2018 |
| **11.** | **Викторија Ацоска** | **„Стигма од туберкулоза кај општата популација“** | **Stigma of tuberculosis in the general population** | **проф. д-р Иван Трајков** | Бр.10-1977/3 5-10-2018 |

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО - НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) ТЕОРИЈА НА КНИЖЕВНОСТА (ТЕОРИЈА И МЕТОДОЛОГИЈА НА КНИЖЕВНОСТА) И ИСТОРИЈА НА ОПШТАТА КНИЖЕВНОСТ (КНИЖЕВНА ХЕРМЕНЕВТИКА) НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 21.7.2018 година, за избор на наставник во сите наставно - научни звања во наставно - научната област (дисциплина) теорија на книжевноста (теорија и методологија на книжевноста) и историја на општата книжевност (Книжевна херменевтика), како и врз основа на Одлуката на Наставно - научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, со бр. 04 – 1549/7, донесена на неговата 24. седница одржана на 19.9.2018, се формираше Рецензентска комисија во состав: академик д-р Катица Ќулавкова, редовен професор (во пензија), д-р Славица Србиновска, редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје и д-р Елизабета Шелева, редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по внимателното прегледување на доставената документација, го поднесуваме следниов

### ИЗВЕШТАЈ НА РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област (дисциплина) теорија на книжевноста (теорија и методологија на книжевноста) и историја на општата книжевност (книжевна херменевтика), во предвидениот рок се пријави д-р Марија Ѓорѓиева Димова, вонреден професор при Катедрата за општа и компаративна книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката, од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр. 833, Билтен бр. 909, Билтен бр. 957 и Билтен бр. 1067, како и нејзините вкупни научни, стручни, педагошки и други остварувања во периодот од последниот избор до денот на пријавата на овој конкурс. Тоа го направи врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

**Биографски податоци и образование**

Кандидатката д-р Марија Ѓорѓиева Димова, вонреден професор, е родена на 9.7.1973, во Велес, Р Македонија. Средно образование завршува во Велес, со континуиран одличен успех. Со високо образование се стекнала на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. Дипломирала на 24.5.1996 година, како најдобар студент на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, со просечен успех 9,76 и ја добива наградата „26 Јули” од Фондацијата „Френк Харкорд Манинг“ од Лондон, што ја добиваат шесте најдобри студенти на Универзитетот Св. „Кирил и Методиј” од областа на архитектурата, општествените науки и уметностите.

Во учебната 1997/1998, Марија Ѓорѓиева се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. Студиите ги завршила на 9.7.1999 година, со просечен успех 10,00. На 10.3.2003 година го одбранила магистерскиот труд на тема: „Модели на интертекстуалност во романот“, под менторство на проф. д-р К. Ќулавкова.

Докторската дисертација на тема „Историографската метафикција во романот (толкувачки модели)“, ја пријавила на 22.9.2004 година на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, а ја одбранила на 9.10.2008 година, на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, пред Комисија во состав: акад. проф. д-р Катица Ќулавкова, ментор на дисертацијата, проф. д-р Елизабета Шелева, проф. д-р Славица Србиновска, проф. д-р Маја Бојаџиевска и проф. д-р Лидија Капушевска – Дракулевска. Со тоа, таа се стекнала со научниот степен доктор на филолошки науки од научната област општа и компаративна книжевност.

Во врска со нејзиното работно искуство ќе истакнеме само неколку моменти во врска со нејзината наставна дејност во високото образование: во периодот од 1997 - 2004 - та година, д-р Марија Ѓорѓиева Димова работела како професор по македонски јазик и литература во средното образование. На 1.3.2004 година, таа е избрана во звањето асистент по предметот *Теорија и методологија на проучувањето на книжевноста* при Катедрата за општа и компаративна книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. На 8.4.2009 година е избрана во звањето доцент на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, во областа општа и компаративна книжевност. Потем е избрана во звањето вонреден професор по предметите Теорија и методологија на книжевноста и Книжевна херменевтика, на Катедрата за општа и компаративна книжевност при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. Во 2013 година е избрана во звањето вонреден професор на истата Катедра. Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот бр. 1067 на Универзитетот „Св. Кирил и Методија“ (декември 2013 година).

Кандидатката се служи активно со англискиот и со рускиот јазик, како и со јужнословенските јазици.

**Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата**

**Наставно-образовна и педагошка дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Филолошки факултет „Блаже Конески“, кандидатката д-р Марија Ѓорѓиева Димова изведува настава на предметите Теорија и методологија на книжевноста и Книжевна херменевтика на прв циклус студии на студиската програма Општа и компаративна книжевност и по предметот Книжевност и историја на втор циклус студии, на студиската група Наука за книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје.

Во периодот меѓу двата избора, кандидатката била ментор на четири дипломски труда, а како член во комисија за оцена/или одбрана, учествувала на седум дипломски, на два магистерски труда и на шест докторски дисертации.

Во својата работа како наставник, во сите досегашни звања, од асистент до вонреден професор, д-р Марија Ѓорѓиева Димова пројавува врвен степен на професионалност и компетентност, совесно и одговорно изведувајќи ја наставната дејност и останатите обврски сврзани со неа, во согласност со законските и, пошироко, со европските стандарди за високото образование. Благодарение на нејзиниот педагошки однос и примената на адекватни и актуелни наставни методи кон материјата што ја предава, студентите стекнуваат широки и втемелени знаења, вештини и алатки од областа на книжевната наука, па и интердисциплинарно, имајќи ги предвид сродните општествени области.

Резултатите на успешниот спој на нејзините наставни и научни вештини, знаења и капацитет во областа на општата и компаративна книжевност, а особено во областа на предметите за кои се бира, се неспорни. За илустрација, ќе наведеме само неколку факти: темелниот и систематичен пристап (што се однесува до методичкото и креативното пренесување на содржините од наставните програми); беспрекорната педагошка комуникација со студентите (што се однесува до формата и динамиката на наставата што таа ја одржува); посветеноста на научноистражувачката дејност во областа на книжевната теорија, методологија, историја, критика и херменевтика; креативен пристап кон наставната материја; посветеноста на научноистражувачката дејност, проследено со соодветни публикации и објавени студии и анализи во угледни списанија.

**Други активности кои припаѓаат во наставно-образовната дејност, релевантни за изборот. (Конкретните активности се наведуваат во табелата во Анекс 2 (член 2) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.)**

**Научно-истражувачка дејност**

Д-р Марија Ѓорѓиева Димова има објавено вкупно 51 научен труд од соодветната научна област, од кои: три монографии, два научни труда во научни списанија со импакт - фактор (фактор на влијание, индексирани во базата Web of Science/Thomson Reuters), триесет и два труда во меѓународни научни списанија, како и четиринаесет труда во зборници од научни собири и научноистражувачки проекти.

Д-р Марија Ѓорѓиева Димова учествувала како член во три научни проекти. Во извештајниот период учествувала на шеснаесет меѓународни и национални конференции и научни собири.

Објавените научни трудови на д-р Марија Ѓорѓиева Димова покажуваат дека се работи за теоретичар кој е во постојан подем и поседува завиден истражувачки, аналитички и творечки потенцијал. Таа е компетентен теоретичар на книжевноста, чијшто научноистражувачки интерес опфаќа широк спектар на теми од современата книжевна наука (теоријата и методологијата на книжевноста, книжевната критика и херменевтика, општата и компаративна книжевност), и тоа: теорија на интертекстуалноста, теорија на метафикцијата и на историографската метафикција, интердискурзивните релации помеѓу книжевноста, историјата/историографијата и новиот историцизам, компаративните проучувања на македонската книжевност во контекст на словенските, балканските и европските литератури.

Основно обележје на нејзините најнови научни трудови е што во нив е покажано високо и импресивно ниво на упатеност во современите и најновите тенденции на книжевната наука. Објавените трудови (монографски и други) на д-р Марија Ѓорѓиева Димова се напишани систематично, со сигурност и јасно профилиран аналитички, интерпретативен и компаративен инструментариум, како и со неспорна доза на уверливост, самостојност и оригиналност.

**Други активности кои припаѓаат во научноистражувачката дејност, релевантни за изборот.**

**Називите на трудовите, проектите и сл. се наведуваат во табелата во Анекс 2 (член 3/член 4) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.**

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Марија Ѓорѓиева Димова е активно вклучена во стручно-апликативната работа на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, како и во дејностите од поширок интерес. Во извештајниов период, таа била ангажирана како рецензент на статии од областа на книжевноста во четири меѓународни научни/стручни списанија: *Современа филологија/Journal of Contemporary Philology* (издание на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје), *Палимпсести/Palimpsests* (издание на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип), *Филолошки студии/Philological Studies/Filološke pripombe/Филологически заметки/Filološke studije* (издание на Институтот за литература на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“/Пермский государственный университет/Univerza v Ljubljani/Sveučilište u Zagrebu/Институт за књижевност и уметност, Београд), *Спектар* (издание на Институтот за литература при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје). Била ангажирана и како рецензент на статии од Зборникот текстови од Третата студентска филолошка конференција *Како си ми?*.

Кандидатката д-р Марија Ѓорѓиева Димова активно е вклучена во работата на стручни комисии и работни групи на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. Во извештајниот период, таа била: член на Комисијата за доделување на наградата „Блаже Конески“ за есеј на дадена тема; член на Комисијата за оформување на меѓународно научно списание на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје; член на Комисијата за спроведување на дел од активностите утврдени со Конкурсот за упис на студенти на прв циклус студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје; член на Комисијата за евалуација на студиски групи на Катедрата за општа и компаративна книжевност при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“; член на Комисијата за спроведување евалуација при избор на наставници во повисоко звање; член и претстедател на пописни комисии; член на Работната група за презентација на студиските програми на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во средните училишта. Кандидатката д-р Марија Ѓорѓиева Димова била и член на жири-комисијата за доделување на Рациновото признание за 2015 и за 2017 година.

Д-р Марија Ѓорѓиева Димова членува во повеќе национални и меѓунардодни здруженија и асоцијации: член на Судот на честа при Здружението за компаративна книжевност на Македонија; член на Здружението за компаративна книжевност на Македонија; член на Меѓународната асоцијација за компаративна книжевност (AICL/ICLA); член на Европската мрежа за компаративни истражувања (REECL/ENCLS Réseau européen d'études littéraires comparées/European Network for Comparative Literary Studies); член на Балканската мрежа за култура и културолошки студии (Balkan Network for Culture and Cultural Studies).

**Други активности од Анекс 1 кои припаѓаат во стручно-апликативната дејност и дејноста од поширок интерес, релевантни за изборот.**

**Конкретните активности се наведуваат во табелата во Анекс 2 (член 5) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.**

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатката д-р Марија Ѓорѓиева Димова има добиено позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“.

**Заклучок и предлог на Рецензентската комисија**

Врз основа на севкупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок општествен интерес на д-р Марија Ѓорѓиева Димова.

Имајќи ги предвид приложените и истакнатите податоци за наставната и за научната дејност на кандидатката од последниот избор во 2013 година до денес, октомври 2018 г., Рецензентската комисија заклучи дека кандидатката д-р Марија Ѓорѓиева Димова, вонреден професор, поседува врвни наставни, научни, стручни и образовни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти - докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, таа ги исполнува сите услови за да биде избрана во звањето редовен професор во научната област теорија на книжевноста (теорија и методологија на книжевноста) и историја на општата книжевност (книжевна херменевтика).

Според гореизнесеното, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, вонр. проф. д-р Марија Ѓорѓиева Димова, да биде избрана во звањето редовен професор во научната област теорија на книжевноста (теорија и методологија на книжевноста) и историја на општата книжевност (книжевна херменевтика).

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Академик д-р Катица Ќулавкова, редовен професор, с.р.

Д-р Славица Србиновска, редовен професор, с.р.

Д-р Елизабета Шелева, редовен професор, с.р

**АНЕКС 2**

## ОБРАЗЕЦ

## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Марија Ташко Ѓорѓиева Димова**

(име, татково име и презиме)

**Институција:** **Филолошки факултет „Блаже Конески“- Скопје**

(назив на факултетот/институтот)

**Научна област: теорија на книжевноста (теорија и методологија на книжевноста) и историја на општата книжевност (книжевна херменевтика)**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. Број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Одржување на настава од прв циклус студии** | |
| 1 | Теорија и методологија на книжевноста: Теорија на книжевноста 1 (4+0), зимски семестар, 2013-2014 | 2,4 |
| 2 | Теорија и методологија на книжевноста: Теорија на книжевните дискурси 1 (4+0), зимски семестар, 2013-2014 | 2,4 |
| 3 | Методика на наставата по книжевност 1 (2+2), зимски семестар, 2013-2014 | 2,1 |
| 4 | Теорија и методологија на книжевноста: Теорија на книжевноста 2 (4+0), летен семестар, 2013-2014 | 2,4 |
| 5 | Теорија и методологија на книжевноста: Теорија на книжевните дискурси 2 (4+0), летен семестар,2013-2014 | 2,4 |
| | **2014/2015, летен семестар** | |
| | 1. Албански јазик за почетници 2 (3+0)<br>3 x 15= 45 x 0,04= 1,8<br>2. Албански јазик за специјални намени (3+0)<br>3 x 15= 45 x 0,04= 1,8<br>3. Синтакса 2 (3+0)<br>3 x 15= 45 x 0,04= 1,8<br>4. Академско пишување (3+0)<br>3 x 15= 45 x 0,04= 1,8<br>**1.8x 4= 7.2** | 7.2 |
| | **2015/2016, зимски семестар** | |
| | 1. Албански јазик за почетници 1 (3+0) (група 1)<br>3 x 15= 45 x 0,04= 1,8<br>2. Албански јазик со култура на пишување (3+0) (група 1)<br>3 x 15= 45 x 0,04= 1,8<br>3. Албански јазик со култура на пишување (3+0) (група 2)<br>3 x 15= 45 x 0,04= 1,8<br>4. Албански јазик со култура на пишување (3+0) (група 3)<br>3 x 15= 45 x 0,04= 1,8<br>5. Синтакса 1 (3+0)<br>3x 15= 45 x 0,04= 1,8<br>6. Албански јазик за почетници 1 (3+0) (група 2)<br>3 x 15= 45 x 0,04= 1,8<br>7. Албански јазик со култура на пишување (3+0) (група 4)<br>3 x 15= 45 x 0,04= 1,8<br>**7x1.8= 12.6** | 12.6 |
| | **2015/2016, летен семестар** | |
| | 1. Албански јазик за почетници 2 (3+0) (група 1)<br>3 x 15= 45 x 0,04= 1,8<br>2. Албански јазик со култура на пишување (3+0) (група 1)<br>3 x 15= 45 x 0,04= 1,8<br>3. Албански јазик со култура на пишување (3+0) (група 2)<br>3 x 15= 45 x 0,04= 1,8<br>4. Албански јазик со култура на пишување (3+0) (група 3)<br>3 x 15= 45 x 0,04= 1,8<br>5. Синтакса 2 (3+0)<br>3x 15= 45 x 0,04= 1,8<br>6. Албански јазик за почетници 2 (3+0) (група 2)<br>3 x 15= 45 x 0,04= 1,8<br>7. Албански јазик со култура на пишување (3+0)<br>3 x 15= 45 x 0,04= 1,8 (група 4)<br>**7x1.8= 12.6** | 12.6 |
| | **2016/2017, зимски семестар** | |
| | 1. Албански јазик со култура на пишување (3+0) (група 1)<br>3 x 15= 45 x 0,04= 1,8<br>2. Албански јазик со култура на пишување (3+0) (група 2)<br>x 15= 45 x 0,04= 1,8<br>3. Албански јазик со култура на пишување (3+0) (група 3)<br>3 x 15= 45 x 0,04= 1,8<br>4. Албански јазик со култура на пишување (3+0) (група 4)<br>3 x 15= 45 x 0,04= 1,8 | 9 |

| | | |
|---|---|---|
| | 5. Албански јазик за почетници 1 (3+0)<br>3 x 15= 45 x 0,04= 1,8<br>**5x1.8= 9** | |
| | **2016/2017, летен семестар** | |
| | 1. Албански јазик со култура на пишување (3+0) (група 1)<br>3 x 15= 45 x 0,04= 1,8<br>2. Албански јазик со култура на пишување (3+0) (група 2)<br>3 x 15= 45 x 0,04= 1,8<br><br>3. Албански јазик со култура на пишување (3+0) (група 3)<br>3 x 15= 45 x 0,04= 1,8<br>4. Албански јазик со култура на пишување (3+0) (група 4)<br>3 x 15= 45 x 0,04= 1,8<br>5. Албански јазик за почетници 2 (3+0)<br>3 x 15= 45 x 0,04= 1,8<br>**5x1.8= 9** | 9 |
| | **2017/2018, зимски семестар** | |
| | 1. Албански јазик со култура на пишување (3+0) (група 1)<br>3 x 15= 45 x 0,04= 1,8<br>2. Албански јазик со култура на пишување (3+0) (група 2)<br>3 x 15= 45 x 0,04= 1,8<br>3. Албански јазик со култура на пишување (3+0) (група 3)<br>3 x 15= 45 x 0,04= 1,8<br>4. Албански јазик со култура на пишување (3+0) (група 4)<br>3 x 15= 45 x 0,04= 1,8<br>5. Албански јазик за почетници 1 (3+0)<br>3 x 15= 45 x 0,04= 1,8<br>**5x1.8= 9** | 9 |
| | **2017/2018, летен семестар** | |
| | 1. Албански јазик за специјални намени (3+0) (група 1)<br>3 x 15= 45 x 0,04= 1,8<br>2. Албански јазик за специјални намени (3+0) (група 2)<br>3 x 15= 45 x 0,04= 1,8<br>3. Албански јазик за специјални намени (3+0)<br>(група 3)<br>3 x 15= 45 x 0,04= 1,8<br>4. Албански јазик за специјални намени (3+0) (група 4)<br>3 x 15= 45 x 0,04= 1,8<br>5. Албански јазик за специјални намени (3+0) (група 5)<br>3 x 15= 45 x 0,04= 1,8<br>6. Албански јазик за почетници 2 (3+0)<br>3 x 15= 45 x 0,04= 1,8<br>**6x1.8= 10.8**<br>**Вкупно** | 10.8 |
| | **Одржување настава од втор циклус** | |
| | 2016<br>Стилистика и прагматика (3+0)<br>15x0,05= 0.75 | 0.75 |
| | 2016<br>Експериментална фонетика (3+0) (група 1)<br>15x0,05= 0.75 | 0.75 |

| | | |
|---|---|---|
| | 2017<br>Експериментална фонетика (3+0) (група 2)<br>15x0,05= 0.75 | 0.75 |
| | **Вкупно** | **2.25** |
| | **Вкупно** | **96.3** |
| | **Консултации со студенти** | |
| | 2013/2014 околу 100 студенти по семестар 4 x 100<br>400 x 0,002 =0,8<br>2014/2015 околу 100 студенти по семестар 4 x 100<br>200 x 0,002 =0,8<br>2015/2016 околу 100 студенти по семестар 4 x 100<br>200 x 0,002 =0,8<br>2016/2017 околу 100 студенти по семестар 4 x 100<br>200 x 0,002 =0,8<br>2017/2018 околу 100 студенти по семестар 4 x 100<br>200 x 0,002 =0,8 | **3.2** |
| | **Вкупно** | **3.2** |
| | **Подготовка на нов предмет** | |
| | Морфологија | 1 |
| | Фонетика | 1 |
| | Синтакса 1 | 1 |
| | Синтакса 2 | 1 |
| | Албански јазик со култура на пишување | 1 |
| | Експериментална фонетика | 1 |
| | Стилистика и прагматика | 1 |
| | **Вкупно** | **7** |
| | **Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура** | |
| | Фериде Муслиу ,,Ritet e dasmave në rrethinën e Preshevës (në fshatrat Maxhere, Miratoc dhe Rainc) | 0,5 |
| | Елмаз Читаку<br>,,Strategjitë e menaxhimit të klasave prej 1-5 në shkollat fillore të komunës së Mitrovicës,, | 0,5 |
| | Зога Папранику<br>„Vëzhgimet sociolinguistike dhe etnolinguistike mbi të folmen e Dibrës me rrethinë,, | 0,5 |
| | Јетлире Имери<br>,,Emërtimi i lidhjeve familjare dhe farefisnore në të folmet shqipe në Maqedoni,, | 0,5 |
| | Алмира Мемиши<br>,,Veçoritë etnolinguistike në veprat e Murat Isakut,, | 0,5 |
| | **Вкупно** | **2,5** |
| | **Вкупно** | **109** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста:<br>**Трудови со оригинален научни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачи одбор** | Поени |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Адили-Челику. Konferencë ndërkombëtare me titullin "LETËRSIA KRIJUESE DHE QASJET KRITIKE NDAJ LETËRSISË" 26.04.2014, Tetovë, SEEU, prezentim dhe abstrakt të botuar, „Fjalëformimi i fjalëve të përbëra në veprat e Asdrenit „Reze dielli„ dhe „ Psalme murgu„. | 3 |
| 2. | Адили-Челику,Л. и др. 2013 "Gjendja dhe perspektiva e sociolinguistikës, INTERPRETIMI I NJËSIVE FRAZEOLOGJIKE TE STUDENTËT E VITIT TË PARË NË UJEL. ЈИЕУ,Тетово. | 1,8 |
| 3. | Адили-Челику,Л. 2014 "LETËRSIA KRIJUESE DHE QASJET KRITIKE NDAJ LETËRSISË", Asdreni, oshënar i gjuhes dhe letersise shqipe" ЈИЕУ, Тетово | 3 |
| 4. | Рушиди-Реџепи Ј., Адили – Челику Л., 2016. Shqipëria si përceptim, rrënjë dhe kujtesë në krijimtaritë letrare të Faik Konicës dhe Ernest Koliqit . Пеќ, Косово. | 2,7 |
| 5. | Емини.Р., Адили – Челику Л., Мустафа А., 2017. Roli i prindërve si faktor kyç në suksesin e nxënësve në shkollë. ЈИЕУ Тетово. | 2,7 |
| 6. | Адили- Челику. Л ., 2016. Formimet me ndajshtesa te vepra e Lasgushit „Ylli i zemrës„ . Пеќ- Косово. | 3 |
| 7. | Адили- Челику. Л., Весели. М., 2017. Mbiemra dhe ndajfolje dialektore në veprat e Kadares. Тетово | 2.7 |
| 8. | Адили-Челику Л., 2017. Kadare's lexicon opposite the lexicon of the Albanian language. p. 9-15. Истанбул-Турција | 3 |
| 9. | Адили-Челику.„ Kadare\`s revived lexion- a step towards the literary language\`\` Врања, Србија .2017 | 3 |
| 10. | Весели М.. Адили-Челику \` Dialog letrar me natyren shqiptare gjatë Rilindjes\` Тетово . 2017. | 2.7 |
| | | **27.6** |
| | **Трудови со оригинални резултати, објавени во научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор** | |
| 1. | Адили-Челику,Л. Рушиди-Реџепи, Ј, Рушиди, Ј, 2013 Anglistikum Journal Volume: 2, Тетово „ Kadare's Newly–Formed Words with the Suffix –shëm | 2.7 |
| 2. | Рушиди Ј. Адили-Челику,Л, 2013 Anglistikum Journal Volume: 2, Тетово „ The impact of Ethics on EFL Classroom Ethos: University Students and Professors Views and Suggestions „ | 2.7 |
| 3. | Адили-Челику, Л. Емини,Р. 2013. Anglistikum Journal Volume: 2, Тетово, „ Lexical and grammatical changes of the words created by Ismail Kadare„. | 2.7 |
| 4. | Адили-Челику, Л, Рушиди,Ј. 2013, SEEU Review, Volume 9, No1, The Diminutive in Naim Frashësi\`s Poetry and Ismail Kadare\`s Works. | 2.7 |
| 5. | Адили-Челику, Л, 2014, Albanian Jurnal of Educatuion Studies, Volume 2, Number 1,Тирана, „Word Formation of Verbs in Asdreni\`s Works „ Reze dielli„ and „ Psalme murgu„. | 3 |
| 6. | Рушиди-Реџепи,Ј, Адили-Челику, Л, 2014 Anglistikum Journal Volume: 3, Тетово„ The text as - -Crossroads: Forms of Dialogues in Et'hem Haxhiademi's Tragedies. | 2.7 |
| 7. | Адили-Челику, Л., 2015. THE FORMING OF THE COMPOSED WORDS IN THE POETRY OF NAIM FRASHERI, ASDRENI AND LASGUSH. ANAS. | 3 |
| | **Трудови со оригинални резултати, објавени во научно/стручно списание** | |

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Адили-Челику, Л, 2014, Jehona e RE, Скопје, „ Leksikostilistika në disa fjalë nga veprat e Kadaresë „ ( 117). | 2 |
| 2. | Adili-Celiku. L. Konferencë Vjetore e shkences, Java e shkences 2012,, punim i botuar: „ ANTONIMIA TE KADAREJA | 2 |
| | **Вкупно** | **23.5** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

Поени

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Координатор на изборен предмет - Албански јазик за почетници 2 | 1 |
| 2. | Координатор на изборен предмет - Академско пишување | 1 |
| 3. | Опсервација на часовите | 1 |
| 4. | Член на тим за квалитет, УЈИЕ, Тетово. | 1 |
| 5. | Член на организациски одбор на конференции | 1 |
| 6. | Член на организациски одбор на Втората меѓународна конференција “Gjendja dhe perspektiva e sociolinguistikës sot”, УЈИЕ, Тетово, 2013. | 1 |
| 7. | Член на организациски одбор на конференцијата: “Veprimtaria letrare e Abdylaziz Islamit dhe Murat Isakut”, УЈИЕ, Тетово. | 1 |
| 8. | Член на организациски одбор на Меѓународна конференција „Albanologet e rinj“, Тетово 2017. | 1 |
| | **Вкупно** | **8** |
| | **Вкупно** | |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **109** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **52,1** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **8** |
| **Вкупно** | **169,1** |

**Членови на Комисијата**

Д-р Ваљбона Тоска, вонреден професор, с.р.

Д-р Исмет Османи, вонреден професор, с.р.

Д-р Ајтен Ќамили, вонреден професор, с.р.

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕН ПО СОВРЕМЕН МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“, ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 2.10.2018 година, за избор на асистент по предметот Современ македонски јазик и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 04-2371/7 , донесена на 19.10.2018, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Станислава-Сташа Тофоска-Јанеска, редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, д-р Катерина Велјановска, редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ и д-р Симон Саздов, редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

### И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на асистент по предметот Современ македонски јазик, во предвидениот рок се пријави **м-р Бојан Петревски**.

### 17. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот м-р Бојан Петревски е роден на 15 јануари 1988 г. во Скопје. Средно образование завршил во гимназијата „Јосип Броз-Тито“, во Скопје во 2006 г. Со високо образование се стекнал на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во 2010 година. Дипломирал на 14. 9. 2010 година, со просечен успех 10,00.

Кандидатот активно се служи со англискиот, францускиот јазик, српскиот, хрватскиот и бугарскиот јазик, а има познавања од италијанскиот, грчкиот и рускиот јазик.

Во учебната 2010/2011 се запишал на втор циклус (магистерски) студии од областа македонски јазик, на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. Студиите ги завршил 2012 година, со просечен успех 10. На 29.10.2012 г. го одбранил магистерскиот труд на тема: „Негацијата во каузалните реченици во македонскиот јазик“.

На докторски студии се запишал во уч. 2015/2016 година и досега има завршено шесте семестри во рамките на студиската програма Македонистика – Македонски јазик и лингвистика со просечен успех 10. Докторската дисертација со тема: „Неинтегрираните конструкции во македонскиот јазик (синтаксички, семантички и информацискоструктурни аспекти)“ ја пријавил на 15.3.2017 година на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ и во моментов ја работи.

Добитник е на наградата „26 Јули“ на Ректоратот при УКИМ и Фондацијата „Франк Манинг“ (за најдобар студент на Филолошкиот факултет), како и пофалница од Филолошкиот факулет „Блаже Конески“ во Скопје за постигнат висок успех во студирањето, (2010).

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 18. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ

### Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, кандидатот м-р Бојан Петревски, во уч. 2009/2010 г. бил ангажиран како демонстратор по предметите Современ македонски јазик 1 и 2 и Граматика на македонскиот јазик 1, 2 и 4 на Катедрата за македонски јазик, на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", Скопје. Во уч. 2017/2018 година од Катедрата за македонски јазик бил ангажиран како надворешен соработник (стручњак од практиката) по предметите Синтакса на современиот јазик 1, Современ македонски јазик 3 и Современ македонски јазик 4, а оваа учебна година 2018/2019 е повторно ангажиран за изведување настава (вежби), на првиот циклус студии по предметите Синтакса на современиот македонски јазик 1, Современ македонски јазик 1 и Македонски јазик за преведувачи и толкувачи 1 на студиската програма Македонски јазик и Преведување и толкување.

Во 2013/2014 и 2014/2015 бил ангажиран од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" како лектор по македонски јазик на Националниот институт за ориентални јазици и цивилизации (Иналко) во Париз, Франција, каде што држел часови по повеќе предмети, меѓу кои: Текстови и граматички вежби, Разбирање и усно изразување, Писмено изразување и превод, Историја на македонскиот јазик, Историја на македонската литература.

Во 2013, 2014 и 2015 година бил ангажиран како лектор на XLVI, XLVII и XLVIII меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура.

Во 2015 година бил ангажиран како предавач по македонски јазик на Европскиот кампус за јазици и превод (Campus européen L.E.T.F.I.S. 2015) во Париз, Франција.

### Научноистражувачка дејност

М-р Бојан Петревски е мошне активен и креативен млад истражувач. Списокот на негови трудови брои 35 бибилиографски единици. Покрај дипломскиот и магистерскиот труд, тој има напишано и објавено една монографија (*Негацијата во каузалните реченици*. Скопје: Македонска реч, 2016), 27 оригинални научни трудови (од кои 2 во коавторство), 3 прикази на лингвистички монографии и 2 хроники. Од напишаните научни трудови, 8 труда се објавени во меѓународни научни списанија (7 објавени и 1 предаден за печат), 7 труда се објавени во други научни и стручни списанија, 7 труда се објавени во зборници од меѓународни научни собири, 5 труда се објавени во други научни зборници (од кои 2 се предадени за печат).

Трудовите на м-р Бојан Петревски се објавени во релевантни и признати научни и стручни списанија од областа на лингвистиката и македонистиката, како што се: *Македонски јазик, Славистички студии, Годишен зборник на Филолошкиот факултет, Прилози на МАНУ од Одделението за лингвистика и литературна наука, Современа филологија (Journal of Contemporary Philology), Литературен збор* и сл. Проблематиката со која се занимава во своите трудови е од областа на синтаксата и семантиката, а особено внимание посветува на негацијата, развиениот придавски атрибут, неинтегрираните конструкции во современиот македонски јазик, разгледувајќи ги од различни аспекти. Сите трудови на м-р Бојан Петревски се одликуваат со темелна и издржана анализа на поставените проблеми, поткрепени се сознанија од релевантна консултирана литература на повеќе јазици и донесуваат нови значајни сознанија од областа на современиот македонски јазик.

Од почетокот на својата кариера (уште од завршните години на студирањето) до денот на пријавата, кандидатот м-р Бојан Петревски има учествувано на 13 (тринаесет) научни конференции

или симпозиуми во земјата и во странство од областа на лингвистиката и македонистиката. Редовен учесник е на научниот собир „Млади македонисти“ од 2008 до 2018 година (VI, VII, VIII, IX и X научен собир), учествувал на научните собири „Денови на Благоја Корубин“, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ (2011, 2013), на Меѓународната научна конференција на Семинарот за македонски јазик, литература и култура (2012), на Меѓународната конференција за применета лингвистика (Практиката во јазикот, јазикот во практиката) на Универзитетот ФОН (2012) и др.

М-р Бојан Петревски учествувал како соработник во 3 национални проекти, и тоа: проектите на ЈНУ Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“-„Речник на антонимите во македонскиот јазик“ (2011 г.) и „Јазичното планирање и јазичните политики во РМ“ (2012 г.), како и во проектот „Лицата со оштетен вид во улога на наставници по македонски јазик“ на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ и УКИМ (2018-во тек) .

## Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Кандидатот м-р Бојан Петревски активно е вклучен и во стручно-апликативната работа од областа на македонскиот јазик и македонистиката. Тој е лиценциран лектор по македонски јазик и има извршено стручна јазична редакција на мошне голем број публикации.

Во рамките на стручното усовршување, односно студиски престој во странство, како активности на кандидатот може да се споменат учеството на Семинарот за бугарски јазик и литература во Софија, Р Бугарија во 2008 г., и особено, стручното усовршување за време на неговиот ангажман како лектор по македонски јазик на Националниот институт за ориентални јазици и цивилизации (Иналко) во Париз, Франција, во периодот 2013-2015 г.

Особена активност кандидатот м-р Бојан Петревски покажува и во дејностите од поширок интерес: учествувал во организацискиот одбор на VII (2010 г.) и VIII меѓународен научен собир на млади македонисти (2013 г.) и во уредувачките одбори за издавање на зборниците од споменатите собири (2016 г.). Од 2017 година е ангажиран и како лектор/јазичен редактор во списанието „Литературен збор“.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно и мошне високо ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на м-р Бојан Петревски.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека м-р Бојан Петревски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето **асистент по Современ македонски јазик.**

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, м-р Бојан Петревски да биде избран во звањето **асистент по Современ македонски јазик**.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

**Проф. д-р Станислава-Сташа Тофоска-Јанеска, с.р.**

**Проф. д-р Катерина Велјановска, с.р.**

**Проф. д-р Симон Саздов, с.р.**

# Р Е ФЕ Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕН ПО СОВРЕМЕН МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“, ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 2.10.2018 година, за избор на асистент по предметот Современ македонски јазик и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 04-2371/6 , донесена на 19.10.2018, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Станислава-Сташа Тофоска-Јанеска, редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, д-р Катерина Велјановска, редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ и д-р Симон Саздов, редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на асистент по предметот Современ македонски јазик, во предвидениот рок се пријави **м-р Бобан Карапејовски**.

### 19. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот м-р Бобан Карапејовски е роден на 28.8.1987, во Тетово. Средно образование завршил во Тетово, во 2006 г. Со високо образование се стекнал на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во 2010 година. Дипломирал на 14.9.2010 година, со просечен успех 10.

Кандидатот м-р Бобан Карапејовски активно се служи со англискиот, српскиот, хрватскиот и бугарскиот јазик, а има познавања и од рускиот и од албанскиот јазик.

Во учебната 2010/2011 се запишал на втор циклус (магистерски) студии од обласга македонски јазик, на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. Студиите ги завршил 2012 година, со просечен успех 10. На 26.12.2012 година го одбранил магистерскиот труд на тема: *Дистрибуцијата на заменските клитики во македонскиот јазик*.

На докторски студии се запишал во уч. 2013/2014 година и досега ги има завршено шесте семестри во рамките на студиската програма Македонистика – Македонски јазик и лингвистика со просечен успех 10. Докторската дисертација со тема: *Експонентите на категоријата определеност во македонскиот јазик* ја пријавил во јануари 2015 година на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ и во моментов ја работи.

Добитник е на наградата „26 Јули“ на Ректоратот при УКИМ и Фондацијата „Франк Манинг“ (за најдобар студент на Филолошкиот факултет), како и пофалница од Филолошкиот факулет „Блаже Конески“ во Скопје за постигнат висок успех во студирањето, (2010).

Во моментот работи како виш соработник во Издавачкото одделение при Македонската академија на науките и уметностите.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 20. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност, кандидатот м-р Бобан Карапејовски бил ангажиран како надворешен асистент на Меѓународниот балкански универзитет од учебната 2014/2015 до денес, кадешто изведува настава по предметите Македонски јазик 1 и 2 на првиот циклус студии.

**Научноистражувачка дејност**

М-р Бобан Карапејовски е мошне активен и креативен млад истражувач. Списокот на трудови на кандидатот брои 30 библиографски единици. Карапејовски е автор на 1 (една) монографија (*Јазикот и стварноста. -дистрибуцијата на заменските клитики во македонскиот јазик.* Скопје: Ми-Ан. 2018) и вкупно 19 оригинални научни трудови од областа на македонистиката, 3 прикази, 2 хроники и 1 предговор. Од напишаните трудови, 1 научен труд е објавен во индексирано (SCOPUS) научно списание (*Slavia Meridionalis,* Institute of Slavic Studies, Polish Academy of Sciences), 4 труда се објавени во меѓународни научни списанија, 6 труда се објавени во зборници од лингвистички и културолошки меѓународни научни собири и 7 труда (еден во коавторство) се објавени во други научни и стручни списанија. Исто така, м-р Карапејовски се јавува како соработник на приредувачот Милан Ѓурчинов во 2 тома од критичкото издание на *Целокупните дела на Блаже Конески* во издание на МАНУ (2018, 2013), и како соработник на 2 авторски монографии на Милан Ѓурчинов (*Залез на аксиолошкиот релативизам- кон нови критички хоризонти.* Скопје: МАНУ, 2015 и *Од денешен агол.* Скопје: МАНУ, 2012), а автор е и на една библиографија (на списанието „Литературен збор" за периодот 2003–2013).

Од почетокот на својата кариера, уште од завршните години на студирањето кандидатот има пројавено интерес кон научноистражувачката работа. Оттогаш до денот на пријавата, м-р Бобан Карапејовски има учествувано на 17 (седумнаесет) научни конференции, симпозиуми и сл. во земјата и во странство. Особено треба да се нагласи неговото учество и на меѓународни конференции од областа на лингвистиката во странство, и тоа на Карловиот универзитет во Прага (Чешка) во 2010 г., на Институтот за славистика на Универзитетот во Грац (Австрија) во 2012 г., на Филолошкиот факултет во Белград (Србија) во 2012 г., на Годишната научна конференција на Друштвото за словенска лингвистика (Slavic Linguistic Society), одржана на Универзитетот во Љубљана (Словенија), во 2017 г. Покрај тоа, редовен учесник е и на научниот собир „Млади македонисти" од 2008 до 2018 година и др. собири одржани на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" и Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков" во Скопје.

Трудовите на м-р Бобан Карапејовски се резултат на неговите лингвистички проучувања на современиот македонски јазик од областа на синтаксата, семантиката и социолингвистиката, дел од нив презентирани на меѓународни научни собири, објавени во релевантни научни и стручни списанија/зборници од областа на лингвистиката и македонистиката (*Македонски јазик, Славистички студии, Philological studies, Годишен зборник на Филолошкиот факултет, Прилози на МАНУ од Одделението за лингвистика и литературна наука, Литературен збор* и др.). Особено внимание тој посветува на проблематиката на референцијата и категоријата определеност, но се занимава и со конгруенцијата, партитивноста и други лингвистички прашања дистинктивни за македонскиот јазик. Кандидатот покажува сериозна упатеност во соодветната поширока лингвистичка литература, која ја користи за поткрепување на своите анализи и значајните сознанија за македонскиот јазик до кои доаѓа во своите истражувања.

Кандидатот м-р Бобан Карапејовски учествувал како соработник во 3 (три) национални проекти, и тоа: проектот на ЈНУ Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“-„„Јазичното планирање и јазичните политики во РМ“, проектот Македонски јазичен корпус, на Истражувачкиот центар за ареална лингвистика „Божидар Видоески“, при Македонската академија на науките и уметностите, Исто така, м-р Бобан Карапејовски е вклучен и во 2 (два) меѓународни научни проекта на Македонската академија на науките и уметностите: „Македонско-српски книжевни и културни врски“, билатерален проект со Српската академија на науките и уметностите и „Модернизмот во бугарската и во македонската литература“, билатерален проект со Бугарската академија на науките и уметностите.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

М-р Бобан Карапејовски активно е вклучен во стручно-апликативната работа од областа на македонскиот јазик и македонистиката. Тој е лиценциран лектор по македонски јазик и има извршено стручна јазична редакција и техничко уредување на повеќе од 200 публикации за различни научни институции и издавачи куќи.

М-р Бобан Карапејовски бил или е член на следниве меѓународни асоцијации: The Societas Linguistica Europaea, на Slavic Linguistic Society (Славистичкото лингвистичко друштво). Исто така, бил член на на Извршниот одбор и секретар на Сојузот на друштвата за македонски јазик и литература (2014–2016), а е и еден од основачите на Центарот за култура и културолошки студии (www.cultcenter.net) и член на Балканската мрежа за култура и културолошки студии.

Во рамките на стручното усовршување, односно студиски престој во странство, како активност на кандидатот може да се спомене учеството на Семинарот за бугарски јазик и литература во Софија, Р Бугарија, во 2008 г.

Особена активност кандидатот м-р Бобан Карапејовски покажува и во дејностите од поширок интерес: учествувал во организацискиот одбор на VII (2010 г.) и VIII (2013 г.), IX (2016 г.) и X (2018 г.) меѓународен научен собир на млади македонисти и во уредувачките одбори за издавање на зборниците од споменатите собири. Во периодот 2014-2016 бил член на Извршниот одбор и секретар на Сојузот на друштвата за македонски јазик и литература, а во периодот 2014-2017 година е ангажиран и како лектор/јазичен редактор во списанието *Литературен збор*.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно и мошне високо ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес м-р Бобан Карапејовски.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека м-р Бобан Карапејовски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-

докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето асистент по *Современ македонски јазик*.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, **м-р Бобан Карапејовски** да биде избран во звањето **асистент по Современ македонски јазик**.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. **Проф. д-р Станислава-Сташа Тофоска-Јанеска, с.р.**
2. **Проф. д-р Катерина Велјановска, с.р.**
3. **Проф. д-р Симон Саздов, с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЛЕКТОР ПО ГЕРМАНСКИ ЈАЗИК НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот објавен на 5 октомври 2018 година во весниците *Нова Македонија* и *Коха*, Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, на својата дваесет и петта редовна седница одржана на 17 октомри 2018 година, нè определи за членови на Рецензентската комисија за избор на лектор по германски јазик на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје.

Заблагодарувајќи се за укажаната доверба, чест ни е по разгледувањето на доставената документација да го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На споменатиот конкурс за избор на лектор по германски јазик се пријави м-р Сашка Грујовска-Миланова од Скопје.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

М-р Грујовска-Миланова е родена на 6 октомври 1993 година во Скопје, каде што како првенка на училиштето „Димо Хаџи Димов“ за генерацијата 2000 – 2008 година го завршила основното образование, а како првенка на гимназијата „Георги Димитров“ и како првенка на градот Скопје за генерацијата 2008 – 2012 година го заокружила и средното образование.

Германскиот јазик, меѓу другото, го изучувала според програмата за стекнување на Германската јазична диплома од Конференцијата на министрите за образование (DSD) под менторство на д-р Рајнхард Лојзинг од Германија и пред да матурира, го положила предвидениот испит за познавање на германскиот јазик на ниво Це 1. Добитничка е на награди од државни училишни натпревари. Во 2010 година, градот Скопје ѝ ја доделил наградата „13 Ноември“.

Во академската 2012/2013 година, кандидатката се запишала на Катедрата за германски јазик и книжевност при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. Студиите ги завршила во 2016 година со просечна оценка 10,00, со што го стекнала звањето дипломиран професор по германски јазик и книжевност. Добила пофалница за дипломирани студенти со најдобар успех во академската 2015/2016 година, издадена од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Преку програмата „Еразмус+“, наставата во летниот семестар од академската 2014/2015 година ја следела на Универзитетот „Карл-Франц“ во Грац, Австрија, каде што ги положила предвидените испити со високи оценки.

За да го усоврши познавањето на германскиот јазик, учествувала на два јазични курса во Германија: во 2011 година во училиштето „Тандем“ во Минхен, а во 2014 година, со стипендија од Германската служба за академска размена (ДААД), на Универзитетот „Дисбург-Есен“. Освен германскиот, м-р Грујовска-Миланова одлично го владее англискиот, а се служи и со рускиот јазик.

Во академската 2016/2017 година, како стипендистка на Германската служба за академска размена (ДААД), кандидатката се запишала на двегодишните студии од вториот циклус на Институтот за емпириска лингвистика при Универзитетот „Јохан Волфганг Гете“ во

Франкфурт/Мајна, Германија, кои ги завршила во академската 2017/2018 година со просечна оценка 1,4, имено 9,78 според македонскиот систем на оценување, стекнувајќи го научниот степен магистер по емпириска лигвистика – општа компаративна лингвистика. Резултат од овие студии е магистерскиот труд: *Historische Entwicklung der Relativsätze im Deutschen und im Mazedonischen* [’Историски развој на релативните реченици во германскиот и во македонскиот јазик‘], под менторство на проф. д-р Јост Гиперт.

Во летниот семестар од академската 2016/2017 година, м-р Грујовска-Миланова се запишала на едногодишните студии од вториот циклус по македонистика со комуникологија на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Следната година магистрирала со просечна оценка 10,00, одбранувајќи го магистерскиот труд *За евиденцијалноста во македонскиот и во германскиот јазик* под менторство на проф. д-р Веселинка Лаброска, со што го стекнала научниот степен магистер по македонистика со комуникологија.

Во однос на возраста, кандидатката покажува богата активност од наставно-образовен, научноистражувачки и стручно-апликативен карактер, како и активности од поширок интерес. Откако ги разгледавме вкупните остварувања на кандидатката, утврдивме дека ги исполнува долунаведените критериуми.

## 2. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Од академската 2017/2018 година, м-р Грујовска-Миланова е ангажирана како надворешна соработничка на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. На Катедрата за германски јазик и книжевност ги држела или ги држи вежбите по предметите: Контрастивна граматика на германскиот и на македонскиот јазик 1 и 2, Германски јазик 1 (ниво А1/1), одн. Германски јазик за Филолошкиот факултет 1 (продолжителен курс) и Германски јазик 2 (ниво А1/2), како и Сегментална фонетика и фонологија на германскиот јазик, а на Катедрата за преведување и толкување – вежбите по предметите: Контрастивна анализа на текст и говор 1 и 2, Преведување од македонски А- на германски Б-јазик 3 и 4, како и Германски јазик 1В и 2В.

Кандидатката се истакнува со ангажиран однос спрема студентите, применувајќи индивидуален пристап во наставно-образовниот процес.

## 3. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Во дипломскиот труд и во двата магистерски труда, м-р Грујовска-Миланова покажа дека извонредно ја владее материјата и дека поседува исклучителна способност за научноистражувачка дејност.

Но, ова не се единствените трудови на кандидатката: нејзината активност во оваа област започнала уште пред дипломскиот труд. Во 2015 и 2016 година била учесничка со реферат на Студентската конференција „Како си ми?“ во Скопје, во 2016 и 2018 година – на Меѓународната конференција „ФИЛКО“ во Штип, а во 2018 година – на конференцијата „Хумболт-колег“ (Humboldt-Kolleg) во Охрид и на 11. Годишна конференција на Здружението на германисти од Југоисточна Европа (SOEGV) во Скопје.

Учествува во проектот „Гралис-мак“ за изработка на електронски корпус на македонскиот јазик, подготвувајќи ги текстовите за поставување на серверот. Овој проект се спроведува на Институтот за славистика при Универзитетот „Карл-Франц“ во Грац, Австрија, под раководство на проф. д-р Бранко Тошовиќ.

Кандидатката се одликува со акрибичност и темелност во научното истражување, обично карактеристична за научни истражувачи на поголема возраст.

## 4. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

М-р Грујовска-Миланова вршела низа дејности од стручно-апликативната област. Во рамките на студиите била практикантка во Германската читалница, ЕВН Македонија, училиштето за странски јазици „Летиком плус" и во училиштето за странски јазици „Летрас". Се занимавала со наставни и со преведувачки активности. Лекторирала трудови на македонски и на германски јазик.

Кандидатката успешно ги извршила сите поставени задачи.

## 5. ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

М-р Грујовска-Миланова е добитничка на награди и на признанија за одличниот успех во образованието и за воннаставните активности, меѓу кои посебно се истакнуваат наградата „13 Ноември", доделена од градот Скопје и пофалницата од Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје. Остварила неколку студиски и друг вид образовни престои на германското говорно подрачје, вклучувајќи ги и студиите од вториот циклус. Од 2015 до 2018 година членувала во Организациският тим на Студентската конференција „Како си ми?".

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

За квалитетот на м-р Грујовска-Миланова, меѓу другото, сведочи фактот што во периодот од академската 2012/2013 до академската 2017/2018 година завршила студии од прв циклус во Скопје и студии од втор циклус (едни во Скопје и едни во Франкфурт/Мајна), со просечни оценки: 10,00, 9,78 и 10,00. На ова се надоврзуваат наградите за одличен успех во текот на претходното образование и за воннаставните активности. Уште пред да се запише на првиот циклус студии по германски јазик и книжевност, го владеела германскиот јазик на нивото Це 1. Активно учествува на меѓународни и на домашни конференции и во меѓународен проект.

Кандидатката со успех ја извршува наставно-образовната дејност. Поседува високо ниво на германистичка компетентност и на методско-дидактичка вештина за држење на вежбите по горенаведените предмети. Има коректен, кооперативен и пресретлив однос спрема студентите и спрема професорите, кои со целосна доверба ѝ ја доделуваат задачата да ги држи вежбите по нивните предмети. Се одликува со научноистражувачка зрелост, која ретко се среќава кај толку млади филолози.

Врз основа на нејзината наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-апликативна дејност, како и на дејностите од поширок интерес, чест и задоволство ни е да му предложиме на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје да ја избере м-р Сашка Грујовска-Миланова за лектор по германски јазик.

Рецензентска комисија

Д-р Емилија Бојковска, редовен професор, с. р.

Д-р Силвана Симоска, редовен професор, с. р.

Д-р Емина Авдиќ, вонреден професор, с. р.

Прилог:

Образец кон извештајот за избор на м-р Грујовска-Миланова во звањето лектор по германски јазик

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: Сашка Ѓорги Грујовска-Миланова**

(име, татково име и презиме)

**Институција: Филолошки факултет „Блаже Конески" - Скопје**

(назив на факултетот/институтот)

**Научна област: ______________________________**

1. **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| **1.1** | **Одржување вежби од прв циклус студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", УКИМ** | |
| **1.1.1** | **2017/2018, зимски семестар** | |
| 1.1.1.1 | Контрастивна анализа на текст и говор 1 (0 + 1)<br>(1 x 15 x 0,03 = 0,45) | 0,45 |
| 1.1.1.2 | Контрастивна граматика на германскиот и на македонскиот јазик 1 (0 + 2)<br>(2 x 15 x 0,03 = 0,9) | 0,90 |
| 1.1.1.3 | Преведување од македонски (А) на германски (Б) јазик 3 (0 + 4)<br>(4 x 15 x 0,03 = 1,8) | 1,80 |
| 1.1.1.4 | Германски јазик 1 (ниво А1/1), (0 + 4)<br>(4 x 15 x 0,03 = 1,8) | 1,80 |
| | Вкупен број бодови за одржани вежби од прв циклус<br>студии во 2017/2018 зимски семестар: **4,95** | |

| | | |
|---|---|---|
| **1.1.2** | **2017/2018. летен семестар** | |
| 1.1.2.1 | Контрастивна анализа на текст и говор 2 (0 + 1)<br>(1 x 15 x 0,03 = 0,45) | 0,45 |
| 1.1.2.2 | Контрастивна граматика на германскиот и на македонскиот јазик 2 (0 + 2)<br>(2 x 15 x 0,03 = 0,9) | 0,90 |
| 1.1.2.3 | Преведување од македонски (А) на германски (Б) јазик 4 (0 + 4)<br>(4 x 15 x 0,03 = 1,8) | 1,80 |
| 1.1.2.4 | Германски јазик 2 (ниво А1/2), (0 + 4)<br>(4 x 15 x 0,03 = 1,8) | 1,80 |
| | Вкупен број бодови за одржани вежби од прв циклус<br>студии во 2017/2018 летен семестар: **4,95** | |
| **1.1.3** | **2018/2019, зимски семестар** | |
| 1.1.3.1 | Контрастивна анализа на текст и говор 1 (0 + 1)<br>(1 x 15 x 0,03 = 0,45) | 0,45 |
| 1.1.3.2 | Контрастивна граматика на германскиот и на македонскиот јазик 1 (0 + 2)<br>(2 x 15 x 0,03 = 0,9) | 0,90 |
| 1.1.3.3 | Преведување од македонски (А) на германски (Б) јазик 3 (0 + 4)<br>(4 x 15 x 0,03 = 1,8) | 1,80 |
| 1.1.3.4 | Германски јазик за Филолошкиот факултет 1 (продолжителен курс), (0 + 4)<br>(4 x 15 x 0,03 = 1,8) | 1,80 |
| 1.1.3.5 | Сегментална фонетика и фонологија на германскиот и на македонскиот јазик (0 + 2)<br>(2 x 15 x 0,03 = 0,9) | 0,90 |
| 1.1.3.6 | Германски јазик 1 (В) (0 + 2)<br>(2 x 15 x 0,03 = 0,9) | 0,90 |
| | Вкупен број бодови за одржани вежби од прв циклус<br>студии во 2018/2019 зимски семестар: **6,75** | |
| **1.2** | **Консултации со студенти** | |

| | | |
|---|---|---|
| 1.2.1 | 2017/2018, зимски семестар<br>(85 x 0,002 = 0,17) | 0,17 |
| 1.2.2 | 2017/2018, летен семестар<br>(70 x 0,002 = 0,14) | 0,14 |
| 1.2.3 | 2018/2019, зимски семестар<br>(165 x 0,002 = 0,33) | 0,33 |
| | Вкупен број бодови за одржани консултации: **0,64** | |
| **1.3** | **Подготовка на нов предмет – вежби** | |
| **1.3.1** | **2017/2018, зимски семестар** | |
| 1.3.1.1 | Контрастивна анализа на текст и говор 1 | 0,50 |
| 1.3.1.2 | Контрастивна граматика на германскиот и на македонскиот јазик 1 | 0,50 |
| 1.3.1.3 | Преведување од македонски (А) на германски (Б) јазик 3 | 0,50 |
| 1.3.1.4 | Германски јазик 1 (ниво А1/1) | 0,50 |
| **1.3.2** | **2017/2018, летен семестар** | |
| 1.3.2.1 | Контрастивна анализа на текст и говор 2 | 0,50 |
| 1.3.2.2 | Контрастивна граматика на германскиот и на македонскиот јазик 2 | 0,50 |
| 1.3.2.3 | Преведување од македонски (А) на германски (Б) јазик 4 | 0,50 |
| 1.3.2.4 | Германски јазик 2 (ниво А1/2) | 0,50 |
| **1.3.3** | **2018/2019, зимски семестар** | |
| 1.3.3.1 | Сегментална фонетика и фонологија на германскиот јазик | 0,50 |
| 1.3.3.2 | Германски јазик 1 (В) | 0,50 |
| | Вкупен број бодови за подготовка на нов предмет: **5,00** | |
| **1.4** | **Настава во школи и работилници** | |
| 1.4.1 | Училиште за странски јазици „Летиком Плус“ 2014/2015 (наставничка) | 1,00 |
| 1.4.2 | Училиште за странски јазици „Летрас“, 2015/2016 (наставничка) | 1,00 |
| 1.4.3 | Работилница *Grundlagen der Syntax* [’Основи на синтаксата]<br>Институт за емпириска лингвистика, Универзитет „Гете“, Франкфурт/Мајна, јуни 2017 (учесничка) | 1,00 |

| | | |
|---|---|---|
| 1.4.4 | Летен курс на универзитет – курс за германистика, Универзитет „Дисбург-Есен“, август 2014 (учесничка) | 1,00 |
| 1.4.5 | Курс по германски јазик, училиште за јазици „Тандем“, Минхен, септември 2011 (учесничка) | 1,00 |
| | Вкупен број бодови за настава во школи и работилници: **5,00** | |
| **1.5** | **Пакет-материјали за предмет** | |
| 1.5.1 | Пакет-материјали за вежбите по предметот Контрастивна анализа на текст и говор 1 | 1,00 |
| 1.5.2 | Пакет-материјали за вежбите по предметот Контрастивна анализа на текст и говор 2 | 1,00 |
| 1.5.3 | Пакет-материјали за вежбите по предметот Контрастивна граматика на германскиот и на македонскиот јазик 1 | 1,00 |
| 1.5.4 | Пакет-материјали за вежбите по предметот Контрастивна граматика на германскиот и на македонскиот јазик 1 | 1,00 |
| 1.5.5 | Пакет-материјали за вежбите по предметот Германски јазик 1 (ниво А1/1) | 1,00 |
| 1.5.6 | Пакет-материјали за вежбите по предметот Германски јазик 2 (ниво А1/2) | 1,00 |
| | Вкупен број бодови за подготовка на пакет-материјали за предмет: **6,00** | |
| | **Вкупен број бодови за наставно-образ. дејност:** | **33,29** |

## 2. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| **2.1** | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор** | |
| 2.1.1 | „Nomina agentis во македонскиот и во германскиот јазик“, *ФИЛКО. Зборник на трудови.* 18–19 март 2016. Штип: Филолошки факултет, УГД, 2016, 141–146 (електронско издание). | 3,00 |
| 2.1.2 | „Граматички средства за означување прекажаност во македонскиот и во германскиот јазик“, *ФИЛКО. Зборник на трудови.* 26–27 април 2018. Штип: Филолошки факултет, УГД, 2018 (во печат). | 3,00 |

| | | |
|---|---|---|
| 2.1.3 | „Über die historische Entwicklung der Relativsätze im Deutschen und im Mazedonischen“, *11. Jahrestagung des Südosteuropäischen Germanistenverbandes (SOEGV). Mensch und Maschine. Humane, technische und virtuelle Welt in Sprache, Literatur und Kultur*.<br>16.–20. Oktober 2018. Skopje, 2018 (im Druck). | 3,00 |
| | Вкупен број бодови за трудови во зборници од<br>научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор: **9,00** | |
| **2.2** | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир** | |
| 2.2.1 | „Nomina agentis и nomina instrumenti во македонскиот и во германскиот јазик илустрирани преку деривати со суфиксите *-ач* и *-er*“, *Како си ми?* (2015 и 2016). Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески“, 2017, 61–67. | 2,00 |
| | Вкупен број бодови за трудови во зборници<br>од научен/стручен собир: **2,00** | |
| **2.3** | **Секциски предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество** | |
| 2.3.1 | „Nomina agentis во македонскиот и во германскиот јазик“, *ФИЛКО*. Штип: Филолошки факултет, УГД, 18–19 март 2016. | 2,00 |
| 2.3.2 | „Граматички средства за означување прекажаност во македонскиот и во германскиот јазик“, *ФИЛКО*. Штип: Филолошки факултет, УГД, 26–27 април 2018. | 2,00 |
| 2.3.3 | „Über die historische Entwicklung der Relativsätze im Deutschen und im Mazedonischen“, *11. Jahrestagung des Südosteuropäischen Germanistenverbandes (SOEGV). Mensch und Maschine. Humane, technische und virtuelle Welt in Sprache, Literatur und Kultur*. Skopje, 16.–20. Oktober 2018. | 2,00 |
| | Вкупен број бодови за секциско предавање<br>на научен/стручен собир со меѓународно учество: **6,00** | |
| **2.4** | **Учество на научен/стручен собир со реферат** | |
| 2.4.1 | „За употребата на глаголската придавка во македонскиот јазик и на партиципот 2 во германскиот јазик“, *Како си ми?*. Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески“, УКИМ, 30 мај 2015. | 1,00 |
| 2.4.2 | „Nomina agentis и nomina instrumenti во македонскиот и во германскиот јазик илустрирани преку деривати со суфиксите *-ач* и *-er*“, *Како си ми?*. Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески“, УКИМ, 26 март 2016. | 1,00 |

| | | |
|---|---|---|
| 2.4.3 | "Modal verbs as evidentiality markers in Macedonian and in German", *Humboldt-Kolleg*. Охрид, 19–23 април 2018 (постер). | 0,5 |
| | Вкупен број бодови за учество на научен/стручен собир со реферат: **2,50** | |
| **2.5** | **Апстракти објавени во зборник на конференција** | |
| 2.5.1 | „Nomina agentis во македонскиот и во германскиот јазик", *ФИЛКО. Зборник на трудови*. 18–19 март 2016. Штип: Филолошки факултет УГД, 2016, стр. 141 (електронско издание). | 1,00 |
| 2.5.2 | „Граматички средства за означување прекажаност во македонскиот и во германскиот јазик", *ФИЛКО. Зборник на трудови*. 26–27 април 2018. Штип: Филолошки факултет УГД, 2018, (во печат). | 1,00 |
| 2.5.3 | „Nomina agentis и nomina instrumenti во македонскиот и во германскиот јазик илустрирани преку деривати со суфиксите -*ач* и -*er*", *Како си ми?* (2015 и 2016). Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески", 2017, стр. 61. | 0,50 |
| 2.5.4 | "Modal verbs as evidentiality markers in Macedonian and in German", *Humboldt-Kolleg*. 19–23 април 2018. Охрид, 2018, стр. 83. | 1,00 |
| 2.5.5 | „Über die historische Entwicklung der Relativsätze im Deutschen und im Mazedonischen", *11. Jahrestagung des Südosteuropäischen Germanistenverbandes (SOEGV). Mensch und Maschine. Humane, technische und virtuelle Welt in Sprache, Literatur und Kultur*. 16.–20. Oktober 2018. Skopje, 2018, S. 45. | 1,00 |
| | Вкупен број бодови за апстракти објавени во зборник на конференција: **4,50** | |
| **2.6** | **Учесник во меѓународен научен проект** | |
| 2.6.1 | Меѓународен научен проект за изработка на електронскиот јазичен корпус „Гралис" во рамките на договорот за соработка меѓу Институтот за славистика при Универзитетот во Грац, Австрија, и Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје: http://www-gewi.kfunigraz.ac.at/gralis/korpusarium/gralis_korpus. html (учество во 2018). | 5,00 |
| | Вкупен број бодови за учество во меѓународен научен проект: **5,00** | |
| | **Вкупен број бодови за научноистраж. дејност:** | **29,00** |

## 3. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| **3.1** | **Учество во промотивни активности на Факултетот** | |
| 3.1.1 | Отворен ден на УКИМ,<br>8.5.2015 | 0,50 |
| 3.1.2 | Отворен ден на УКИМ,<br>15.4.2016 | 0,50 |
| | Вкупен број бодови за учество во промотивни<br>активности на Факултетот: **1,00** | |
| **3.2** | **Експертски активности** | |
| 3.2.1 | Практиканска работа како преведувачка, ЕВН Македонија,<br>јули 2014 | 1,00 |
| 3.2.2 | Практиканска работа како библиотекарка, Германска читалница, февруари 2014 | 1,00 |
| 3.2.3 | Водителка на детската емисија „Ѕвон“, Македонска телевизија, јануари 2012 – јуни 2012 | 1,00 |
| | Вкупен број бодови за експертски активности: **3,00** | |
| **3.3.** | **Учество во работата на комисии за државни натревари** | |
| 3.3.1. | Член на Комисија за изведување на Државниот натпревар по германски јазик за учениците од VI одделение, одржан на 28.5.2018 во Скопје | 1,00 |
| 3.3.2. | Член на Комисија за изведување на Државниот натпревар по германски јазик за учениците од VII одделение, одржан на 28.5.2018 во Скопје | 1,00 |
| 3.3.3. | Член на Комисија за изведување на Државниот натпревар по германски јазик за учениците од VIII одделение, одржан на 28.5.2018 во Скопје | 1,00 |
| 3.3.4. | Член на Комисија за изведување на Државниот натпревар по германски јазик за учениците од IX одделение, одржан на 28.5.2018 во Скопје | 1,00 |
| | Вкупен број бодови за учество во работата на<br>комисии за државни натпревари: **4,00** | |
| **3.4** | **Превод на дел од книга** | |

| | | |
|---|---|---|
| 3.4.1 | Алберт Драх: *Во меѓувреме*. Скопје: Арс Ламина, 2017. | 1,00 |
| 3.4.2 | Херман Кестен: *Тугите богови*. Скопје: Арс Ламина, 2017. | 1,00 |
| 3.4.3 | Ерих Кестнер: *Двојната Лота*. Скопје: Арс Ламина, 2018. | 1,00 |
| | Вкупен број бодови од преводи: **3,00** | |
| **3.5** | **Лекторирање на трудови на странски/македонски јазик** | |
| 3.5.1 | "Geopolitical Strategies and Modernity: Multipolar World of Nowadays", *Journal of Liberty and International Affairs*, 2015. | 0,25 |
| 3.5.2 | "Gender-sensitive Policies – Are there any changes in the Republic of Macedonia from 1990 to 2011?", *Journal of Liberty and International Affairs*, 2015. | 0,25 |
| 3.5.3 | "Irregular Migration Flows and Human Trafficking in the Western Balkan Countries: Challenges of the Convergence of Counter-Trafficking Response", *Journal of Liberty and International Affairs*, 2016. | 0,25 |
| 3.5.4 | "Epistemological Specifics of the Variants of Contemporary Conservatism", *Journal of Liberty and International Affairs*, 2016. | 0,25 |
| 3.5.5 | "Freedom, the Fruit of Individual Liberty: Operationalization of Liberty and Demystification of Freedom", *Journal of Liberty and International Affairs*, 2016. | 0,25 |
| 3.5.6 | "Albanian Immigrants in Greece - from Unwanted to Tolerated?", *Journal of Liberty and International Affairs*, 2016. | 0,25 |
| 3.5.7 | "The Compatibility of Women's Involvement in Politics and the Process of Euro-Integration in the Modern Georgian Reality", *Journal of Liberty and International Affairs*, 2016. | 0,25 |
| 3.5.8 | "The Admission of Newly Created States in the Membership of the United Nations Organization: the Case of Republic of Macedonia", *Journal of Liberty and International Affairs*, 2016. | 0,25 |
| 3.5.9 | "Political and Doctrinal Sources and Valuable Framework of the Political Islam in the Context of Political Ideologies", *Journal of Liberty and International Affairs*, 2018. | 0,25 |
| | Вкупен број бодови за лекторирање: **2,25** | |
| | **Вкупен број бодови за стручно-аплик. дејност:** | **13,25** |

## 4. ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| **4.1** | **Член на организациски или програмски одбор на научен/стручен собир** | |
| 4.1.1 | Студентска конференција „Како си ми?“ 2015 | 0,50 |
| 4.1.2 | Студентска конференција „Како си ми?“ 2016 | 0,50 |
| 4.1.3 | Студентска конференција „Како си ми?“ 2017 | 0,50 |
| 4.1.4 | Студентска конференција „Како си ми?“ 2018 | 0,50 |
| | Вкупен број бодови за учество во организационен или програмски одбор на научен/стручен собир: **2,00** | |
| **4.2** | **Студиски престој во странство** | |
| 4.2.1 | Студиски престој на Универзитетот „Карл-Франц“ во Грац преку Еразмус+ во периодот од февруари 2015 до јули 2015 | 1,00 |
| 4.2.2 | Студиски престој на Универзитетот „Гете“ во Франкфурт преку ДААД во периодот од октомври 2016 до јули 2017 | 2,00 |
| | Вкупен број бодови за студиски престој во странство: **3,00** | |
| **4.3** | **Награда и пофалница** | |
| 4.3.1 | Награда „13 Ноември“ од Град Скопје, 2010 | 3,00 |
| 4.3.2. | Пофалница од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ | 3,00 |
| | Вкупен број бодови за награда и пофалница: **6,00** | |
| | **Вкупен број бодови за дејности од поширок интерес:** | **11,00** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 33,29 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 29,00 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 13,25 |
| **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | 11,00 |
| **Вкупен број бодови** | **86,54** |

**Членови на Комисијата**

Д-р Емилија Бојковска, редовен професор, с. р., претседателка

Д-р Силвана Симоска, редовен професор, с. р., член

Д-р Емина Авдиќ, вонреден професор, с. р., член

ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ„ БЛАЖЕ КОНЕСКИ“

**4. ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ**

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | м-р Шпреса Исмајли Алиу | „Лексички и зборообразувачки особености на јазикот во романите на Реџеп Ќосја“ | "Lexical features and word formation in novels of Rexhep Qosja" | проф. д-р Аслан Хамити | 24-10-2018<br>бр. 10-1320/6 |

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

## „СОВРЕМЕНИ КАРАКТЕРИСТИКИ И ПЕРСПЕКТИВИ НА СВЕТСКИТЕ ДЕВИЗНИ ПАЗАРИ, СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА ДЕВИЗНИОТ ПАЗАР ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА" ОД М-Р СИМКА ЈАНЕВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 241 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, а во врска со поднесената докторска дисертација од кандидатката м-р Симка Јаневска со наслов „Современи карактеристики и перспективи на светските девизни пазари, со посебен осврт на девизниот пазар во Република Македонија", Научниот совет на Економскиот институт во Скопје, на 18. седница одржана на 29.8.2018, донесе Одлука бр. 09-1178/2 за формирање на Комисија за оцена на докторската дисертација, во состав:

1. д-р Снежана Костадиноска-Милошеска, редовен професор, ментор и член
2. д-р Биљана Ангелова, редовен професор, член
3. д-р Климентина Попоска, редовен професор, член
4. д-р Неда Петроска-Ангеловска, редовен професор, член
5. д-р Владимир Петковски, доцент, член.

Членовите на Комисијата со посебно внимание ја прочитаа и ја проучија поднесената докторска дисертација и по усогласувањето на мислењата, до Научниот совет на Економскиот институт го доставуваат следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### 1. Општи согледувања

Докторската дисертација со наслов „Современи карактеристики и перспективи на светските девизни пазари, со посебен осврт на девизниот пазар во Република Македонија", поднесена од кандидатката м-р Симка Јаневска, обработува комплексна проблематика од

областа на меѓународните финансии. Истражувањето е насочено кон главните крактеристики и перспективи на светските девизни пазари, со тоа што посебен осврт се прави за девизниот пазар во Република Македонија.

Во силно глобализираната ера, во која подемот на меѓународната трговија и капиталните текови се главни крактеристики, средствата за размена/националните валути и другите средства искажани во странски средства за плаќање/девизи, стануваат се поважни. Тие, како такви, особено по падот на Бретонвудскиот девизен систем, се определуваат на девизните пазари. Затоа, девизните пазари стануваат се позначајни сегменти од финансискиот пазар, но со свои специфики и карактеристики кои не се однесуваат на другите сегменти-пазарот на пари и пазарот на капитал. Иако нивната интеракција е неминовност, односно состојбите на трите сегменти се испреплетени и заемно зависни, сепак, девизниот пазар и со сета своја слобода на делување е под низа непазарни влијанија, односно директно влијание на сите влади. И тоа најмногу во развиените земји, заради тоа што светските валути-валутите на најразвиените економии во светот, како што се доларот, еврото, јуанот, фунтата и слично, далеку од тоа дека се формираат слободно на пазарите, под директно влијание на понудата и побарувачката за нив, туку напротив, сите други политики, особено економски, се во функција на нивниот девизен курс во зависност од тоа што сакаат властите да постигнат со тоа. И обично, заради трговска предност, девизниот курс е таргетиран на пониско рамниште, како што е примерот на Кина или обратно, заради други цели, на повисоко рамниште, како што е случајот на САД и некои други земји.

Оттука произлегува дека 21 век е ера на валутни војни, кои имаат големо влијание врз позиционирањето на националните економии во глобалниот свет. Не се бираат средства и методи кај светските економии да доминираат во светот, во кои клучното оружје се валутите. Така, силните национални валутни политики ги модифицираат националните и светските девизни пазари и се, меѓу другите фактори, причина и за последната светска финансиска криза и потенцијален ризик во секој момент да се отворат нови жаришта. Впрочем, и во последните дебати на светските институции задолжени за надгледување на светскиот економски систем-ММФ, Светската банка, Светската трговска организација и др., се изразува загриженост од движењето на девизните курсеви и се апелира кон членките на овие организации да се воздржуваат од конкурентни девалвации и дека нема да ги насочуваат нивните девизни курсеви во конкурентни цели. Ова произлегува од стравувањето дека ескалацијата на глобалниот напон во трговијата може да влијае на

растот, да ги потресе светските пазари и да доведе до предупредувања за зголемени ризици од страна на финансиските лидери.

Затоа, актуелноста на темата е се поголема и позначајна. Девизните пазари се далеку најголемиот и најликвиден пазар во светот, заради тоа тој е предмет на многубројни истражувања и анализи. Освен неговата големина и динамика, тој има низа специфики, кои како такви претставуваат непресушен извор на интерес за уште многу дополнителни анализи и истражувања. Всушност, токму затоа во овој труд целта е детектирање на современите карактеристики и перспективи на светските девизни пазари.

Во тој контекст, актуелноста е дотолку позначајна и се издига како императив во современите економски констелации, особено сега, кога тоа претставува едно од најтешките прашања за решавање во земјите во развој, па и Република Македонија. Целта е да се симплифицираат најновите теоретски и практични заклучоци, да спуштат во наш амбиент, со цел да се унапреди македонскиот девизен пазар, како најважен сегмент за македонското стопанство и население, секако имајќи ги предвид нашите аспирации кон Европската економска и монетарна унија.

**2. Содржина на дисертацијата**

Докторската дисертација со наслов „Современи карактеристики и перспективи на светските девизни пазари, со посебен осврт на девизниот пазар во Република Македонија", поднесена од кандидатката м-р Симка Јаневска, се состои од вкупно 270 страници компјутерски обработен текст. Основниот текст структурно е поделен на: вовед, четири дела, заклучок и користена литература. Користената литература е наведена на 17 страници и содржи над 200 релевантни библиографски единици, периодични списанија и интернет-страници.

Во воведот како интегрален дел од трудот е образложена актуелноста на проблемот и потребата од негова научна елаборација, вклучувајќи ги тука предметот на истражување, хипотезите на кои е поставен трудот и целите и задачите кои се исполнети.

**Првиот дел** насловен **ПОИМОВНО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ДЕВИЗНИОТ ПАЗАР И ОДНОСОТ СО ДРУГИТЕ ВИДОВИ ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ** е даден опсежен теоретски опус за девизните пазари и нивниот сооднос со другите финансиски пазари, како составен дел од единствениот финансиски пазар. Притоа, опусот започнува со поимно определување на девизниот пазар, неговите функции и карактеристики. Потоа се продолжува со темелна разработка на различните видови девизни пазари, различните

видови инструменти и учесници на девизните пазари. Понатаму, во овој дел се дефинираат видовите на операции на девизниот пазар, и на крај, се прави корелација на девизниот пазар со останатите сегменти на финансискиот пазар, односно со пазарот на пари и пазарот на капитал.

Во **вториот дел** насловен **РАЗВОЈОТ НА МЕЃУНАРОДНИОТ МОНЕТАРЕН СИСТЕМ И СВЕТСКИТЕ ДЕВИЗНИ ПАЗАРИ,** прикажан е историскиот развој на меѓународниот монетарен систем и светските девизни пазари. Приказот започнува со опширна разработка на развојот на меѓународниот монетарен систем, од постоењето на системот на златна валута, преку Бретонвудскиот систем, се до неговото реформирање. Понатаму, се продолжува со приказ на улогата на Меѓународниот монетарен фонд, неговите цели и задачи, неговите политики и завршува со посебен критички осврт кон денешното фукционирање на ММФ и неговото справување со последната светска финансиска криза, од каде што ќе се согледаат потребите за негово реформирање. Во овој дел е направен опсежен приказ и на регионалните монетарни соработки, со посебен осврт кон Европската монетрна унија и нејзините последни случувања и проблеми поврзани со кризата во Грција и кризата на еврото. Крајот на овој дел завршува со опсежна анализа на трендовите на светските девизни пазари: американскиот, европскиот и азискиот, од чија анализа, всушност, се согледуваат вистинските трендови и карактеристики на современите девизни пазари, но и перспективи.

Во **третиот дел, ДЕВИЗНИОТ ПАЗАР ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,** аналогно на претходните анализи е направена исцрпна анализа на функционирањето на девизниот пазар во Република Македонија, од воспоставувањето до денес. На почетокот се дава образложение за потребата за изградба на девизен пазар во Република Македонија, веднаш по воспоставувањето на независноста. Потоа се прави историски осврт на неговиот развој, систематизиран во неколку фази и режимите за формирањето на девизниот курс на денарот. Во овој дел, опсежно се анализираат актуелните карактеристики на македонскиот девизен пазар (организација и функционирање, движења, влијанието на тековните и капиталните трансакции и проблемите и недостатоците). Делот завршува со компаративна анализа на девизните пазари и режимот на девизни курсеви во земјите кои порано потпаѓаа во групата земји во транзиција, а денес се земји членки или кандидати за членство во ЕУ и/или еврозоната.

По направената анализа на девизниот пазар во Република Македонија и согледувањето на неговите недостатоци и проблеми, во **четвртиот дел,** насловен **ПЕРСПЕКТИВИ ЗА РАЗВОЈ НА ДЕВИЗНИОТ ПАЗАР ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,** се анализираат перспективите за развој на македонскиот девизен пазар. Овој дел започнува прво со анализа на посткризната стабилизација на финансиските пазари, па продолжува со одвоени анализи за развојот на другите пазари - функционирањето на останатите делови на финансискиот пазар, пазарот на пари и пазарот на капитал, се анализираат нивната организациона поставеност, карактеристики, учесници, функции, нивните проблеми и недостатоци и се прават проценки за нивните перспективи во иднина. Понатаму, во четвртиот дел се анализирани останатите клучни фактори кои влијаат на развојот на девизниот пазар во Република Македонија, како што се: воведувањето на еврото и влијанието од приклучувањето на Република Македонија кон светските економски интеграции. Во овој дел, исто така, се анализира монетарната политика при изборот на режимот на девизниот курс, како и монетарната политика и постепената конвергенција кон стандардите на Европската Унија.

На крајот, во заклучокот се презентирани клучните резултати и заклучоци од теоретските и емпириските истражувања на докторската дисертација. Имено, базирајќи се на претходните светски искуства и анализирајќи ја денешната структура на девизниот пазар во различни делови на светот, развиени и неразвиени, на исток и запад, во Европа и соседството, имајќи ги предвид светските и регионалните економски констелации, нашето вкупно историско минато, актуелност и перспективи, се даваат конкретни предлози и решенија за подобрување и усовршување на девизниот пазар во Република Македонија.

### 3. Оцена и предлог

Членовите на Комисијата внимателно ја проучија поднесената докторска дисертација на кандидатката м-р Симка Јаневска под наслов „Современи карактеристики и перспективи на светските девизни пазари, со посебен осврт на девизниот пазар во Република Македонија“ и сметаат дека таа претставува содржаен труд од областа на меѓународните финансии. Трудот содржи теориска основа и методолошка рамка кои обезбедуваат релевантна основа за соодветно третирање на поставените прашања.

Комисијата цени дека преку оваа дисертација, кандидатката м-р Симка Јаневска одговорила на поставените цели, со тоа што дава одговор на круцијалното прашање:

- Ако брзите и турболентни движења на светските девизни пазари, нивниот раст и промоција на нови инструменти се нивните главни карактеристики во ера на огромна глобализација, особено на финансиите, значи ли тоа дека овие одлики се сретнуваат на девизниот пазар во Република Македонија, ако не, дали тие се одговорот на прашањето како тој да се унапреди за да биде акцелератор на македонската економија?

Во истражувањето, кандидатката м-р Симка Јаневска користи обемна домашна и странска литература. Дополнително, таа има солидно практично познавање и добро владее со методологијата на научноистражувачката работа, како во конципирањето на појдовната теориско-методолошка рамка, така и во формулирањето на добиените резултати од истражувањето. Резултатите од истражувањето во дисертацијата можат да најдат непосредна примена во македонската практика, а воедно отвораат можност за понатамошни истражувања.

Имајќи ги предвид претходно изнесените ставови, Комисијата констатира дека кандидатката м-р Симка Јаневска, во својот труд, успеала да одговори на предизвиците што ги поставила при дефинирањето на предметот на истражување. Тезите што ги поставува успешно ги развива со поткрепени и аргументирани ставови и заклучоци. Комисијата цени дека докторската дисертација „Современи карактеристики и перспективи на светските девизни пазари со посебен осврт на девизниот пазар во Република Македонија“ по својот пристап, начинот на изработка и добиените резултати ги задоволува формалните и суштинските услови кои се потребни за една докторска дисертација од аспект на содржина, обем и постигнато ниво на квалитет.

Имајќи го предвид изнесеното мислење и оцена на докторската дисертација, нејзината актуелност и научен пристап, Комисијата му предлага на Научниот совет на Економскиот институт во Скопје:

1. да го прифати извештајот со позитивна оценка за поднесената докторска дисертација „Современи карактеристики и перспективи на светските девизни пазари, со посебен осврт на девизниот пазар во Република Македонија”;
2. да формира Комисија за одбрана на докторската дисертација, а на кандидатката м-р Симка Јаневска да и се допушти јавна одбрана на докторскиот труд.

Комисија за оцена на докторската дисертација

________________________________________с.р.

/Д-р Снежана Костадиноска- Милошеска /

________________________________________с.р.

/Д-р Биљана Ангелева /

__________________________________________с.р.

/Д-р Климентина Попоска/

__________________________________________с.р.

/Д-р Неда Петроска-Ангеловска /

______________________________________с.р.

/Д-р Владимир Петковски/

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

## „РЕЦЕПЦИЈАТА НА АНТИЧКАТА ЛИТЕРАТУРА ВО МАКЕДОНСКАТА КУЛТУРНА СРЕДИНА“ ОД

## М-Р ДАРИН АНГЕЛОВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ИНСТИТУТОТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА ВО СКОПЈЕ

Советот на Институтот за македонска литература во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на својата 28. редовна седница одржана на 4.9.2018 година, формираше Комисија за оцена и за одбрана на докторската дисертација под наслов „Рецепцијата на античката литература во македонската културна средина“ на кандидатот м-р Дарин Ангеловски. Комисијата е во состав: проф. д-р Илија Велев (претседател), проф. д-р Јасмина Мојсиева-Гушева (ментор), проф. д-р Валентина Миронска-Христовска (член), проф. д-р Катерина Младеновска-Ристовска (член) и проф. д-р Ранко Младеноски (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени подготвената докторска дисертација и на Советот на Институтот за македонска литература во Скопје му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### 1. **Анализа на докторската дисертација**

Докторската дисертација под наслов „Рецепцијата на античката литература во македонската културна средина“, од кандидатот м-р Дарин Ангеловски содржи 365 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина на букви 12, со 965 фусноти, 575 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, архивски материјали, речници, слики и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во три дела: (1) античката литература во македонска културна средина од најстари времиња; (2) рецепција на античката литература во македонската културна средина од XIX век; (3) рецепција на античката литература во македонската културна средина од XX век; вовед; заклучни согледувања; библиографија на преводи на дела од античката литература во Македонија и користена литература. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот (стр.14-26), кандидатот дава  краток опис на предметот на истражувањето на студијата, дефинирајќи го најпрвин значењето на поимот рецепција во неговата најширока теориска смисла како форма преку која се проучуваат начините на кои античката литература е пренесувана, преведувана, ексцерпирана, интерпретирана, репрезентирана и продуцирана во современите културни системи.

При објаснувањето на поимот рецепција, тој накратко се осврнува на истражувањата на Ханс Роберт Јаус и Волфганг Изер за истоимениот проблем; ги објаснува термините „хоризонт на очекување“ на Георг Гадамер,  „енциклопедија на читателот“ на Умберто Еко; ги анализира гледиштата за рецепцијата на компаративистите Диониз Ѓуришин, Зоран Констатиновиќ и Пол Шави, посебно задржувајќи се на значењето на преводот во процесот на литературната рецепција искажано од чешкиот структуралист Јиржи Леви и неговите три основни фази (сфаќање, интерпретација и престилизација), како и на Марија Мог Гриневалд и нејзината теза за опфатот на поимот рецепција во неговите три форми (пасивна, репродуктивна и продуктивна).

Определувајќи го местото на преводот како посебна форма на посредство во меѓулитературната комуникација и како една од најважните компоненти во процесот на литературната рецепција, кандидатот објаснува зошто во трудот се ограничува на преводите на античката литература. Понатаму, тој дава краток преглед на досега објавените студии поврзани со темата, ја елаборира применетата методологијата и ги изнесува главните и посебните хипотези кои се однесуваат на истражувањето.

**Првиот дел** од докторската дисертација насловен „Античката литература во македонската културна средина од најстари времиња“ (стр. 27-140) се состои од седум глави и повеќе поглавја. Во првата глава се пристапува кон дефинирањето на поимот *античка литература* (во чиј состав влегуваат древната хеленска и римска литература), се посочуваат нејзините главни претставници и се определуваат временските рамки на ова творештво. Втората глава е посветена на феноменот на повеќејазичноста на античкиот свет со цел да се даде целосна претстава за мултиетничноста на носителите на античката литературна традиција. Во тој контекст, во четвртата глава се презентирани достапните податоци за животот и дејноста на македонските автори кои твореле во античкиот свет (поетот Посејдип од Пела, комедиографот Посејдип од Касандреја, историчарите Марсија од Пела, Антипатар, Аристобул и Марсија од Филипи, баснописецот Фајдар и прозниот автор Полиајн), но и авторите со друго потекло кои престојувале и ги создавале своите дела во македонската културна средина под покровителството на македонските кралеви како лирските поети Бахилид, Меланипид, Александар од Ајтолија и Алкај, трагедиографите Агатон и Еврипид, епските автори Хојрил од Самос, Хојрил од Јасос и Арат, историографите Евмен, Калистен и Нерх, како и философите Аристотел, Бион од Бористен и Тимон од Флиунт). Посебна глава е посветена на рецепцијата на хомерската поезија и нејзиното значење во  античкиот свет.

Во шестата глава сублимирано е презентирано присуството на античката литература во македонската културна средина од византискиот и средновековниот период според посредните (преку пројавен афинитет кон античката литература) и непосредните (преку собирање и толкување на антички дела) контакти што ги остварувале средновековните автори (Методиј Патарски/Олимписки, Василиј Велики, Григориј Нисиски, Јоан Дамаскин, Мануел Холобол, Дамаскин Студит) со античката литература во македонската културна средина, како и според податоците за присуството на античката литературна

традиција во македонската средновековна литература (во патристичките текстови, во средновековните книжевни антологии и зборници, во неканонските текстови, во прозните и реторичките текстови). На крај се дадени заклучните согледувања од целиот прв дел кои се однесуваат на присуството на античката литература во македонската културна средина од времето на антиката и средновековието сè до XVIII век.

Во **вториот дел** од дисертацијата кој е насловен „Рецепцијата на античката литература во македонската културна средина од XIX век“ (стр.141-193), истражувачкиот интерес на кандидатот е насочен кон расветлување на влијанието на античката литература врз културно-општествениот живот во просветителскиот период во Македонија, при што како предмет на истражување беа земени контактите што ги остварувале македонските преродбеници со античката литература (Димитрија Миладинов, Константин Миладинов, Рајко Жинзифов). Особено внимание во овој дел е посветено на преведувачките обиди на македонските просветители (Јордан Хаџи Константинов – Џинот, Григор Прличев) на планот на поширокото приопштување на делата од античката литературна традиција во нашата средина.

**Третиот дел** (стр.194-311) од дисертацијата е насловен на „Рецепцијата на античката литература во македонската културна средина од XX век“ и ја претставува анализата и интерпретацијата на резултатите од емпириското истражување за присутноста на античката литература во Македонија во XX век кое за прв пат систематски и сеопфатно е спроведено во нашата наука.

Првата глава од третиот дел се однесува на периодот од првата половина на XX век, при што е изложена и анализирана присутноста на античката литература на страниците на периодичните списанија („Месечен преглед“, „Јужни преглед“, „Јужна Србија“, „Луч“ и „Гласник скопског научног друштва“) кои излегувале во тој период и нејзиното присуство во лектирата на македонските писатели (Венцислав Парѓоски, Коста Солев Рацин, Антон Панов и Никола Вапцаров) кои твореле тогаш. Обработени се поглавја кои се однесуваат на прикази за објавени дела од античка литература, преводи на античка литература, античката литература во книжевнокомпаративистичките студии и филозофско-културолошки студии, при што е констатирано дека во тој период не може да се говори за преводна рецепција на античка литература на македонски народен јазик, но може да се говори за присуство на преводи од соседните словенски јазици (пред сè од српско-хрватскиот и бугарскиот). Поради познатиот општествено-политички контекст, позитивни промени во тој правец се случуваат дури во втората половина XX век по кодификацијата на македонскиот литературен јазик која се случува во тоа време и формирањето на функционални институции од областа на науката, културата и образованието чијашто цел е да се занимаваат со дадената проблематика.

Во втората глава од третиот дел, која се однесува на рецепцијата на античката литература од втората половина од XX век, дијахрониски и синхрониски е изложен и анализиран процесот на прифаќање на делата од античката литература на македонски јазик според истражувањето на преводот како еден сегмент од репродуктивниот вид на рецепцијата. Притоа, посебни поглавја се посветени на досега непроучувани теми кај нас какви што се необјавените преводи од античката литература кои се обработени врз база на архивски истражувања и на проследувањето на античката литература на македонски јазик преку преводи од други посредни јазици (најчесто соседните словенски јазици,

новогрчкиот и англискиот). Третата глава од третиот дел донесува преглед на остварената рецепција на дела од античката литература во нашата средина од оригинални изворници. Овие материјали се и жанровски средени и систематизирани во поглавјата: Античка епика (Хомер, Мусај, Хесиод, Вергилиј); Лирика (римска и хеленска); Античка драма (Ајсхил; Плаут, Теренциј, Софокле, Еврипид, Аристофан); Античко говорништво (Кикерон, Демостен, Исократ); Античка философија (Аристотел, Платон, Кикерон, Хераклит, Претсократовци); Античка историографија (Херодот, Куртиј Руф, Аријан, Јустин, Ливиј, Такит, Кајсар).

Во **заклучните согледувања** (стр. 312-322), кандидатот ги сумира резултатите од спроведеното истражување. При тоа, тој ги наведува ограничувањата на истражувањето, но дава и препораки за понатамошни истражувања кои би се надоврзале на ова. Исто така, тој се осврнува на теоретските импликации на неговото истражување, односно неговиот придонес во научната мисла, објаснувајќи дека со ова истражување документирано се потврдува присуството на античката литература во македонската културна средина од најстари времиња до 2000 година, што придонесува за развивање на македонската научна мисла на фонот на европската култура.

### 1.1. Предмет на истражување

Главниот предмет на истражување на трудот *Рецепцијата на античката литература во македонската културна средина* се состои од анализирање на процесот на прифаќање на делата од античката литературна традиција во македонската културна средина според преводите и книжевнокритичките интерпретации како посредна форма на рецепција која се согледува од периодот на просветителството, сè до крајот на XX век. При тоа, дефинирани се носечките термини *рецепција* и *античка литература* и во сублимирана дијахрониска низа е идентификувано и изложено нејзиното присуство во рамките на културниот систем на македонската средина од античкиот и средновековниот период.

### 1.2. Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Досегашното проучување на античката литература во македонската наука се темели на нејзиното класично-филолошко, книжевно-историско, теориско и критичко проучување за што постојат бројни трудови од еминентни класични филолози, македонисти и компаратисти. Исто така, постојат и проучувања посветени на процесите на нејзината рецепција во Македонија. Меѓутоа, овие истражувања се однесуваат на продуктивниот карактер на прифаќањето на делата од античката литература во нашата средина, додека на репродуктивниот тип (на оној што се остварува со посредство на преводите и критичките одгласи), како посебен и поинаков вид на рецепција од пасивниот и продуктивниот вид, не му е посветено соодветно внимание.

Токму недостигот на истражувања од ваков карактер, кои се однесуваат на систематско приопштување на континуираното присуство на античката литература во македонската културна средина со посебен акцент на репродуктивниот вид на рецепција, беше поттик да се пријави и изработи оваа докторска дисертација.

### 1.3. Краток опис на применетите методи

Од аспект на методолошкиот приод, м-р Дарин Ангеловски, при изработката на дисертацијата, прибирањето, систематизирањето, анализирањето и презентирањето на собраните податоци, аргументи и факти го извршил со употреба на логично оправдан, заокружен и научнофундиран пристап. При истражувањето и изготвувањето на докторската дисертација биле користени повеќе методи и постапки чијашто цел била насочена кон целосна и продлабочена анализа од која може да се извлечат научнооправдани заклучоци. Најпрвин е применета постапката на идентификација на литературните појави, процеси и дела од античката литература. Евидентираниот материјал што бил обезбеден со постапката на идентификација во понатамошното истражување бил подложен на аналитичко – синтетички метод, користен како при проследувањето на културните и книжевни процеси што се одвивале во македонската културна средина од античкиот и средновековниот период, така и при анализата на обемот, интензитетот и содржината на репродуктивната форма на рецепција на античката литература во македонската културна средина од XIX и XX век. Исто така е користен и дескриптивно-компаративниот метод кој овозможил целосен увид во предметот на истражувањето. При донесувањето на основани заклучоци во однос на континуираното присуство на античката литература во македонската средина и сумирање на карактеристиките на репродуктивниот вид на рецепција на оваа литература на македонска почва е применета и постапката на дедукција.

### 1.4. Краток опис на резултатите од истражувањето

Резултатите од извршеното истражување укажуваат дека антиката и средновековието се периоди во кои влијанието на античката култура (хеленска и римска) во македонската средина било најсилно изразено според угледувањата и присуството на цитати од дела на античките автори во творештвото на повеќе средновековни автори (Методиј Патарски/Олимписки, Василиј Велики, Григориј Нисиски, Јоан Дамаскин, Мануел Холобол, Дамаскин Студит). Додека, пак, според афинитетот што го појавиле средновековните автори кон античката литература можеме да говориме за посредно присуство на древната традиција во македонската културна средина во средновековниот период.

Според дескрипцијата што кандидатот ја дава во оваа дисертација се доаѓа до констатација за континуирана рецепција на античката литература во македонската културна средина од најстари времиња до денес, која се одвивала со поголем или помал интензитет во зависност од развојот на општествените околности. Интензитетот доживува стагнација во времето кога Македонија потпаѓа под турска власт, но повторно се интензивира во просветителскиот период, иако рецепцијата на античката литературна традиција во нашата средина од овој период според обемот и интензитетот се одвива

спорадично и инцидентно. Извршените архивски истражувања покажаа дека македонските преродбеници (Димитрија Миладинов, Константин Миладинов, Рајко Жинзифов) оствариле директен контакт со античката литература, угледувајќи се на нејзините вредности преку образовниот процес и нивната лектира, како и преку обидите за превод (Јордан Хаџи Константинов-Џинот, Григор Прличев).

Резултатите од истражувањето покажаа дека во првата половина на XX век не се евидентирани податоци кои дозволуваат да се говори за преводна рецепција на дела од античката литература на македонски народен јазик. Во овие услови, античката литература во нашата средина е присутна преку преводите на соседните словенски јазици, и како изворен материјал на кој се повикуваат истражувачите во своите трудови што се објавувале во периодичните списанија во Македонија од овој период („Месечен преглед“, „Јужни преглед“, „Јужна Србија“, „Луч“ и „Гласник скопског научног друштва“). Во текот на втората половина на XX век, евидентни се квантитативни и квалитативни промени на планот на рецепцијата на античката литература во македонската културна средина коишто се должат на промената на општествените и културните предуслови. Рецепцијата на античката литература во педесеттите години од минатиот век се одвива со преводи на класични дела од посредни словенски јазици, додека од шеесеттите години наваму културните вредности на античката литература се приопштуваа преку  преводи од оригинални изворници.

## 2. Оцена на дисертацијата

Докторската дисертација на кандидатот м-р Дарин Ангеловски, со наслов „Рецепцијата на античката литература во македонската културна средина“, претставува истражување во областа на културолошките студии. Изработката на темата на оваа докторска дисертација ја исполни својата цел да ги проучи процесите на прифаќање на делата од античката литература во современите книжевно – културни контексти.

Во десертацијата се презентирани, систематски проследени и добро проучени интертемпоралните, интерлингвистичките и интеркултурните аспекти на прифаќање на делата од античката литература, кои недвосмислено покажуваат дека рецепцијата на оваа литература претставува мошне важен процес кој помага за унапредување на македонскиот јазик и литература од лингвистички, уметнички и идеен аспект, затоа што го поттикнува развојот на литературните видови, придонесува за појавата на нови стилски фигури и изрази и ја збогатува македонската културна средина со нови идеи. Овој динамичен процес, освен што придонесува за прифаќањето на европското културно наследство во македонската културна средина, тој ја помага и интеграцијата на македонската национална заедница во културната мапа на европските народи.

Врз основа на сето погоре изнесено, Комисијата за оцена е на мислење дека приложената докторската дисертација на кандидатот м-р Дарин Ангеловски, со наслов „Рецепцијата на античката литература во македонската културна средина“, ги исполнува основните услови и стандарди за изработка на докторски труд.

## 3. Исполнетост на законските услови за одбрана на дисертацијата

Кандидатот, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавил следниве рецензирани истражувачки трудови:

1. „Комедијата *Богатство* од Аристофан на македонски јазик“.

*Систасис*, бр. 31. 2017.

2. „Интернет и литература (врз примерот на првиот македонски онлајн

книжевен конкурс *Електролит*“. *Критика и молк: читање на македонската литература и култура*, Зборник на трудови од меѓународна научна конференција (ур. С. Стојменска-Елзесер и др.). ИМЛ. Скопје. 2017. стр. 380-386.

3. „Објавите на Прличевите преводи од античката литература во

македонската културна средина од XX век“. *Спектар* бр. 69/2017, стр. 55-64.

4. „Критичките одгласи за Прличевите преведувачки акции на

Хомеровата *Илијада* во XIX век“. *Филолошки студии*. бр. 15/2017, стр. 15-35.

5. „Прозата на Антон Панов во необјавените збирки *Беда во колибата* и

*Мисли и размислувања*. *Спектар* бр. 67/2016, стр. 64-71.

## 4. Заклучок и предлог

Докторската дисертација на кандидатот м-р Дарин Ангеловски, со наслов „Рецепцијата на античката литература во македонската културна средина“, претставува оригинално научно дело од областа на културолошките студии, со јасно изразен прагматичен пристап.

Оваа дисертација со соодветна научна подлога нуди толкувања од една современа перспектива на културните рефлексии и литературните вредности и традиции што се одвивале во македонската културна средина од античкиот и средновековниот период како периоди во кои влијанието на античката култура во македонската средина е најсилно изразено, како и систематско проследување на репродуктивната форма на рецепција на античката литература во македонската културна средина од XIX и XX век, која се остварувала преку посебните форми на литературно посредство какви што се преводите и книжевно-критичките интерпретации.

Со спроведеното истражување документирано се потврдува присуството античката литература во македонската културна средина од најстари времиња до 2000 година, како и улогата која ја одиграла античката култура во македонската културна средина и придобивките кои произлегуваат од меѓусебна комуникација, што беше и основна цел на оваа умешно концепирана и добро реализирана докторска дисертација. Со нејзината изработка се пополни недостигот од ваков тип на истражувања во македонската компаративистика.

Затоа, со особено задоволство можеме да констатираме дека кандидатот изработил

значаен труд за македонската компаративистика кој во многу нешта досега е единствен како во теориска, така и во практична смисла. Трудот е солидно методолошки организиран, поткрепен е со соодветна литература, напишан е на јасен и разбирлив јазик, со прецизна употреба на стручниот вокабулар и избалансирано претставување и коментирање на резултатите,

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Советот на Институтот за македонска литература во Скопје да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот м-р Дарин Ангеловски со наслов „Рецепцијата на античката литература во македонската културна средина“.

КОМИСИЈА

Проф. д-р Илија Велев, претседател, с.р.

Проф. д-р Јасмина Мојсиева-Гушева, ментор, с.р.

Проф. д-р Валентина Миронска-Христовска, член, с.р.

Проф. д-р Катерина Младеновска-Ристовска, член, с.р.

Проф. д-р Ранко Младеноски, член, с.р.

# П Р Е Г Л Е Д

## НА ПРИФАТЕНА ТЕМА ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУД НА ИНСТИТУТОТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА ВО СКОПЈЕ

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Наслов на темата | Ментор | Одлука од Советот на Институтот за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Катерина Димитровска | Да Винчи и Микеланџело – генијот и ренесансата<br><br>Da Vinci and Michelangelo - the Genius and the Renaissance | проф. д-р Александар Прокопиев | Бр. 12-160/16 од 9.10.2018 година |